Митрополит Струмички Наум

# Надминување на дуализмот

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2014

Македонска Православна Црква
– Охридска Архиепископија
Струмичка Епархија

Беседите се пишувани 2013 – 2014 година
специјално за социјалната мрежа Facebook

**Издава:**
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса 2014

Книгата посебно ја посветувам
на мојот блаженоупокоен Старец Георгиј;
на новиот Старец на светата Григоријатска обител,
како и мој, Христофор;
на сите браќа и отци од манастирот Григоријат
и на сите монаси и монахињи, мои духовни чеда,
без оглед во кој манастир на
Македонската Православна Црква –
Охридска Архиепископија се наоѓаат
или се во манастирите на другите
помесни Православни Цркви.
Секако, книгата е посветена и
на секој што со љубов и
желба за духовен раст ќе ја чита.

# Предисловие

# Престолот на умот е во срцето

(Како еден обичен мирјанин-писател ги чита
славословијата на Бога од Митрополитот Струмички г. Наум)

*Нема друг начин освен, покрај тоа што нападот на оној што сака да нѐ повреди, ќе го доживееме како лично прашање од него до нас: „Ме љубиш ли?“ и како предизвик да ја посведочиме Христовата љубов во овој свет – за што сме и повикани; ние тој напад треба да го доживееме и како прашање: „Ме љубиш ли?“, поставено лично од Самиот Богочовек Христос до нас, преку (или во ликот на) оној што во тој момент сака да нѐ повреди.*

Митрополит Струмички г. Наум

Животот не е лесен. Затоа и треба да се живее: нема среќа во лесните победи. А кога ќе се живее, бидејќи е исполнет со страдања и бол (за да се заслужи Вечниот живот), треба да се прави само она што е тешко, а не она што е лесно и што секој ден можеме да го направиме. А да се направи она што е тешко е подвиг. Така, темелен збор за животот станува зборот – *подвиг*. Нема живот без подвиг, и за монасите и за мирјаните, а тоа значи, нема живот без бол и страдање. Затоа, престанете да кукате, и ведро, со Божја радост во срцето – напред – по патот на сопственото богоподопствување и подвигување, кој колку може и кој до каде ќе стигне!

Тоа, со години, накратко ни го кажуваат книгите на Митрополитот Струмички Наум. Тоа ни го кажува и оваа книга, за која пишувам, незаслужено (само писател сум), еден вид лепословие.

И се сеќавам.

Кога го пишував мојот роман „Папокот на светот“, си припомнувам, веќе немав никакви книжевни амбиции: ми беше, првпат дотогаш, сеедно дали некој ќе ја прочита таа книга или не. Јас пишував за себе, за свое удоволство. Пред тоа бев многу амбициозен и додека ги пишував „Фрески и гротески“ и „Азбука за непослушните“, се сеќавам добро – очекував книжевни признанија и слава, сакав да се допаднам, имав дури и замислени читатели чии пофалби сакам да ги освојам. Дел од тоа дојде: „Фрески и гротески“ го доби „Рациновото признание“, иако во книжевните кругови се крена прав – наводно, признанието било дадено на многу млад човек (имав 28 години). Но веќе вториот роман, „Азбука за непослушните“, за кој очекував да го преврти светот наопаку, помина речиси незабележано. Бев млад, суетен, горделив, гневен и не бев посветен тогаш на Бога како што сум денес. И си правев планови.

Денес ми изгледа смешно тоа мое „планирање“ на мојата среќа, без Бога. Смешно ми е, затоа што сега знам дека Бог можел и по „Фрески и гротески“ да ми даде слава, ама увидел дека многу сум се возгордеал и ме сочувал, иако мене тоа ми се чинело како ускратување на среќата. Ме сочувал да не пропаднам под товарот на славата. Еве, во книгава што ја држите в раце, на едно место, нејзиниот просветлен творец, Митрополитот Струмички г. Наум, со своето Божјо лепословие, вели, како да знаел што ми се случувало тогаш:

*Каде и да одиме и што и да правиме, сѐ додека сме на првиот степен од духовниот развој, многу ретко ќе се остваруваат нашите главни планови и замисли, зашто најчесто нема да бидат во согласност со Божјиот план и промисла за наше спасение. Тешко, пак, на оние чиј план ќе се оствари на неправеден начин, ако не се покајат. Дури на вториот степен од духовниот развој – 'просветлување на умот', нашите главни планови често ќе се совпаѓаат и со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го очекуваме. Затоа, на оној што Му благодари на Бог за сѐ, ќе му се даде и ќе му се преумножи; а на оној што не Му благодари, ќе му се земе и она што го има (види: Матеј 13, 12). Спротивно од благодарење е хулење на Бог, средина нема – не читаме во Евангелието дека ќе му се земе само половина од она што го има.*

Јас тогаш не знаев дека постојат три степени на духовен раст кај секој кој се свртел кон Бога, а посебно кај монасите[1], но знам дека и денес сум на првиот милиметар од првото стапало од првиот почеток на првиот степен (иако не сум монах, сепак посакувам да

---

[1] Чувствувам за неопходно овде да ги наведам, преку цитат од Митрополитот тие три степени, иако тоа тој постојано го прави во секоја своја книга. Еве го тој фрагмент: „Познато е дека светите Отци во својот духовен подвиг забележале три нивоа на духовниот развој, предавајќи ни ги нам, во Црквата, како свој духовен опит: *чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение*. Оваа поделба ја наоѓаме кај многумина од Отците, иако можат да се сретнат различни именувања. Овие три нивоа или степени на духовно растење кај свети Исак Сирин (7 век), на пример, ги пронаоѓаме именувани како: *покајание*, *чистота* и *совршенство*. Во теологијата на свети Максим Исповедник (7 век) овие три степени се претставени како: *практична философија*, *природно*
*(продолжува на следната страница)*

ми се достапни тие степени). „Сакате вашите главни планови да ви се остварат уште додека сте на првиот степен од духовниот раст? Тогаш влезете во целосрдечно послушание. Деца, знаеле ли ние или не, ни се допаѓа ли тоа или не, православниот духовен живот според светите Отци се одвива на три нивоа (или степени): *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение*. Ако сакаме духовно да растеме, неопходно е да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме. Освен овој, тесниов, друг пат нема", вели авторот на овој прекрасен бревијар на сериозни теолошки прашања искажани низ жива беседа, низ жива реч, во нему својствен, разговорен, поучителен, но наместа и полемичен стил.

Мојата „Азбука за непослушните" допираше сериозни прашања од теологијата, за кои тогаш воопшто не знаев, како што се прашањата за послушанието, за смерноста и за непосакувањето. Тој роман на интуитивен начин, без да сум знаел за тоа, ја конфронтираше најголемата доблест – послушанието, со една од најпогубните страсти – славољубието. Романот, повторно интуитивно и без никаква моја, макар и самонаобразба од теологијата, шпекулираше и со прашањето за теодицејата. Јас тогаш ги немав книгите на Митрополитот Наум в рака, ниту можев да прочитам, како што сега читам, во ова негово најново сочинение, дека има задоволителен одговор и на прашањето – зошто падови,

---

*созерцание* и *мистично богословие*. Свети Никита Ститат (11 век) пак вели дека постојат три степени во напредувањето кон совршенството: *почетна состојба на чистење*, *преодна состојба на просветлување* и *мистична состојба на совршенство*. Во православниот духовен живот, како што гледате, светите Отци не оставаат никаков простор за импровизација".

солзи и страдања ако Бог е добар? Еве го тоа прашање и тој одговор:

*Често слушаме дека Бог не допушта искушение кое ги надминува нашите сили. Дали е тоа баш така? Ако е така, тогаш зошто паѓаме? Дали затоа што изгледа дека го сакаме гревот повеќе од Бог, или нешто друго е во прашање? Се чувствува потребата и ова тврдење, што често го слушаме, правилно да се објасни.*

*Падот во искушение, на оние што мислат дека се наоѓаат на првиот степен од духовниот раст – 'очистување на срцето од страстите', кои инаку се трудат во подвигот, најчесто се случува од две заемно поврзани причини: прво, не се наоѓаат под духовно раководство, односно пробуваат да се самораководат во духовниот живот, или пак кријат нешто од духовниот отец; и второ, немаат духовен опит, односно пребиваат во незнаење. Накратко, паѓаат поради неправилен духовен подвиг.*

Затоа, во таа моја книга немаше вистински одговор на тоа прашање – теодицејата, односно одбраната на Бога од овие „обвинувања". Јас, сепак, сум чувствувал дека искушенијата се нужни, и затоа, веројатно сум направил лик на злобен духовник, кој не можел да биде за никого правилно духовно раководство. Многу теолошки прашања сум поставил таму (како и во многу мои дела), целосно интуитивно давајќи, горе-долу точни одговори. Се разбира, сум го поставил, во „Азбука за непослушните", повторно интуитивно, и на свој особен начин – прашањето за умно-срдечната молитва – онаа кога умот е слезен во срцето, а го одликува веќе вториот степен на духовниот раст кај богољубниот. Иако ги поставувал сите тие прашања, авторот на романот (јас)

не живеел во заедница со Бога: не се вселил Бог во срцето негово, иако можеби сакал, ама не му дал храна и питие на неговото самољубие и желба за книжевна слава. Така, ништо спектакуларно не се случи ни по тој роман. Тогаш, веќе целосно помирен со судбината, добив една книга мудрости – *Духовна ḡрадина* од отец Мелентиј Хиландарецот. Таа книга целосно ми го смени животот. Од таа книга потоа, како од јајце, излезе „Папокот на светот". Тој роман, како искрена Богопрослава, стана најдобра книга на Балканот, кога, повторувам – јас веќе не бев суетен роб окован во своите желби за слава, и тоа во миг кога вакви „тешки" книги воопшто не беа во книжевна мода! Тогаш изјавив, за една ТВ станица: успехот е како сенка. Додека трчаш по него, не доаѓа. Кога ќе му свртиш грб, доаѓа по тебе. Заборавив само во таа изјава да кажам дека таа игра со човекот и сенката е Божја работа и дека ја смислил само за да не се возгордееме дека сме целосни и совршени, дека можеме да си ја присвоиме и нашата сенка, нашата душа. Оти ништо на овој свет, на кој сме само привремени гости, не е наше: ни здивот ни дахот, ни душата. Најмалку Словото.

Се сеќавам: по читањето на *Духовна ḡрадина*, мене ноќе ме будеше некој немир. Некаков глас, иако не може да се каже дека беше глас; можеби попрво тоа беше *ḡласник*. И ми диктираше. Повторно условно, се разбира. Не сум јас на тој степен за да ми диктираат ангели. Но, оние кои беа сведоци на тоа, знаат дека јас само запишував: иако собирав материјал за тој роман две-три години, имав исписи, имав и скици, јас немаше да го напишам романот ако некој не ми го диктираше. Затоа и го запишав за само 12 дена! Јас не грешам кога

велам „го запишав“ – јас навистина само го запишав! Веројатно го напиша во мене тој внатрешен глас што го разбуди *Духовнаша градина*.

Се потврди старата христијанска поука: кој ќе се откаже, ќе му биде дадено! Кој ќе ја раздаде својата суета и славољубието, ќе стекне добар глас и Господ ќе му даде чест тогаш кога тој веќе нема да ја посакува. Оти има нешто болно во посакувањето – има една богохулна идеја дека сѐ на овој свет може да биде твое, а всушност – ништо не е твое. Сѐ е Господово: и моите дела се Негови. По „Папокот на светот“ јас добро знам: подобро е да не се живее одошто да се живее без Бога. Во периоди кога Го немам Бога, јас навистина *пишувам*. И можеби пишувам умни работи, ама не *запишувам*, како тогаш, како некој кому му беше даден Божји благодат!

Потоа, дојдоа и моите први контакти со духовници, меѓу кои моите средби со Митрополитот Струмички Наум, беа исклучителен настан за мене. Неговите книги ги проголтав во еден здив, и ги голтам и денес, со жед на боголубен човек, затоа што се напишани едноставно, а всушност ги зафаќаат најтемелните прашања на теологијата и филозофијата, такви за кои цели докторати и библиотеки со докторати се малку! Но, духот на Митрополитот Наум има една исключителна доблест – тој знае да го каже едноставно она што сите други, „учени“ теолози (иако и тој е учен – доктор на теолошки науки е)[2] ќе го закомпликуваат до бесвест! Многусловието е само раскошен стилски

---

[2] Митрополитот Струмички г. Наум докторираше 2008 година на Софискиот универзитет, со тема „Исихазмот во светогорското монаштво во дваесеттиот век“.

ракопис на суетата. Гола форма без содржина – без љубовта Христова.

И еве, повторно се враќам пред 14 години, кога го пишував „Папокот на светот", и кога презедов од *Духовна градина* една прекрасна парабола, која вели: има два вида светлина. Едната е месечевата, а другата е сончевата. Месечевата светлина е светлина на разумот: таа светлина осветлува во темнина, но ја нема топлината на сончевата светлина, која е светлина на умот/срцето, која освен што осветлува, уште и топли. И раѓа, затоа што овозможува зрната да никнат од земјата. Параболата е јасна: до Бога не се стига со разумот. Студена е таа светлина. До Бога се стигнува само со светлината на просветлениот ум: љубовта. Инаку, многу учени луѓе, филозофи, па дури и научници научно го покажувале постоењето на Бога. Но, едно е со разумни заклучоци да докажеш дека Бог постои (тоа го може секој доброобразован човек), а сосема друго е да Го *љубиш* Бога и да *дојдеш* до Него со срцето. Јас тоа, по преземањето на таа парабола од *Духовна градина* интуитивно сум го знаел, но сега *верувам* во тоа.

Еве што пишува Митрополитот Струмички Наум, во една од најубавите свои беседи во оваа книга-колекција, правејќи ја таа уникатна за Православието дистинкција меѓу разумот и умот:

*Рековме дека различна е храната на умот од храната на разумот. И различно е знаењето на умот од она на разумот. Храна на умот е опитот и заедницата со Бог (светотаинската и молитвената), додека, пак, храна на разумот е овоземното теоретско образование (од која било област на науката и културата, па дури и на теологијата, како и од разните вештини).*

*Знаењето на умот е познанието на Бог (како просветленост или обоженост), додека, пак, знаењето на разумот е опитноста во овоземните науки и вештини, како и во културата.* И понатаму, на друго место: *Едно е просветлен ум, а сосем друго начитан и интелектуален.*

Сега, откако ги имам прочитано книгите на Митрополитот Наум, и откако самиот се упатив преку некои читања на теолошки расправи, многу работи во моите дела ми изгледаат и како *сомнежи на еден неверник*. Но, не се срамам од тие места, и ги оставам во секое наредно издание на тие мои книги. Нека се види мојот пат и моите падови на него. Нека се види сѐ, затоа што и онака Он гледа сѐ.

Освен тоа, мене тајната на вистинската молитва (за која интуитивно знаев уште од „Азбуката" дека е вистинска само ако е изговорена со духовни, а не со крокодилски солзи – видливи за сите во храмот) ми се откри подоцна, и ми се открива сѐ уште, и ќе ми се открива допрва. Немам подобри зборови за да покажам колку според начинот на којшто се молиме добиваме знаци за нашата положба во духовниот раст, отколку оние што Митрополитот ги цитира во својата книга:

*Практиката на умствената молитва е да се присилуваш себеси да ја кажуваш молитвата гласно и непрекинато. На почетокот настојувај брзо, за да не стигне умот да состави помисла која што расејува. Сосредоточи се само на зборовите 'Господи Исусе Христе, помилуј ме'. По извесно време се свикнува и умот, така што сам ја кажува молитвата. Ќе се насладуваш како да имаш мед во својата уста. И секогаш постојано да ја изговараш молитвата* [степен

на очиступање]. *Кога умот ќе се навикне, кога ќе се насити и кога ќе ја научи, тогаш ја испраќа во срцето, бидејќи умот е хранител на душата, и сѐ добро или лошо што ќе види или ќе слушне го внесува во срцето – каде што се наоѓа центарот на духовните и на телесните сили на човекот, каде што е престолот на умот. Значи, оној што се моли го зауздува својот ум да не фантазира ништо, туку да внимава само на молитвените зборови; лесно дишејќи со присилба на својата волја, го симнува во срцето и го држи внатре (како осуден во затвор) и ја кажува молитвата во ритам: 'Господи Исусе Христе, помилуј ме'* [степен на просветлување]. *Ова се случува сѐ додека благодатта не го осени и не почне да дејствува внатре во душата. Потоа следува созерцанието* [степен на обожение][3].

Многу, многу радост и светлина во мојот живот внесе секое занимавање со теолошките прашања. Затоа, како сказник и писател, јас за секое мое дело, покрај тоа што собирав граѓа (историја, биографии, социологија, културологија – за да можам да го сместам дејството во некое минато време и да го реконструирам духот на времето), читав редовно и теолошки расправи. Научив многу за човековите страсти, за кои пишувале и филозофи („За страстите на душата“ на Декарт, таткото на рационализмот стои кај мене на истата полица со теолошките книги!), но ми се чини дека теолозите кажале многу посуштествени нешта за нив, одошто филозофите. Понекогаш ми се чини и дека самата книжевност не е ништо друго туку анатомија на страстите,

---

[3] Старец Јосиф, „Исихастички сведоштва“, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 31-32.

историја на болестите кои доаѓаат од страстите. Затоа, неколкупати имам изјавено дека денес романот е неможен без теологија и психијатрија. И затоа, претпочитам секогаш кога пишувам, да се послужам со тие драгоцени теолошки сознанија за страстите, како што се овде, во книгата на Митрополитот Наум сублимирано изнесени, речиси „скенирани“ до нивната сушност:

*Во душата делуваат и три главни вида страсти: славољубието, среброљубието и сластољубието. Ставајќи ја во процес на исцеление и преобразување, преку послушание, страста на словесната сила на умот — славољубието (гордоста), најлесно ќе ги ставиме во процес на исцеление и преобразување и другите две страсти. Што не значи дека нема истовремено да се бориме и против сите одеднаш. Можеби не го забележуваме делувањето на гордоста (славољубието) во нашиот ум — поради прелеста, но сигурно го забележуваме делувањето на страста на блудот и телесните задоволства, како и тагата, незадоволството и зависта, кои произлегуваат од незадоволената страст на среброљубието. Ако и тоа не го гледаме, сигурно ќе забележиме — ако се присетиме малку, дека никому што страда не сме му помогнале нешто значајно (за нас), парично (од свој џеб и без никаков интерес). За разлика од помагањето на ситно, со кое само си ја залажуваме заспаната совест. Тоа е сигурен знак за самољубие — главната страст од која произлегуваат трите вида страсти. За утешно слово кон страдалните, и да не зборувам.*

Така, врз основа на својот личен опит и опитот на мудрите Старци, православните Отци, пишува авторот на овие исклучително јасни, а повеќеслојни беседи!

Нив може да ги чита и да ги разбере и обичен мирјанин, дури и со просечно образование, но можат да ги читаат и високософистицирани умови – специјалисти од различни подрачја на разумното познание. Како и да е, ми се чини пресудно што оваа книга апелира да не се водиме сами по патот на нашето богоподопствување, затоа што тоа не е можно: слепиот не може да се подели на две – на оној кој гледа и оној кој не гледа, па онаа половина што гледа да ја поведе кон спасение онаа што не гледа. И ми текнува дека и ликот на мојот мал симпатичен бунтовник од „Азбука за непослушните", раскажувачот-сказник, се повлекува во самоводство, поради злобната душа на својот учител, која е „нива зарасната со троскот". Но, бргу станува свесен дека му е потребен вистински учител, и него го пронаоѓа, сосема случајно во Убавиот (што на крајот од романот завршува на крст, па е јасно Кој е). Штета што тогаш сум ја немал оваа книга во рацете, за да се послужам со малку појасна теолошка позиција на мојот мал бунтовник и непослушник. Да се разбереме – тој мој лик е непослушен кон ѓаволот кој облекол света риза (отец Ефтимиј, со душа зарасната во троскот), а не кон Бога, и целиот роман ја носи таа порака – послушанието кон Учителот е непослух кон ѓаволот, иако некои атеисти пробаа да ја интерпретираат книгата како непослух кон Бога, па во неа видоа *современ апокриф*! Како и да е, мојот лик на сказник (оти живее во мене) по многу години, кај Митрополитот Наум може да прочита нешто што го насетувал, и да се осоколи дека бил во право:

*Оттука секој сам лесно може да си одговори на следните прашања: со непросветлен ум, треба да бидеме духовни водачи или да бидеме духовно водени?*

*Треба ли духовно да се самораководиме или преку послушание да го ставиме умот во процес на исцеление? Треба ли толку лесно да си дозволиме да судиме и осудуваме или поарно да се запрашаме дали правилно сме виделе, сфатиле и постапиле? Треба ли сладострасно да озборуваме и клеветиме или молитвено да премолчиме? (...) Или, ако сакате нешто поконкретно, треба ли да губиме драгоцено време правејќи се паметни и интересни по социјалните мрежи (најново искушение за сите нас кои бегаме од очајанието) или само во благословено време да научиме нешто душеполезно на нив? Итн., итн. Секој сам нека си го избере патот.*

Намерно го оставив во цитираниот фрагмент оној дел во кој се споменуваат социјалните мрежи. Се гледа тука отвореноста на Митрополитот Наум и неговиот полемичен дух кон сѐ што е ново, актуелно, реално, што ја сочинува нашата стварност, а пред кое не треба нарцисоидно, од позиција на образован теолог да се одврати погледот. Митрополитот Наум отсекогаш имал живи расправи, покрај за класичните теолошки прашања, и за она што денес ни се случува. Таквата, „отворена“ теологија е реткост во денешниов православен свет. Обично, во теолошките расправи се претресуваат по којзнае кој пат општите места на Богопознанието. Кај Митрополитот тоа не е случај. Тој расправал и за фејсбук, и за социјални мрежи, учествувал во нив, но горе може да се види неговиот поучителен став по однос на тие нови изуми. Најмногу ме бендисува што тој не ги осудува (иако нема разбирање за) оние кои денонoќно само мудруваат преку социјалните мрежи. Тој, на крајот, сепак допушта слобода на избор, па вели:

„Секој сам нека си го избере патот“. Нема никаква принуда, ни трага од тоа да се согласиме со неговите ставови! Тоа е веројатно така, затоа што на едно друго место, неговиот глас вели: „Патот го изодуваме секогаш сами, колку сопатници и да имаме“. И веројатно затоа што на трето место, имајќи ги предвид оние „сезнајковци“ по социјалните мрежи кои знаат сè, од спорт, преку економија, политика до филозофија и вредносни системи, тој алудира на нивната расеаност на умот, па вели: „Значи, целодневната расеаност на умот е доволен показател дека тој е горд и затемнет, дека е паднат“. Се разбира, Митрополитот не мисли на надворешниот, туку на внатрешниот пад на личноста, оти: „(...) едно е пад внатрешен, а друго е пад надворешен. Откако внатрешниот пад ќе се случи, прашање е само на време кога ќе се случи и надворешниот, ако не се покаеме“.

И затоа, како жестока духовна шлаканица доаѓаат отрезнувачките зборови за сите оние кои судат (кој е искрен, ќе признае дека најмалку еднаш во денот, а во зависност од професијата и по десетици пати – суди за пороците на другите): „Отворив по празниците да ѕирнам што се случувало на Фејсбук и што да видам... Да, секој суди според себе. За блудниот, сиот свет блудничи. За крадецот, сиот свет краде. За слугата Божји, сиот свет на Творецот Му угодува. *„За чистите, сè е чисто“* (Тит 1, 15). А како да го наречеме оној кој целиот свет околу себе го гледа во расkол?“

И затоа, бидејќи се преплет на цитати и личен опит, словата на овој златоуст беседник изгледаат силни, енергетски исполнети со доброљубие и човекољубие. Затоа и искрено делуваат и оние негови екскурси, кога, на пример, пишува за себе и за тоа зошто

тој пишува, како и за тоа каков е неговиот став кон она што го напишал:

*Не ги промовирав моите книги. И пишаното слово во сила не е секогаш со ист интензитет на сила. Интензитетот на сила зависи од начинот на нашиот живот. Моето покајание е најдобра промоција на она што сум го напишал. Ја исполнувам ли волјата Божја – моето слово е во сила. Не ли ја исполнувам, истото тоа слово ја губи својата сила. Се покајам ли, силата е повторно присутна.*

Но, најважно е дека оваа книга што ја држите в рака, има и една практична, лечебна димензија. Ако животот е страдање и бол, тогаш оваа книга нуди низа практични духовни „рецепти“ како да си го пронајдете вистинскиот пат. Притоа, таа е базирана на проверените опити на светогорските Старци и Отци. Една од најважните тајни за избегнување на страдањата, болката, депресијата и униниeто е – восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој, кој пак треба да го препознаеме според тоа како молитвата „одекнува“ во нашата душа, и дали се молиме со устата и разумот, или со умот, чиј престол е во срцето. Од молитвата зависи и покајанието, без кое нема *вистина* за себе. Еве ги тие клучни места: „Без да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, не ќе можеме да постигнеме и восогласеност на нашите мисли, зборови и дела. Покрај нашиот напор и подвиг, сепак, восогласеноста е дело и на Божјата благодат. Кога со начинот на нашиот живот се приклонуваме кон прелеста, ја отфрламе и благодатта и восогласеноста. На пример: некој се наоѓа на степен на очистување на

срцето од страстите и наместо со светлинката што му е дадена да си ги гледа своите страсти и гревови и во молитвен молк и послушание да ги исцелува, тој почнува сечиј грев да го бара и гледа – освен својот, и неразумно и јавно да го коментира“. И на друго место: „Ако нашиот Господ, Богочовекот Исус Христос, нè повикува на покајание; ако точното значење на тој збор, според светите Отци, е преумување; ако умот од горд, расеан и затемнет треба, со помош на Божјата благодат, да го преобразиме во смирен, собран молитвено во срцето и просветлен; ако исцелението на умот се случува само на тој начин што неговата енергија се соединува со неговата суштина во срцето, тогаш најсовршеното и најкреативното пројавување на нашето покајание во Црквата е умно-срдечната молитва“.

Сепак, за мене лично, едно од најсилните места на оваа книга е расправата која се надоврзува на истоимената книга на Ерих Фром, „Да се биде или да се има“. Тоа беше култна книга во студентските денови за сите нас кои го презиравме материјалното, а го баравме духовното (тогаш скриено во ретките книги како „Малиот принц“ или „Галебот Џонатан Ливингстон“ на Ричард Бах, како и во хипи-движењето на кејот на Вардар, кое му пркосеше на едно тогаш исклучително материјалистички настроено општество). Сега, по толку години од барањето на таа духовност, читам како на тоа барање на подлабокото духовно гледа опитен духовник, и како и тоа наше барање на духовното (како и барањето на материјалното) не зависело само од нас и од општеството, туку пред сè и над сè од Бога. Еве што е суптилизацијата на Фром кај Митрополитот Наум: најпрвин, насловот гласи „Да се биде **и** да се

има“, а не „Да се биде или да се има“. Со самото тоа, и „бидувањето“ (на кое ние му дававме предимство пред имањето) не е баш бенигна работа, оти често невидливо граничи со частољубиетото и нарцизмот, односно – славољубието и среброљубието, па излегува дека ние тогаш, како млади, неправедно сме му давале предност на бидувањето пред имањето, бидејќи многу често и бидувањето се прави од материјалистички побуди. Но, да не словам нешто што е изглаголено со златни слова од Митрополитот:

*Зошто страдаме, во зло? Најчесто од две главни причини: прво, или мислиме за себеси дека сме нешто многу повеќе отколку што реално претставуваме и значиме за другите, а тие не нè прославуваат и почитуваат согласно нашата идеја за самите себе; и второ, или пак посакуваме за себеси повеќе материјални блага и телесни задоволства или мислиме дека повеќе сме заслужиле, од она што реално го имаме. Накратко, страдаме поради разликата што се појавува меѓу нашите острастени желби и реалноста.*

*Ако нешто не* ***сме*** *или ако нешто* ***немаме****, така е затоа што, најверојатно, не сме способни да* ***сме*** *и не сме способни да* ***имаме****, а без притоа да не отпаднеме од Бог. А Бог тоа го знае. Знам дека повеќето ќе ме прашаат: зошто тогаш некои* ***се*** *и зошто* ***имаат****, а очигледно немаат ништо со Бог, а зошто, пак, некои* ***не се*** *и зошто* ***немаат****, а по сè изгледа дека тоа не би било пречка за нивниот однос со Бог? Кој сака да ризикува да полуди, нека размислува зошто е тоа така, а кој сака еден ден да сфати (колку ќе му биде дадено) зошто е тоа така, односно кој сака да* ***биде*** *и да* ***има****, нека се смири пред Божјата Промисла за*

*нашето спасение, спасението на целиот Адам.*

Покрај овие убави теолошки суптилизации на мислителот, филозофот и *психијатарот* Фром, видливо е (и од претходните книги на Митрополитот, а посебно по издавањето на книгата *Униние и депресија* во библиотеката „Воведение“, Велјуса)[4], дека најновата опсесивна тема на авторот е врската меѓу теологијата и психијатријата, односно психологијата. Така, една беседа ни тврди дека: „Светите Отци дефинираат два начина на живот: *противприроден* и *природен*. Противприродниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од душевното постоење. Согласно модерната психологија (барем до пред некое време така беа поделени), тоа се: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија) и ниво на психози. Природниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* (со аскетска умно-срдечна молитва) и *обожение* или *боговподобување* (со благодатна или непрестајна умно-срдечна молитва). Оној што е на ниво на очистување може да му помогне на оној што го вознемируваат неврози. Оној што е на ниво на просветлување, покрај на невротичните лица, може да им помогне и на социопатите. А оној што е на ниво на боговподобување може да им помогне, односно да ги исцели, покрај првите два вида, и психотичните лица“.

Нема сомнение да не веруваме на ова, ние, кои иако сме читале многу од психијатријата (од Фројд, Адлер, Фром, Јунг, Лакан...) и сме го нахраниле раз-

---

[4] Види: Д-р Дмитриј А. Авдеев, „Униние и депресија: Сличности, разлики, лекување“, Велјуса, 2009.

умот, сепак немаме личен опит со тоа. Зошто априори да не веруваме во исцелителната моќ на *верата* врз психолошките нарушувања, кога главниот поим на денешната психотерапија е токму – *верата*? Врв на таа вера е плацебо ефектот на таблетите, за кои пациентот е убеден дека „му делуваат". Така, ако му кажете дека тоа е таблета за расположение, а му дадете обичен ЦЕ-витамин, многу често доаѓа до подобрување, затоа што пациентот *верува* во моќта на волшебните таблети! Исто така, на многу фрески (кои некогаш биле „реализам", а денес, во време во кое никој не верува во чуда ни изгледаат како имагинација и фантазми) се насликани и сцени на кои светци им помагаат на луѓе со ментални нарушувања, а такви места има и во Светото Писмо. Како да се заврши овој пасус, ако не во стил на Митрополитот – *пробајте, ќе видите*. Ако е вистинито, ќе биде – од Бога. Ако е лага, ќе биде – од човека. А кога сме кај лагата, еве уште еден лепослов, со златен ракопис испишан во книгава што ја држите в раце, а треба во умот да ја заклучите:

*Лагата е најголемо сведоштво за отсуство на благодатта Божја. Затоа, лагата е причина за сите наши несреќи. Лагата е и знак за безизлезност и безнадежност. Лагата е безверие. Лагата е бессилност. За разлика од лагата, вистината и благодатта Божја се неразделни. Благодатта е причина за сите наши победи. (...) Вистината и благодатта ќе останат, а лагата ќе биде поразена.*

*Зошто луѓето лажат? Ако не се психички болни, лажат за да го скријат својот погрешен начин на живот и својот неуспех. Високата позиција во светот, без внатрешно духовно покритие, е само по себе*

*состојба на лага. Лагата е додворување и компромис со овој свет. Лагата е самооправдување. Правилниот начин на живот нема потреба од многу зборување и покажување, тој е сам по себе нем сведок на вистината. Вистината не се плаши од овој свет, ниту од неговата лага. Вистината е слобода и слободно се изразува, во свое време. Вистината е незаирлива. Вистината не се менува, вечно е иста.*

Многупати ме прашувале, во интервјуа, зошто себеси не се сметам за постмодернист, кога моите дела, според формата многу личат на истакнати постмодернисти, од рангот на Умберто Еко или Милорад Павиќ. Секогаш сум одговарал – затоа што во содржината на моите дела Го има Бога. Формата можеби е постмодернистичка (интертекстуалност, цитатност и слично), меѓутоа кај мене „Вистината не се менува, вечно е иста", како што вели Митрополитот, во последната реченица од горниот пасус. Одамна, уште од прадедото на постмодернистите, Ниче[5], познато е дека постмодерната и религиозноста не одат заедно. Постмодернистите и теоретичарите на постмодерната (на пример, Ричард Рорти и Хана Арент) тврдат дека вистината не постои, туку дека се произведува. Така, за постмодернистите, за разлика од теистите, можно е во исто време, два исказа кои се противречни да бидат вистинити. На пример, во исто време и „Ауди" и „Рено" да бидат најдобар автомобил на светот. Тоа значи дека нема „вечни вистини" и дека вистината е само конструкт. Жак Дерида, богот на постмодернистите и деконструктивистите, со својата филозофија не може да оди

---

[5] Види: Dejv Robinson, „Niče i postmodernizam", Esotheria, 2002.

рака под рака со Светото Писмо, затоа што тврди дека не постои трансцендентално означено, извор на сите извори, едно „пред“ пред секоја егзистенција. Тоа значи – нема Бог. И затоа, моите дела не можат да бидат постмодернистички: кај мене има Бог. Дека не сум постмодернист, меѓу другото, осознавам и под влијание на теолошките прашања расправени на еден јасен начин, како што тоа го прави Митрополитот Наум. Јас се разбира, сум го читал Дерида, и сите постмодернисти, и им ги предавам и ќе им ги предавам на моите студенти, затоа што сум професор по книжевност. И должен сум да им објаснам зошто постмодернизмот не е омилен кај теистите, кои го доживуваат како атеизам. Што ќе изберат, да се послужам со зборовите на Митрополитот – е нивно. „Секој сам нека си го избере патот!“

И, да завршам во тој љубовно[6]-христијански, слободен и ослободувачки манир на Митрополитот Струмички г. Наум, кога зборува за маските, во една своја беседа, вели: „Маски секако носиме. Прашањето е: преку маска до личност или преку маска до безличност?“ И откако ќе ви сугерира одговор на ова речиси реторичко

---

[6] Должен сум овде едно појаснување за зборот „љубов“. Го користам овде во онаа смисла во која го дефинираше во една своја претходна книга Митрополитот Струмички г. Наум: „Љубовта е секогаш слободна, а слободата е секогаш љубовна. Одземете ѝ ја слободата на љубовта и одземете ѝ ја љубовноста на слободата и од нив нема да остане ништо. Затоа, деца, љубете и не барајте да ви возвратат со љубов. Бидете слободни и љубовни. Барањето да ви возвратат со љубов веќе ја ограничува вашата љубов, и таа паѓа. Барањето да ви возвратат со љубов не е љубов, и вие не сте слободни, туку сте робови на своето самољубие. Љубовта што не бара е слободна љубов, таа е неограничена и не зависи од ништо. Љубовта што не бара е вечна, таа нема крај, таа никогаш не завршува. Тоа е божествена љубов“.

прашање, ќе поентира двосмислено: „Не бидете сигурни дека правилно сте го сфатиле текстот, и тој е маска – не знам сè чија“.

⁂

Во мојата драма „Генетика на кучињата“, во устата на ликот Игњат Глембај, кој постојано слуша како членовите на неговото семејство се самообвинуваат и судат, со етикетите: „блудник“, „лудак“, „лицемер“, „дволичник“, „скржавец“, на едно место сум ставил ваква реплика: „Некаде имам прочитано дека душата е стакло низ кое ги гледаш другите души. И, ако на твојата душа има дамки и нечистотија, многу лесно може да се случи да ги обвиниш другите дека се нечисти“. Јас знам дека Игњат на ова место говори како да ја прочитал оваа книга на Митрополитот Струмички г. Наум. И знам дека оној кој со оваа книга ќе се дружи, ќе биде поштеден од таа опасност, оти ќе научи прво себеси да си суди. Ќе научи и да се моли. Ќе научи и да се ослободи од страстите. Ќе стане личност, затоа што ќе го открие престолот на умот во своето срце. Тогаш и љубовта ќе биде негова. Оваа книга за многумина (прво за мене самиот) ќе биде – нова *Духовна ӣрадина*.

А во духовна градина, како и во Храмот, се влегува со желба за убавина, со љубов и со безмерно трпение.

проф. д-р Венко Андоновски

# Надминување на дуализмот

# Наместо вовед

Првата благодат на првиот степен од духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*, ни го прави православниот духовен подвиг чудесно лесен и ни покажува колку е благ Господ. Сеќавањето на првата благодат нè крепи и ни дава надеж во времето кога таа е сокриена од нас. На крајот на првиот степен од духовниот раст доаѓа благодатта која нè укрепува при заминувањето во манастир. Првата благодат на вториот степен од духовниот раст – *просветлување на умот*, ни го отвора срцето за аскетската умно-срдечна молитва и повторно ни го прави почетниот подвиг во неа многу лесен.

Единствената почва на која што Богочовекот Исус Христос го сее Своето семе, односно Своето слово, е човековото срце. Денес, како и низ вековите, Он го сее преку оние луѓе што вистински Го сведочат. А тие, пак, го сеат Христовото слово преку своето изговорено или пишано слово – слово што молитвено и благодатно извира од нивното очистено срце и кое затоа може да допре до длабочината на срцето на ближниот, во сила. Ви говорам за вообичаениот начин на сеење на Божјото слово. Постои и невообичаен, за кој Он си знае... и тие кај коишто е посеано.

❊

Богочовекот Исус Христос силно и верно нѐ љуби. Оттука ја црпиме нашата сила во Црквата. За нас, христијаните, неоправдано е безличното *не можам* наместо личното *сакам*, како одговор на Неговата љубов. А кога ние верно и силно Му возвраќаме на Господ со љубов, тоа нѐ прави храбри, нѐ прави маченици, преподобни и јуродиви – истовремено.

❊

Кој е клучниот подвиг во православниот духовен живот? Во моментот кога нѐ повредуваат, да се потрудиме да ги восогласиме нашите чувства, мисли, зборови и дела со Христовите. Тоа е подвиг на аскетска љубов, односно подвиг на барање на Божјата правда, а отфрлање на човечката. И тоа е единствен начин на согледување на сопствената вина, затоа што е очигледно дека не сме слични на Христос, во даденото искушение. Неразумното или неосвестено воспоставување на нашата правда, што во суштина е враќање зло за зло, е отфрлање на Божјата правда (види: Рим. 10, 1–4).

Има ли подолу од ова? Има, кога некои отворено и свесно Му се спротивставуваат на Богочовекот Исус Христос – но тоа е повеќе одлика на демоноопседнатите. А има ли подолу и од ова? Секогаш има подолу, кога – иако сведоци на Неговата власт и сила, а заради задоволување на сопствените страсти – некои луѓе Го молат Христос (како Гадаринците) или посакуваат да си замине од нив – од нивниот живот (види: Лука 8, 37). Дали ова не е одрекување од Христос, без надворешна принуда?

Има и рамнодушност. Тоа сме ние: ниту поради некој посебен грев или страст свесно се одрекуваме од Христос, ниту пак со некој молитвен подвиг свесно Го привлекуваме Светиот Дух Господ да ни содејствува. Ова што е?

⁂

Каде и да одиме и што и да правиме, сè додека сме на првиот степен од духовниот развој, многу ретко ќе се остваруваат нашите главни планови и замисли, зашто најчесто нема да бидат во согласност со Божјиот план и промисла за наше спасение. Тешко, пак, на оние чиј план ќе се оствари на неправеден начин, ако не се покајат. Дури на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, нашите главни планови често ќе се совпаѓаат и со Божјите планови, иако не секогаш во она време што ние го очекуваме. Затоа, на оној што Му благодари на Бог за сè, ќе му се даде и ќе му се преумножи; а на оној што не Му благодари, ќе му се земе и она што го има (види: Матеј 13, 12). Спротивно од благодарење е хулење на Бог, средина нема – не читаме во Евангелието дека ќе му се земе само половина од она што го има.

⁂

Сакате вашите главни планови да ви се остварат уште додека сте на првиот степен од духовниот раст? Тогаш влезете во целосрдечно послушание. Деца, знаеле ли ние или не, ни се допаѓа ли тоа или не, православниот духовен живот според светите Отци се

одвива на три нивоа (или степени): *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение*. Ако сакаме духовно да растеме, неопходно е да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме. Освен овој, тесниов, друг пат нема. Тој не е тесен затоа што не може да ги собере сите. Тој е тесен, зашто одејќи по него прво се распнуваме, па умираме, па дури потоа воскреснуваме. Лажни се патоказите и патиштата што водат само кон воскресение. Порано или подоцна, тие завршуваат во очај. Не сте чуле за маркетинг и прелест?

❊

Ако само облекувањето на монашката облека е веќе умирање за овој свет, тогаш што ли е дарот на Големиот ангелски образ со дарот на умно-срдечната молитва (макар и аскетска), ако не предвкус или дури и воскресение од мртвите пред сеопштото Воскресение?

❊

Целта на секоја Света Тајна е причестувањето со Телото и Крвта на Богочовекот Христос. Така, ако новокрстениот не се причести, тој не ја остварил својата цел – не станал потполн член на Црквата, на Телото Христово. Ако нововенчаните не се причестат, и тие не ја оствариле својата цел – немаат брачна заедница во Христос, во Неговото Тело итн., итн.

Така и замонашувањето, како една своевидна Света Тајна, ако не е проследено со внатрешно при-

честување со Богочовекот Христос – со дарот на Умно-срдечната молитва, и тоа не ја остварило својата цел, не ја сведочи тајната на идниот век, тајната на Царството Небесно, овде и сега.

## Монашки синаксис

*„Нема пророк без чест, освен во земјата негова и во домот негов.“*

*„Пророкот никаде не останува без почест, освен во својата земја, меѓу роднините и во својот дом.“*

*„Ниеден пророк не е мил во земјата своја.“*

*Сам Исус беше посведочил дека пророкот во своето родно место нема чест*[1].

Како треба да се толкуваат овие извадоци во новозаветен контекст? Ајде, овој пат, пробајте вие самите, а јас ќе ви помогнам со неколку битни информации:

*„Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето; но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот – затоа светот и ве мрази“* (Јован 15, 19).

Не е од светот оној што доволно го има очистено своето срце од страстите. Него демонот не може да го нападне однатре, па затоа го напаѓа преку луѓето во чии срца има пристап.

Пророк е оној што барем го поминал патот на очистување на срцето од страстите до просветлување на умот.

---

[1] Види: Матеј 13, 57; Марко 6, 4; Лука 4, 24; Јован 4, 44.

Вообичаено, Бог го испраќа пророкот меѓу изгубените овци на Израилевиот дом (види: Матеј 10, 6 и Матеј 15, 24). Некогаш во Старозаветната Црква, а денес во Новозаветната Црква, при Новиот Израил.

Сега вам, при обидот на толкување во новозаветен контекст, ви останува да одговорите барем на овие прашања:

Кои се, значи, домот или земјата каде што пророкот не е признат?

Кои се луѓето што не го признаваат пророкот и зошто?

Што ги карактеризира овие луѓе, и како се нашле во таков однос кон пророкот?

Дали пророкот може да го подели светот – на оние што се за него и на оние што се против него?

Дали пророкот би бил признат во друга земја и во друг дом?

Каде вие лично го лоцирате денес пророкот: во својот епископ, во парохискиот свештеник, во својот духовен отец, во некој духовен отец што живее на некоја поголема географска оддалеченост од вас или во некој духовен отец што живеел некогаш, а сега е прогласен за светител итн.?

Кое е полето на кое пророкот делува?

Што ги карактеризира луѓето што го почитуваат пророкот? Итн., итн.

Домашните ќе ги читаме следниот синаксис.

## За оние што уште не знаат и за оние што не би се осмелиле да порекнат

Познато е дека светите Отци во својот духовен подвиг забележале три нивоа на духовниот развој, предавајќи ни ги нам, во Црквата, како свој духовен опит: *чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение*. Оваа поделба ја наоѓаме кај многумина од Отците, иако можат да се сретнат различни именувања. Овие три нивоа или степени на духовно растење кај свети Исак Сирин (7 век), на пример, ги пронаоѓаме именувани како: *покајание*, *чистота* и *совршенство*. Во теологијата на свети Максим Исповедник (7 век), овие три степени се претставени како *практична философија*, *природно созерцание* и *мистично богословие*. Свети Никита Ститат (11 век) пак вели дека постојат три степени во напредувањето кон совршенството: *почетна состојба на чистење*, *преодна состојба на просветлување* и *мистична состојба на совршенство*. Во православниот духовен живот, како што гледате, светите Отци не оставаат никаков простор за импровизација.

Старецот Јосиф Исихаст (20 век) ни дава малку поопширно објаснување на овие три степени или нивоа на духовниот развој: „Духовната состојба се дели на три степени и соодветно на тоа дејствува и благодатта кај човекот. Првата состојба се нарекува *очиступање*, која што го очистува човекот. Неа ти сега ја имаш, а благодатта се нарекува очистителна. Таа го води човекот

кон покајание. Секоја усрдност, желба за духовен живот се должи на таа благодат. Нема ништо твое! Таа таинствено содејствува. Оваа благодат, кога се подвизуваш, останува со тебе неколку години. А ако човекот напредува преку умствената молитва, добива друга благодат, многу поразлична. Првата, како што рековме, се нарекува чувство – енергија, и таа е очистителна, бидејќи оној што се моли чувствува божествено движење – енергија [сила за подвиг], внатре во себе. А втората се нарекува просветлувачка. Со неа се добива светлина на познанието, човекот се воздигнува кон созерцание на Бог. Не светла, не фантазии, не слики, туку бистрина на умот, чистота на помислите, длабочина на значењата. За да се појави оваа состојба [на просветлување], оној што се моли треба да има тишина, мир и непрелестен патеводител. И третата состојба [на обожение] е осенување од благодатта. Благодатта што восовршува е голем дар. Нема сега да ти го објаснувам ова…“[1]

Покрај поделбата на степените на духовниот развој, кај свети Григориј Палама (14 век) го наоѓаме и она што ни го премолчи светиот Старец: „Оној што ја прекинал секоја врска на својата душа со земното, кој од сè се ослободил преку запазувањето на заповедите и кој се здобил со бестрасност [чистота] на тој начин, и кој се возвишил над секое познајно дејствување преку непрестајна, чиста и невештествена молитва, оној што во несфатливо соединување е преизобилно просветлен со непристапната светлина – само тој, станувајќи светлина и преку светлината обожувајќи се, гледајќи ја

[1] Старец Јосиф, „Исихастички сведоштва“, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 36-37.

светлината во созерцание и вкусувајќи ја таа светлина, вистински ја спознава Божјата натприродност и надумност и повеќе не Го прославува Бог само со мисловната сила на својот ум (односно на човечки начин)..., бидејќи тоа натприродно соединување е единствениот начин на кој умот, во божественото последување на наднебесните умови, се соединува со она што е оддандестрано на умнодостижното“[2].

[2] Jean Meyendorf, Grégoire Palamas, „Défense des saints hésychastes“, Triade II, 3, 57; Louvain, 1959, стр. 507; 509.

## Како да го одредиме степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме

Во православниот духовен живот, како што веќе знаете, нема никаков простор за импровизација. Сѐ што не е во согласност со светото Предание е прелест.

*Чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение* се трите нивоа на духовниот развој кои светите Отци ги забележале во својот аскетско-исихастички подвиг и ни ги оставиле како живо Предание во Црквата. Аскетско-исихастичкото Предание е живо затоа што сѐ уште постојат духовни отци кои го пренесуваат на своите ученици; и Преданието е живо, уште повеќе, затоа што постојат ученици кои го примаат и го живеат преку својот духовен подвиг, по благодатта на Светиот Дух Господ. Преданието постои само ако има некој што го живее и го пренесува, заедно со некој што го прима и го живее.

Предуслов за правилен и непрелестен духовен живот е препознавањето на степенот на духовен развој на кој се наоѓаме и восогласувањето на нашиот живот и подвиг со истиот. Прашањето е како да го препознаеме степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме? Најлесно преку молитвата: на првиот степен, кој се нарекува *очистување*, молитвата е само усна и умствена, односно оној што се моли може да ја изговара со устата и може да ја следи со својот ум. На вториот степен, кој се нарекува *просветлување*, умот веќе се наоѓа внатре во срцето и таму ја следи молитвата што се изговара со внатрешното слово. Разликата меѓу вториот и третиот

степен е во тоа што на вториот степен монахот со напорот на својата волја го држи умот собран во срцето, а на третиот тоа го прави самата Божја енергија или благодат, која непрестајно го задржува умот молитвено во срцето.

Еве што вели светиот Старец Јосиф, возобновителот на светогорското монаштво од дваесеттиот век: „Практиката на умствената молитва е да се присилуваш себеси да ја кажуваш молитвата гласно и непрекинато. На почетокот настојувај брзо за да не стигне умот да состави помисла што расејува. Сосредоточи се само на зборовите 'Господи Исусе Христе, помилуј ме'. По извесно време се свикнува и умот, така што сам ја кажува молитвата. Ќе се насладуваш како да имаш мед во својата уста. И секогаш постојано да ја изговараш молитвата [степен на очистување]. Кога умот ќе се навикне, кога ќе се насити и кога ќе ја научи, тогаш ја испраќа во срцето, бидејќи умот е хранител на душата, и сѐ добро или лошо што ќе види или ќе слушне го внесува во срцето – каде што се наоѓа центарот на духовните и на телесните сили на човекот, каде што е престолот на умот. Значи, оној што се моли го зауздува својот ум да не фантазира ништо, туку да внимава само на молитвените зборови; лесно дишејќи, со присилба на својата волја, го симнува во срцето и го држи внатре (како осуден во затвор) и ја кажува молитвата во ритам: 'Господи Исусе Христе, помилуј ме' [степен на просветлување]. Ова се случува сѐ додека благодатта не го осени и не почне да дејствува внатре во душата. Потоа следува созерцанието“ [степен на обожение][1].

---

[1] Старец Јосиф, „Исихастички сведоштва“, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 31-32.

Сето ова ви го кажав не за да го препознаваме степенот на духовниот раст на другите – особено не на нашиот духовен отец, туку за самите себе, и да се покаеме пред нашиот Господ.

# Духовни водачи или духовно водени

Откако научивме за степените на духовниот развој и откако преку видот на молитвата со која се молиме (усна и умствена) видовме дека се наоѓаме на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, сега е ред да се научиме како да го восогласиме начинот на нашиот живот со овој степен.

Прво, малку да се потсетиме: карактеристична состојба на првиот степен е отсуството на умно-срдечната молитва во нашиот духовен подвиг поради значајната заробеност на срцето од страстите, како и непросветленоста на умот. Просветленост на умот се добива дури откако благодатта на Крштението ќе се појави од доволно очистеното срце (од страстите и од демонското влијание), заедно со дарот на умно-срдечната молитва. Тоа се случува на вториот степен.

Оттука секој сам лесно може да си одговори на следните прашања: со непросветлен ум, треба да бидеме духовни водачи или да бидеме духовно водени? Треба ли духовно да се самораководиме или преку послушание да го ставиме умот во процес на исцеление? Треба ли толку лесно да си дозволиме да судиме и осудуваме или поарно да се запрашаме дали правилно сме виделе, сфатиле и постапиле? Треба ли сладострасно да озборуваме и клеветиме или молитвено да премолчиме? Треба ли да сме живи или мртви и туѓинци

за овој свет? Треба ли да се бориме за власт и земна слава или да ја бараме и очекуваме небесната слава – потврдена од Господ во срцето наше, бивајќи притоа слуги на сите? Или, ако сакате нешто поконкретно, треба ли да губиме драгоцено време правејќи се паметни и интересни по социјалните мрежи (најново искушение за сите нас што бегаме од очајанието) или само во благословено време да научиме нешто душеполезно на нив? Итн., итн. Секој сам нека си го избере патот.

Едно е јасно: невосогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме е непремостлива препрека за понатамошниот духовен развој и главен услов за нашиот духовен пад. Што мислите, зошто со години само трупаме интелектуално знаење и некакво животно искуство во Црквата, а не сме се ни помрднале од првиот степен на духовниот развој? Инаку, едно е пад внатрешен, а друго е пад надворешен. Откако внатрешниот пад ќе се случи, прашање е само на време кога ќе се случи и надворешниот, ако не се покаеме.

Богочовекот Исус Христос, нашиот Господ, вели: *„Барајте го најнапред Царството на Бог и Неговата правда и сè друго ќе ви се придаде“* (Матеј 6, 33). Во она *сè друго ќе ви се придаде* не спаѓа само духовното туку и материјалното, по Негова промисла а за наше спасение. И не вели Господ *најдете го најнапред*, туку *барајте го најнапред*. Едно е да се најде, а друго е да се бара. Многу, многу малку очекува Он од нас, како што гледате, а многу, многу дава. Кога само малку би ни се открила оваа димензија на Божјата љубов кон нас, покајните солзи сами би потекле од нашите очи.

Затоа, ако ни се чини дека во животот многу малку или ништо не сме добиле од Него, подобро е да си ги провериме приоритетите отколку неблагодарни да хулиме. Он сигурно не е виновен. Иако и тоа, заради нас, смирено прифаќа да биде.

# Слепи при очи

Ако сакаме да говориме за нешто што нема врска со нас, тогаш зборуваме само за преображението Господово, и само тоа го „славиме“. Ако сакаме преображението Господово да има суштинска врска со нас, тогаш треба да зборуваме за преображението на светите Апостоли, и тоа заедно да го славиме. Ама вистински, постојано преобразувајќи се, од очистување во просветлување и од просветлување во боговподобување. Оти ништо не Му се додаде на Оној што имаше сè од самото воплотување, туку на оние (затоа и нам) што ништо немаа, а кои одеднаш ги видоа со своите преобразени очи Богочовекот Христос – Каков што Е, Мојсеј и Илија – какви што се, како и гората Тавор и сè околу нив – какво што е, во несоздадената божествена Светлина. Затоа, Господи, добро ни е тука…

Во една своја беседа напишав: „Петар доби дар на преображение, тој ја гледа со телесни очи несоздадената Светлина, но и после тоа се одрекува од Христос. Одговорот е поврзан, меѓу другото, и со духовната состојба на Апостолите пред и после светата Педесетница“[1].

Разликата меѓу апостолот Петар и нас, денес, е во тоа што тој несоздадената Светлина на Преображението ја гледа, надворешно, со своите телесни очи, иако преобразени, додека ние, денес, светотаински

[1] Митрополит Струмички Наум, „Школа за исихазам – основна“, Библиотека Воведение, Велјуса, 2011, стр. 221.

соединети со Богочовекот Христос, во Црквата, после светата Педесетница можеме да ја видиме несоздадената Светлина внатре и во нашите очистени срца.

Господ е единствениот совршен лекар на нашите души и тела. Он единствен знае низ што сè ние треба да поминеме за да успее да го издлаби Својот лик внатре во нас. Он единствен знае како да изгради спасителна личносна заедница со нас, заради нас. Нема поголемо, или поинтересно, или поисполнето постоење, или поголема радост од тоа да Му го препуштиме и предадеме нашиот живот Нему, на Неговата света волја. Ако сме христијани, во ова треба да веруваме. Ако сме Христови, ова треба да го знаеме[2].

[2] Види: Митрополит Струмички Наум, „Плодоносна девственост“, Библиотека Воведение, Велјуса, 2012, стр. 96.

## Христијанската душа треба да биде како Богородица

Како што Богородица престојуваше во Светињата на светињите, во Ерусалимскиот храм, пред Христовото воплотување, така нашата душа со послушност кон Бог треба да престојува во чиста молитва, пред да го добие дарот на откровение на местото на срцето. Девствената молитва е услов за пројавување на божествената благодат во срцето и за добивање на дарот на умно-срдечната молитва. Тоа е Рождество во душата. Потоа следи наше служење на Христос во светот и при крај сострадување со Него. Но она што следи, следи само после првото, не и без него. Крајот е Успение или, подобро, Воскресение од мртвите пред сеопштото воскресение. Иако последново може да не е јасно, но првото, мислам, дека е и повеќе од јасно.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# И никако поинаку...

*„И шӣо и да ӣосакаӣе од Оӣецоӣ во Мое име, ќе ви ӣо наӣравам, за да се ӣрослави Оӣецоӣ во Синоӣ.“*
(Јован 14, 13)

Богочовекот Исус Христос воспоставува, за нас, духовно правило да бараме од некого нешто душеполезно во име на некој што неизмерно му значи. Нема ли Он Самиот прв да го почитува? Затоа, што и да посакаме од Него во име на Неговата Мајка, ќе ни исполни, за да се прослави и Мајката во Синот. И така секој Божји дар преку Неа го добиваме. Што мислите, како Григориј Палама станал свет отец на Црквата? Кому тој постојано му се молел: „Просветли ја мојата темнина?“ Убава можност имаме деновиве да ја преиспитаме точноста на Нејзината позиција во нашиот духовен живот. Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè. И никако поинаку…

# Опустениот пат

Видов голем интерес за текстот „Христијанската душа треба да биде како Богородица“ – што е добро, додека, пак, интересот за текстот „И никако поинаку...“ не беше толку голем – што е малку чудно, зашто „секој Божји дар преку Неа го добиваме“. Значи, повеќе ве привлекува напишаното од областа на *мистичното богословие* отколку нешто од областа на *природното созерцание*[1]. Интересно. Вие си знаете.

Добро, тогаш да видиме колку ќе ве привлече нешто и од областа на *практичната философија*. Штом веќе го знаеме правилото: „да бараме од Бог нешто душеполезно во име на некој што неизмерно Му значи“[2], тогаш зошто да не бараме од Бог во име на нашиот духовен отец? Посебно кога знаеме дека неговото големо значење во нашиот духовен живот Самиот Тој го утврдил: *„Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној што Ме пратил“* (Лука 10, 16).

Може, самиот духовен отец, не како чин што носи туку како грешен човек, и да нема достоинство (внатрешно духовно покритие), духовно дело и, во таа смисла, некое значење пред Бог, но нашето целосрдечно послушание, особено кога се наоѓаме на првиот

---

[1] Види: стр. 35.
[2] Види: стр. 47.

степен од духовниот развој, бидете сигурни дека има. Гледам дека овој Пат, денес, сѐ повеќе и повеќе се напушта. Дали дека бара малку подвиг и малку само-одрекување?

## А друг пат – нема

*„Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој се от-кажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној што Ме пратил."*
(Лука 10, 16)

Гледате, деца, според Христовите зборови, спротивно на послушанието е одрекувањето (откажувањето) од Бог. Нема тука некаква неопределена, неутрална и безодговорна средина – или слушаме или се одрекуваме. Ако не го восогласиме нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме, односно ако не го ставиме умот во процес на исцеление преку послушанието кон својот духовен отец (што е соодветно за првиот степен од духовниот раст), ние се одрекуваме од Бог. Секако, ова одрекување не е толку освестено, но последиците се исти – нема да ни се открие местото на срцето и патот во него што води кон Царството Небесно, ниту ќе ја видиме Божјата преобразителна Светлина во овој живот. Сега, со оглед на отсуството на претходно наведените Божји дарови од нашиот живот, секој искрено нека се преиспита себеси: не само дали чекори по овој пат туку дали воопшто некогаш и зачекорил? А друг – нема.

Да не Го обвинуваме потоа Бог за последиците од нашиот слободен избор. Ние најпрво отпаднавме од Него со својот грев, а *„Бог ја докажа љубовта Своја кон нас со тоа што Христос умре за нас, и тоа уште додека бевме грешни"* (Рим. 5, 8). И денес умира, преку Своите светии.

## Нема послушание на вториот степен

Пред да навлеземе во објаснувањето на некои детали од подвигот на послушанието, би сакал само сите да се потсетиме дека тоа е подвиг својствен, во тој облик, исклучиво за првиот степен од духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*. Со други зборови, нема подвиг на послушание на вториот степен од духовниот раст – *просветлување на умот*. Просто, ја нема причината за таквиот вид подвиг – непросветленоста. Додека на првиот степен се соочуваме со горд, расеан и затемнет ум, на вториот степен веќе имаме, во мера одредена од Бог, смирен, собран молитвено во срцето и просветлен ум, како и друг квалитет на однос со духовниот отец. Срамно е за нас, како Христови воини, духовно да не растеме и да сме постојано во „некаков“ подвиг на послушание. Тоа би значело дека духовно заостануваме. Ако се најде некој да тврди дека треба вечно да бидеме во послушание некому, да знаете дека тоа е показател за неопитен и лажен учител. Друга тема е послушанието кон Епископот на Црквата.

## Тој просто си тера...

Едно е просветлен ум, а сосем друго начитан и интелектуален ум. Просветленоста е дар Божји на Богојавление на благодатта на Крштението во претходно очистеното, со личен подвиг, срце човеково и на Богооткровение на таму молитвено симнатиот и преобразуван од таа благодат човеков ум. Различен е патот до двете спротивставени состојби на умот и различни се нивните плодови. Просветлен ум може да има само оној што преку послушанието кон својот духовен отец го става својот ум во процес на исцеление. Овој процес и подвиг завршуваат со добивањето на дарот на умно-срдечната молитва. Интелектуално развиен ум може да имаат многумина што ќе се потрудат во таа насока, иако во тоа никогаш нема да го достигнат таткото на секоја лага, клевета и раздор – ѓаволот. Плодови на првиот се единството на внатрешните сили на човекот (ум, волја и желби), контролата над недопреобразените страсти, како и градењето на единството на Црквата – согласно местото што го има. Плодови на вториот се разединувањето на внатрешните сили, губењето контрола над главната страст – славољубието, како и учество во рушењето на единството на Црквата – согласно местото што го има. Од едноставна причина што интелектуалниот ум, и покрај најдобрите намери, нема внатрешен критериум за разликување (расудување) на демонските помисли, а демонот кај номиналните христијани (христијани само по име, а не и по суштински дела) никогаш не настапува отворено со зла мисла. На

таквиот нема да му се намали светлината, ниту ќе му се затвори срцето за умно-срдечната молитва ако само и грешно помисли, а камоли и да работи. Тој просто си тера…

# Да внимаваме,
# да не станеме и богоборци

*Но во Синедрионот стана тогаш еден фарисеј, по име Гамалиил, учител по Законот, почитуван од целиот народ, и заповеда за кратко време да ги изведат апостолите надвор, а ним им рече: „Луѓе Израилци, помислете си добро што ќе правите со овие луѓе! Зашто, пред извесно време се беше јавил Тевда, кој зборуваше за себеси дека е тој нешто, и се присоединија кон него околу четиристотини души; тој беше убиен, и сите што му поверуваа, се разотидоа и исчезнаа. По него, во време на пребројувањето, се јави Јуда Галилеецот и повлече по себе доста народ; но и тој загина и сите што го последуваа, се растурија. И сега ви велам – оставете ги овие луѓе на мир, не гибајте ги; зашто ако е таа замисла или тоа дело од луѓе, ќе се разруши; а ако е, пак, од Бог, вие не можете да го разрушите; внимавајте да не станете борци против Бог!“ Тие го послушаа; и откако ги повикаа апостолите, ги биеја, и им заповедаа да не зборуваат за името Исусово, па ги пуштија. А тие излегоа од Синедрионот радосни, зашто се беа удостоиле да поднесат навреди за името на Господ Исус. И секој ден во храмот и по куќите не престануваа да поучуваат и да го проповедаат Евангелието за Исус Христос.*

(Дела 5, 34–42)

Гледате, деца, што вели мудриот учител на Законот Божји, Гамалиил? Вели: *„И сега ви велам – оставете ги овие луѓе на мир, не гибајте ги; зашто ако е таа замисла или тоа дело од луѓе, ќе се разруши; а ако е, пак, од Бог, вие не можете да го разрушите; внимавајте да не станете борци против Бог!“* Да, едно е да сме грешни, а сосем друго и богоборци.

Две, за мене исклучително важни, поуки можеме да извлечеме од овој извадок од Делата апостолски.

Прва поука: кога расправаме за некого дали е духовен учител или лаже народ, најважно за нас е дали неговото учење е согласно светите Отци на Црквата или не. Ако неговото учење е согласно учењето на Отците, па дури и ако малку „дели“ од нас, тогаш не може да има од него никаква штета: *Одговори Јован и рече: „Наставниче, видовме еден човек, кој во Твое име изгонува бесови, па му забранивме, бидејќи не оди со нас“. Исус му рече: „Не забранувајте! Оти, кој не е против вас, тој е со вас“* (Лука 9, 49–50). Ако неговото учење е во спротивност со учењето на Отците, а не се покајува, тогаш ќе му се спротивставиме, ако треба ќе го исклучиме и од Црковната заедница, согласно предвидениот ред. Ова е правилен однос и разговор со аргументи. Инаку, знаете и сами како завршуваат непотребните, а и душевноштетни расправии – со лични дисквалификации, од повредена суета и завист. Другото не е во наш домен: *„Ако е таа замисла или тоа дело од луѓе, ќе се разруши; а ако е, пак, од Бог, вие не можете да го разрушите; внимавајте да не станете борци против Бог!“* Ако некој сака да се вмеша и во Божјиот суд, нека повели…

Втора поука: многу да внимаваме и ние (разни, посебно манастирски духовници) што собираме народ околу себе, *„зашто ако е таа замисла или тоа дело од луѓе, ќе се разруши – тој загина и сите што го последуваа, се растурија“*. А сведоци сме, и во денешно време и низ историјата, колкупати се случувало ова. Што точно значи ова што го прочитавме? Во суштина, и накратко, значи дека ако сакаме нашето лично духовно дело да трае што подолго на земјата, заради добро на Црквата и во слава Божја, единствено што ни останува е после нашето упокојување да оставиме зад себе живи сведоци на учењето и опитот на умно-срдечната молитва. И ништо помалку. Инаку, може да се случи дури и уште додека сме живи, добар дел – ако не и сè, да се растури. Лек? Смирение, покајание и приклучување кон православното аскетско-исихастичко Предание на Црквата. Само во заедница со Преданието ќе ни бидат јасни и значењето на догмите и толкувањето на канонот на Црквата, а ќе имаме и сила да ги зачуваме докрај. Секако, што е клучно за наше спасение, и неискривени да ги предадеме. *„А ако е, пак, од Бог, вие не можете да го разрушите.“*

## Наместо топла кашичка

Пред што било да напишам, ве молам, не го сфаќајте овој текст како личен напад кон некого, зашто така само дополнително се затвора умот за разбирање на неговата содржина. Напишан е со најдобра намера – да донесе малку светлина во очајното лично секојдневие и малку сила за лично покајание, кај оние што сакаат. Ако и пишувам против некого, тоа е исклучиво и единствено против самиот себе, зашто според напишаното и ми се суди, сега и овде. А ако пишувам за некого, тоа е за онаа душа (а секогаш ги има) што знам дека после прочитаното ќе се покае – со некоја солза, ќе се исповеда и ќе се соедини со Христос преку Светите Тајни на Црквата. Заради таа душа, со радост го трпам и секој возвратен удар – на демонската завист, како и со љубов – секој возвратен удар на човечката.

Бидејќи на некои луѓе, изгледа, Божјиот дар на умно-срдечната молитва и опитот на божествената Светлина им е превисок внатрешен критериум – и теоретски, тогаш ајде да се обидеме, накратко, да им ја доближиме и освестиме состојбата на внатрешниот свет на душата преку делувањето на душевните сили, како и преку делувањето на страстите во неа – опитно. Ако и тогаш некој не сфати, донесете му топла кашичка и потрудете се да се чувствува добро и сигурно.

Ставање на умот во процес на исцеление преку послушание. Зошто го повторувам тоа толку често? Затоа што нашиот пад се случи прво преку умот и затоа најпрво преку нашиот ум и треба да дојде

исцелението. Можеби не ги забележуваме неговите карактеристики – дека е горд и затемнет – бидејќи за тоа е потребен опит и внатрешен критериум, а и слобода од прелест, но сигурно забележуваме дека е целодневно расеан. Меѓу другото, на пример, човек со таков ум само теоретски се занимава со проблеми кои далеку ја надминуваат ем неговата внатрешна духовна подготвеност ем неговата објективна информираност (на пример, и теолошката и црковно-историската), како и неговата надворешна позиција и задачите што од неа произлегуваат, без притоа да има (ниту може да има) и најмало влијание врз нив (наместо за тоа време да се потруди молитвено да го пронајде местото на срцето, или пак конкретно да му помогне на некој што страда) – што претставува извонреден пример на невосогласување на начинот на живот со степенот од духовниот раст на кој таквиот се наоѓа. Да не зборуваме за секојдневните грижи – за кои доброволно се определил, како и за другите начини на бесцелно трошење на времето.

Значи, целодневната расеаност на умот е доволен показател дека тој е горд и затемнет, дека е паднат. Душата има и други сили, како волевата и желбената сила, но тие се бесловесни. Сигурно нема прво да ги лечиме бесловесните сили, па преку нив умот. Туку обратно, исцелувајќи ја словесната сила – умот, истовремено ќе ги исцелуваме и бесловесните сили на душата – волевата и желбената, со кои тој раководи, и љубовно ќе ги насочуваме единствено кон Богочовекот Исус Христос.

Во душата делуваат и три главни вида страсти: славољубието, среброљубието и сластољубието. Ста-

вајќи ја во процес на исцеление и преобразување, преку послушание, страста на словесната сила на умот – славољубието (гордоста), најлесно ќе ги ставиме во процес на исцеление и преобразување и другите две страсти, што не значи дека нема истовремено да се бориме и против сите одеднаш. Можеби не го забележуваме делувањето на гордоста (славољубието) во нашиот ум – поради прелеста, но сигурно ги забележуваме делувањето на страста на блудот и телесните задоволства, како и тагата, незадоволството и зависта, кои произлегуваат од незадоволената страст на среброљубието. Ако и тоа не го гледаме, сигурно ќе забележиме – ако се присетиме малку, дека никому што страда не сме му помогнале нешто значајно (за нас), парично (од свој џеб и без никаков интерес). За разлика од помагањето на ситно, со кое само си ја залажуваме заспаната совест. Тоа е сигурен знак за самољубие – главната страст од која произлегуваат трите видови страсти. За утешно слово кон страдалните, и да не зборувам. Како прво, тоа е слово во сила – зад кое треба да стојат дела, а како второ, за тоа треба да одделиме многу од нашето скапоцено, инаку насушно потребно за трошење во виртуелниот свет, време. Нели?

Внимавајте, за некои можеби милостивоста ќе биде последна можност за покајание, затоа што: *„Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле“* (Матеј 25, 40), како и: *„Блажени се милостивите, оти тие ќе бидат помилувани“* (Матеј 5, 7). А за некои можеби и почеток на покајанието – сетете се на случката со Петар цариникот и сиромавиот по кого тој гневно фрлил со лебот (Житија на светиите, 22 септември).

Затоа, ако младичот од денешното Евангелие[1] навистина ги беше исполнил Божјите заповеди, сигурно ќе Го препознаеше Христос како Господ и ќе го исполнеше Христовиот повик да тргне по Него наместо што Го одби. Да беше нашиот ум навистина смирен, молитвено собран во срцето и просветлен, ќе беше украсен и со дарот на вистинското спасоносно богословие (тео-логија), а не со филозофска красноречивост (техно-логија), која нема сила ниту да привлече ниту да спаси некого – напротив.

[1] Види: Лука 18, 18–23.

# Крај, ама недостижен

Оние што никогаш не биле правилно духовно раководени и што не го поминале патот на очистување на срцето од страстите до просветлување на умот, како и оние што како такви не ни можеле да станат вистински духовни отци – кои други раководат по веќе поминатиот и познат пат, таквите, велам, најчесто се соблазнуваат од односот *духовен отец – духовно чедо*, иако го немаат опитот да го разликуваат вистинскиот од искривениот однос. Некои од нив просто се соблазнуваат од самото постоење на односот *духовен отец – духовно чедо* и го сметаат за идолопоклонство. Како што спомнав, не велам дека во тој однос не може да се провлече и некаков вид неосвестено идолопоклонство, но треба да имаме, ако не опитен, барем некаков теоретски критериум за препознавање на неправилниот (искривен) однос.

Како, во погоре спомнатиот случај, се манифестира неосвестеното идолопоклонство? Секогаш кога некаков духовен отец проповеда и предлага некакво послушание без перспектива и крај, и секогаш кога некој од нас ќе влезе во такво послушание, треба да знаеме дека се случува неосвестено идолопоклонство. Од неправилниот однос што притоа се гради, секој може да се соблазни. Вистинското послушание кон духовниот отец секогаш има перспектива и јасен крај. Перспективата е вториот степен од духовниот раст – *просветлувањето на умот*, а крајот е Божјиот дар на умно-срдечната молитва. Тој свештен момент е главниот пресврт во нашиот

личен духовен подвиг. Тоа е православен духовен живот: *„Скапо сте платени, не станувајте робови на луѓе“* (1. Кор. 7, 23).

Послушноста кон Бог, преку човек, престанува на вториот степен од духовниот развој, но еднострананата послушност кон Самиот Бог никогаш нема крај, во овој век. Додуша, има крај, ама за нас недостижен – Богородица. Тоа е оној момент на пресврт во свештената историја кога Бог „не може“ да не го послуша човекот. Некој рекол за Неа дека била толку прекрасна што кога тој не би Го познавал Бог, би мислел дека Богородица и Секогашдева Марија е Бог. Како дете, и јас слично ја доживував тајната на мојата вера, но сега би рекол: навистина, Таа не е Бог, ама е Богородица… Таа е копнежот на предвечниот Светотроичен Совет. Таа е смислата на сѐ создадено. Таа е личен примател и исполнување на полнотата на Љубовта Божја. Оттука па понатаму, што да каже обичен човек за Неа, и тоа многу грешен. Духот Сам повикува од срцето: „Пресвета Богородице, спаси нѐ...“

## Противприроден или кон природен начин на живот

Што сакам денес да ви кажам? Уште еднаш: како сами да си одредиме до каде сме на патот од нашиот духовен развој. Затоа што гледам како некои од нас самите себе се тешиме и се залажуваме дека се наоѓаме на првиот степен од духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*, и дека тоа е доволно за нас. Ќе ви кажам јасно: кој вистински зачекорил на првиот, сигурно ќе стигне и на вториот степен – *просветлување на умот*, ама кој не, доживотно ќе го вкусува очајното падни-стани. Православниот духовен живот не познава некаква состојба на доволен духовен развој, освен како прелест. Особено немојте да ги слушате оние што го негираат светоотечкото учење за степените, или нивоата или етапите, од личниот духовен развој. Тие тоа го прават од самозалажување и заради самооправдување. И уште нешто: светите Отци на Црквата не велат дека нема и исклучоци од правилото, но да се смета некој од нас за исклучок, и тоа без никаква реална основа, па уште и други да поучува дека нема никаков ред во личниот духовен развој, тука човек веќе нема што да каже – милостив Боже, помилуј…

Умот што е отпаднат од општиот подвиг на послушание кон Бог, како и од конкретниот подвиг на послушание кон Бог – преку духовниот отец, отпаднат е и од процесот на исцеление. Таквиот ум не може да напредува во конкретниот исцелителен процес на смирението, собраноста во молитвата и просветлувањето на

својата енергија, а заедно со него не се исцелуваат и другите душевни и телесни страсти – кои тој всушност би требало да ги контролира во насока на исцеление. Ако наместо да ги исцелуваме страстите ние со нивното задоволување само ги храниме или потхрануваме, тогаш не може да стане збор за процес на очистување на срцето од страстите, ниту може да стане збор за тоа дека се наоѓаме на првиот степен од духовниот раст. Затоа и Отците, покрај тоа што ја определиле поделбата на степените од духовниот раст како: *очистување*, *просветлување* и *обожение*, ја определиле и како: *противприроден*, *природен* и *натприроден начин на живот*. При оваа поделба, природниот начин на живот ги опфаќа и степенот на очистување на срцето од страстите и степенот на просветлување на умот.

Со терминот *противприроден начин на живот*, Отците токму тоа сакаат да ни го кажат: дека тоа е состојба во која наместо да ги исцелуваме и преобразуваме нашите страсти во добродетели, ние само ги задоволуваме и постојано ги одржуваме живи и активни. Затоа, уште еднаш: оној што ова го прави, нека не смета дека се наоѓа на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите* (или во *покајание* – според свети Исаак Сирин, или дека се занимава со *практична философија* – според свети Максим Исповедник, или дека се наоѓа во *почетна состојба на чистење* – според свети Никита Ститат, итн...), туку да знае дека е во прелест и дека води противприроден начин на живот.

Природниот начин на живот го сочинуваат: пројава на благодатта на Крштението од отвореното срце, ум (привлечен од пројавената Божја благодат) симнат

молитвено во срцето – во конкретен подвиг на плач и покајание (или преумување), во процес на постојано просветлување и преобразување, онака како што бил создаден Адам, како што треба да се родиме одозгора по сериозно подготвено Крштение или како што треба да достигнеме, по правилно духовно раководство, при замонашувањето.

Каква врска има сето ова со Крстот Христов? Па сите ние, во Црквата, знаеме од опит дека воопшто не е лесен подвигот на исцелување и на преобразување на гревовните страсти (кои поради навиката се претвориле во наша втора природа) во добродетели, подвигот – нашиот начин на живот од противприроден да го обратиме во природен. Ако добро го завршиме подвигот – на очистување на срцето од страстите, ќе ни се смета за учество во Крстот Христов, особено што ќе ни се отвори патот во срцето за вистинското лично распнување на тој Крст. Да, *„словото за Крстот е безумство за оние што гинат, а за нас кои се спасуваме“*[1] – восиновување: *„Жено, ете ти син“*[2].

---

[1] 1. Кор. 1, 18.
[2] Јован 19, 26.

## По зборовите свои...

Едно е чистење на суштината на умот – што е постојано просветлување, друго е чистење на енергијата на умот – што води кон просветлување, а сосем трето е валкање и на енергијата и на суштината на умот – што води до затемнување. *„И така, ако светлината што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?“* (Матеј 6, 23). Нашите судови или коментари, или толкувања на нештата се одраз или на нашата просветленост, како и на состојбата на умот што се наоѓа во послушание, коешто води кон просветленост, или на нашата острастеност, која е причина за затемнување на умот. Така, нашите судови или коментари, или толкувања, секогаш говорат, пред сѐ, за нас самите – што е најважно: *„оти по зборовите свои ќе бидеш оправдан, и по зборовите свои ќе бидеш суден“* (Матеј 12, 37), а потоа за нештата – ако воопшто за нив и нешто говорат.

# Прелест

Кога човек пишува за прелеста, во еден дел сигурно и за себе ќе говори. Колкав е тој дел, само Господ точно знае, но добро е и ние самите да знаеме – колку што можеме повеќе. Кога човек пишува или чита и други поуки, повторно непосредно – истото се однесува и на прелеста, затоа што разликата со добродетелта, што во поуката ни е посочена за остварување, и состојбата во која моментално се наоѓаме, ја покажува и нашата прелест. Во секој случај, добро е да знаеме дека секако сме во прелест, како и колку сме во прелест. Светите Отци велат дека нема човек што не е во прелест. И дека најголема прелест е некој да мисли дека не е во прелест.

Противприродниот начин на живот, односно свесното задоволување наместо исцелувањето на страстите, е прелест која најчесто не сака да знае за себе. Пострашна за мене е прелеста на оние за кои, ако се гледа однадвор, може да се рече дека се подвизуваат, но внатрешно не го направиле клучниот чекор – што го разликува противприродниот од природниот начин на живот, а тоа е ставањето на умот во процес на исцеление, односно восогласувањето на начинот на живот и подвиг со степенот од духовниот раст на кој човек се наоѓа. Овој пат ќе додадам: а најстрашна прелест е кога на тоа што го спомнав, ќе се додаде и невосогласување на нашето делување во Црквата со позицијата што ја имаме во Црквата. Тоа само Господ го лечи.

Прелеста на првиот степен од духовниот раст –

*очистување на срцето од страстите*, се гледа токму во она што го спомнав погоре, во разликата со добродетелта што треба да ја оствариме и состојбата во која моментално се наоѓаме. Во овој случај прелеста се јавува во вид на подвиг без голема ревност. На овој степен се бориме и против прелеста на судењето и осудувањето, внатрешно, како и надворешно – во вид на озборување. Тоа ни се случува кога чистењето на енергијата на умот, што ние го доживуваме како добивање на првата светлина, се користи не за согледување на гредата во своето око, туку за раската во окото на братот. Ваквата прелест може да го направи бесплоден нашиот подвиг за многу години.

Прелеста на вториот степен од духовниот раст – *просветлување на умот*, се гледа главно во некористењето на дарот на умно-срдечната молитва. На пример, наместо човекот кој го има тој дар да одделува неколку часови дневно за молитвата на умот во срцето (Старец Јосиф одделувал пет-шест часа), тој одделува малку време, притоа многупати наоѓајќи се во состојба на некоја самодоволност, која ги оддалечува од него покајанието и плачот. Е, разликата меѓу потребното и посветеното време во молитвата ја открива големината на прелеста на вториот степен. Последица на тоа се и падовите во подвигот на љубов кон непријателите итн., итн. Засега, и повеќе од доволно.

Едно да помниме сите: ако не ги освестиме димензиите на прелеста во која се наоѓаме, нема да имаме никаков мотив да одговориме, ниту пак ќе одговориме како што треба на Христовиот повик: *„Покајте се, зашто се приближи Царството Небесно“* (Матеј 3, 2).

## Греда и раска

Богочовекот Исус Христос вели: „*Извади ја прво гредата од своето око, а потоа ќе видиш како ќе ја извадиш раската од окото на твојот брат*“ (Матеј 7, 5). Зошто гревот во нас (колку и да е мал тој) Господ го нарекува *греда* во однос на гревот на нашиот брат кој (колку и да е голем) Господ го нарекува *раска*?

Господ нашиот грев го нарекува *греда* затоа што, колку и да е мал, тој нас лично нѐ одделува од Христос, додека, пак, гревот на нашиот брат го нарекува *раска* затоа што, колку и да е голем, тој лично нас не нѐ одделува од Христос.

Ако ја бараме Божјата правда, а тоа сме должни како христијани, нашиот грев, колку и да е мал тој, нас лично нѐ прави неслични со Христос, а со тоа и во секој случај виновни, додека, пак, гревот на нашиот брат, колку и да е голем тој, не нѐ прави дополнително неслични со Христос, но и не нѐ оправдува за нашата постоечка несличност со Него.

Ако ја извадиме гредата од нашето око, тогаш нема да ја видиме раската во нашиот брат – нема да го судиме и осудуваме, односно штом сме ја виделе раската во окото на нашиот брат, а не во нашето, тоа значи дека постои греда во нашето око – дека судиме и осудуваме. И ако додека ги читаме овие редови останеме без плач во душата, ние сме бесчувствителни и за гредата во нашето око и за братската врска, што Бог ни ја дарува.

Штом гледаме раска во окото на братот, тоа значи дека ние го бараме гревот во него, а не во нас, како и дека за ситница го осудуваме. Тоа е сигурен знак дека не го љубиме. Не значи дека љубовта е слепа за гревот и дека не го забележува, но таа и да го забележи, не го открива пред сите, туку го покрива гревот на братот. Едно е да го бараш гревот во братот, а друго е да го забележиш и да му помогнеш. Љубовта не го бара гревот во братот.

Друга тема е вадењето на гредата, односно дали сме оспособени да се исцелиме себеси од страстите и со тоа вистински да се ослободиме од гревот. А сосем друга – дали воопшто сме повикани да вадиме раска од нечие око. Оној што ја извадил гредата од своето око, сигурно ќе знае да ја извади и раската од окото на братот. Но дали ќе биде повикан тоа да го прави, одлучува Епископот на Црквата. Во одлучувањето може да придонесе и верниот народ, кој бара и наоѓа помош вообичаено во оној што навистина може да исцели од страсти, за што Епископот треба да има чувство.

## Отец, сакам да застанам на сопствени нозе

Како да застанеме на сопствени нозе? Најпрво треба да застанеме на патот, па дури потоа цврсто ќе застанеме на сопствените нозе. Нема друг начин. Патот ни е дар. На патот се препородуваме.

Надвор од патот нема цврсто застанување на сопствени нозе. Дури и да можеме некако да чекориме надвор од патот, нема никаде да стигнеме. Сè ќе се претвори во едно мачно и неизвесно талкање.

Патот е поврзан со одење кон некоја цел. На патот не е дозволено да се стои. Дури и нашето застанување на сопствени нозе е поврзано само со чекорење по патот. Самото одење по патот е нашата храна и сила.

Патот секогаш има и почеток, од каде што тргнуваме, и крај или цел, како и знаци. Секако, некој треба да нè подучи и да ни ги покаже првите чекори, како и читањето на знаците. Одењето по патот кон целта и крепењето на сопствени нозе притоа е неразделно поврзано со забележување и почитување на знаците.

Едно е почитување, а друго е забележување. Забележувањето се учи додека патуваме. Нормалните луѓе сигурно би го почитувале знакот кога би го виделе. Има и пречки на патот. Има и знаци што ги покажуваат пречките на патот. Затоа, да внимаваме додека одиме.

Патот го изодуваме секогаш сами, колку сопатници и да имаме. Одењето по патот на почетокот е тешко. Кон средината е многу полесно, особено што

оттаму се гледа и крајот. А и главните знаци секогаш ги забележуваме.

Патот е истовремено и знак и цел. Знакот е истовремено и цел и пат. Целта е истовремено и пат и знак. Патувањето е истовремено и лично и соборно, и времено и вечно. Се тргнува со вера, се стигнува со познание. Тајна е ова голема, а јас ви говорам за Богочовекот Христос, Кој вели: *„Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа при Отецот освен преку Мене“* (Јован 14, 6).

P.S. До Богочовекот Исус Христос има многу патеки, ама до Бог и Отец има само еден пат по кој се стигнува – преку Христос во Светиот Дух Господ.

# Зошто пишувам?

Кога станав Епископ, се соочив со многу незнаење, дури и таму каде што не требаше да постои. Отците велат дека незнаењето е најголемо зло. Почнав да се борам против тоа зло, согласно опитот и силата што ги имав. И со личен пример, и со говорење, и со пишување. Такво ми беше и служењето, или барем должноста. Такво ми беше и местото и обличјето во Црквата, на светите Отци.

Знаев и дека знаењето (познанието) е и опит и Божја благодат. Што и да напишам, ако некој прочитаното не го претвори во опит, и тоа не каков било туку срдечен опит, повторно сè ќе падне во заборав. Но Господ не ме остави без утеха. Секогаш имаше некој што прочитаното го претвораше во опит и познание. И утеха.

Знам дека дури и тоа не е доволно. Опитот мора да биде континуиран, постојано да се живее. Ако не, благодатта ќе се скрие, а и знаењето со неа ќе се изгуби. Иако не потполно. Ама едно е живо знаење, а друго е мртво знаење. Од живото знаење произлегува слово во сила.

Не ги промовирав моите книги. И пишаното слово во сила не е секогаш со ист интензитет на сила. Интензитетот на сила зависи од начинот на нашиот живот. Моето покајание е најдобра промоција на она што сум го напишал. Ја исполнувам ли волјата Божја – моето слово е во сила. Не ли ја исполнувам, истото тоа слово ја губи својата сила. Се покајам ли, силата е повторно присутна.

Потполно сум свесен дека силата на моето слово, конечно, ќе зависи од мојот крај. Ако мојот крај Ја успокои мојата Владичица Богородица и Секогашдева Марија, ако со мојот крај се прославува мојот Господ – Отецот и Синот и Светиот Дух, и ако мојот крај е поттик за спасение на моите ближни, тогаш словото ќе биде со уште поголема сила, па дури и тоа најобичното. И со постојана.

Местото во Црквата ми е такво што не е возможно а да не ги поучувам луѓето. Верувам дека тоа што го пишувам е добро, произлезено и од добриот опит (дури и од промашувањата) и од добрата намера што ја имам. И вообичаено поучувам и пишувам како да се најдеме и правилно да живееме на првиот степен од духовниот раст – *очистувањето на срцето од страстите*.

Знам дека конечниот суд за моето дело го има Господ и треперам од тоа, ама не од страв. Сигурно дека мојот опит не е заокружен и не знам кога и дали тоа ќе биде. А сега пишувам, оти кога ќе отидам од вас, веќе не ќе можам. Ова не е некакво пророштво. Ова не значи и дека брзо ќе заминам. Ова е само логика.

А начинот на кој пишувам или времето што го одбирам за пишување, тие и за мене се тајна. Дури за мене поголема отколку за тие околу мене, што ме гледаат и слушаат. И што очекуваат. Затоа што, колку-толку, се знам себеси. Но тоа е тема за друг аудиториум. Битно е дека без тие – собраните околу мене, којзнае дали воопшто и ќе беше нешто напишано. На крај, нашето заедничко давање, нашиот заеднички опит, преточен и во слово, е секогаш и, пред сè, наш дар за вас, во и од Богочовекот Исус Христос.

# Среќа

Пред некое време прочитав една убава мисла: „Среќа е кога постои восогласеност меѓу тоа што го мислиме, тоа што го зборуваме и тоа што го правиме“. Ништо ново, ама убав повод да се потсетиме како да се стигне до посочената восогласеност. Вака изнесената мисла, од православно-духовен аспект гледано, бара мало појаснување.

За навистина така дефинираната среќа да биде среќа, треба восогласеноста на нашите мисли, зборови и дела да биде насочена кон добро – не кон зло. Но и со ова не е сè сосем дообјаснето. Имено, восогласеноста на нашите мисли, зборови и дела навистина треба да биде насочена кон добро, но вториот услов е – кон добро во слава Божја, а не за наша сопствена слава. За второто дообјаснување – сè да биде во слава Божја, треба и вистинска вера. За оние што вистински веруваат, може и уште попрецизно да се објаснат условите.

Восогласеноста на нашите мисли, зборови и дела може да се постигне само ако, со помош на благодатта Божја и во рамките на конкретно послушание кон духовниот отец, најпрвин го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, што во себе опфаќа и восогласување на нашето делување во Црквата Христова, согласно местото или позицијата што ги имаме во Истата. Тоа се, всушност, два неразделни процеса, кои просто се условени еден од друг.

Без да го восогласиме начинот на нашиот живот

со степенот од духовниот развој на кој се наоѓаме, не ќе можеме да постигнеме и восогласеност на нашите мисли, зборови и дела. Покрај нашиот напор и подвиг, сепак, восогласеноста е дело и на Божјата благодат. Кога со начинот на нашиот живот се приклонуваме кон прелеста, ги отфрламе и благодатта и восогласеноста. На пример: некој се наоѓа на степен на очистување на срцето од страстите и наместо со светлинката што му е дадена да си ги гледа своите страсти и гревови, и во молитвен молк и послушание да ги исцелува, тој почнува сечиј грев да го бара и гледа – освен својот, и неразумно и јавно да го коментира. Или: некој е обичен верник во Црковната заедница и наместо, пред сѐ, со свој личен пример и молитва да делува во Неа – до очистувањето на срцето од страстите и просветлувањето на умот, тој, иако сѐ уште и самиот заробеник на страстите, делува, поучува, размислува и настапува небаре зазема место на Епископ во Црквата. Сѐ сами си правиме – сакаме да сме восогласени со самите себе и со околината, ама со начинот на живот не си помагаме, ниту ја бараме Божјата помош, во насока на исцеление. А конфликтите, внатре и надвор од нас, предизвикани од нашите грешки, само се множат.

Како ја нарекуваме состојбата што е спротивна на восогласеноста на нашите душевни и телесни сили? Има многу имиња: невосогласеност, расцепканост, разделеност, разединетост (која со себе носи: неисполнетост, празнина, очајание, униние, прелест), а заедничкото име е несреќа.

Кога веќе ја спомнуваме оваа тема – несреќа, поголемо зло е радувањето на туѓа несреќа. А уште поголемо, кога некој врз основа на радоста, доживеана

од туѓата несреќа, си се самоуверува во вистинитоста на патот по кој тргнал (по кој тера или, поточно, по кој го тераат).

А среќата е само една најобична љубовна и лична средба со Богочовекот Христос или со некој од Неговите најмали браќа или сестри, пред сѐ, остварена молитвено во нашето срце, а исполнета на евхаристиското Собрание. После сѐ, вистинската среќа, или срешта, или средба единствено и ќе остане.

## Покајание

Ако нашиот Господ, Богочовекот Исус Христос, нè повикува на покајание; ако точното значење на тој збор, според светите Отци, е преумување; ако умот од горд, расеан и затемнет треба, со помош на Божјата благодат, да го преобразиме во смирен, собран молитвено во срцето и просветлен; ако исцелението на умот се случува само на тој начин што неговата енергија се соединува со неговата суштина во срцето, тогаш најсовршеното и најкреативното пројавување на нашето покајание во Црквата е умно-срдечната молитва.

Можеби нашиот ум сè уште не може да влезе во срцето, но срцето секогаш може да сочувствува со зборовите на молитвата: „помилуј ме грешниот/грешната“. Колку време од денот поминуваме во ваква молитва, толку е нашето покајание. Колку време во останатиот дел од денот се одрекуваме од себеси заради исполнување на Божјите заповеди, толку е нашето покајание. Себеодрекувањето е суштината и силата на покајанието. Полесно ќе може срцето да сочувствува со зборот на молитвата ако претходно делотворно сочувствувало во болката на својот ближен.

Одрекувањето од себеси е можно само заради исполнување на Божјата заповед за љубов кон нашиот ближен – што го гледаме, и кон Христос – Кој не Го гледаме: ако на еден од овие Мои најмали браќа или сестри им направивте, Мене Ми направивте (види: Матеј 25, 40). Покајанието, односно одрекувањето од нашиот паднат ум – од начинот на неговото себично размис-

лување, и одрекувањето од нашето заробено срце – од начинот на неговото себично чувствување, го отвора единствениот премин меѓу нас создадените и единствениот Несоздаден Бог – Света Троица, нашето срце.

## Да се биде, и да се има

Зошто страдаме, во зло? Најчесто од две главни причини: прво, или мислиме за себеси дека сме нешто многу повеќе отколку што реално претставуваме и значиме за другите, а тие не нѐ прославуваат и почитуваат согласно нашата идеја за самите себе; и второ, или пак посакуваме за себеси повеќе материјални блага и телесни задоволства или мислиме дека повеќе сме заслужиле, од она што реално го имаме. Накратко, страдаме поради разликата што се појавува меѓу нашите острастени желби и реалноста.

Клучно, за оној што вели дека верува, а е на почетокот од духовниот развој, е одговорот на следното прашање: зошто е по волја на Бог или зошто Бог допушта ваква разлика меѓу нашите желби и реалноста? Нашата лична заедница и единството со Бог, во Црквата, е наше спасение, наше благобитие и наше вечно благобитие. Затоа, треба да знаеме дека лично Бог не дозволува да се врзуваме за нешто создадено и минливо, а да го изгубиме она што е несоздадено и неминливо. Најпросто кажано: Бог е лично нашиот противник и причина да не го добиеме она што нѐ оддалечува од Него. За верниот толку е доволно. Или некој ќе Му се противи на Бог?

Ако нешто не *сме* или ако нешто *немаме*, така е затоа што, најверојатно, не сме способни да *сме* и не сме способни да *имаме*, а без притоа да не отпаднеме од Бог. А Бог тоа го знае. Знам дека повеќето ќе ме прашаат: зошто тогаш некои *се* и зошто *имаат̄*,

а очигледно немаат ништо со Бог, а зошто, пак, некои *не се* и зошто *немааш*, а по сѐ изгледа дека тоа не би било препрека за нивниот однос со Бог? Кој сака да ризикува да полуди, нека размислува зошто е тоа така, а кој сака еден ден да сфати (колку што ќе му биде дадено) зошто е тоа така, односно кој сака да *биде* и да *има*, нека се смири пред Божјата Промисла за нашето спасение, спасението на целиот Адам.

Само ќе ви кажам дека оној којшто ќе изгради лична заедница и единство со Бог, таквиот и да е ништо во овој свет – *е*, и да нема ништо од благата на овој свет – *има*. Таквиот истовремено и *е*, и *има*. Да дообјаснам: во некој случај и во некој временски период можно е таквиот да е нешто значајно, како и да има нешто повеќе и согласно световните критериуми, но и обратно – да е помалку од ништо или да го нема и потребното, но без оглед на сѐ – тој *е* и тој *има*. Оној што нема личен однос со Бог, тој и да е нешто – *не е*, и да има нешто – *нема*, односно истовремено и *не е*, и *нема*. Затоа што над таквиот власта (славата) владее, таквиот имотот го има и со таквиот задоволствата се задоволуваат. Што е уште полошо: ниту *ќе го биде* ниту *ќе има*, ако не се покае.

А синовите Божји се слободни. Нив не ги интересира тоа дали *се* и дали *имааш*. Тие не се самосозерцуваат. Тие само љубовно Го бараат (давајќи се) својот Небесен Отец и Неговата Волја, и постојано благодарат за сѐ, ама буквално за сѐ. Тие се синови Божји. Тие, пред сѐ, *се* и затоа секогаш *имааш* сѐ.

# Предрасуда

(така се нарекувала и некоја шпанска серија)

Накратко, ако етимолошки го разложиме зборот *предрасуда*, ќе видиме дека се работи за некаков заклучок за некого или за нешто што му претходи на расудувањето. Додека, пак, правилното расудување за некого или за некое нешто може да происходи само од лична заедница, познание или опит со некого, или на (или со) нештото. Со други зборови, ако за некого или за нешто донесуваме заклучок без да го познаваме од личен опит (за што, да се потсетиме, треба и доволно време), тогаш ние сме заробени од прелеста наречена *предрасуда*. Светите Отци велат дека расудувањето е еден од поважните дарови Божји, но и дека тоа е соодветно на просветленоста на умот, во срцето.

Оние што ги карактеризира противприродниот начин на живот се најподложни на предрасуди. Оној што тежнее да ги задоволи своите страсти, вообичаено луѓето и нештата ги гледа од перспектива на своите страсти и согласно своите страсти постапува со нив. Во ваков случај не можеме да говориме за личност и личносни односи, како и за вистинско познание, освен можеби за одреден опит во дејноста со која таквиот се занимава. Оние, пак, што правилно го чистат своето срце од страстите, соодветно и континуирано се подослободуваат и од предрасудите. Дури оние што се просветлени лесно можат да се ослободат од предрасудите, иако е невозможно да останат сосем недопрени од искушението.

Да не трошиме време за нештата – да се задржиме на предрасудите во меѓучовечките односи. Предрасуда е кога слушаме за некого нешто и без задршка го прифаќаме, а лично не го познаваме. Предрасуда е кога говориме за некого нешто врз основа на само чуеното (честопати тогаш се додава и уште нешто од нас). Предрасуда е кога за некого донесуваме заклучок или во нас се формира негативно чувство кон него од само една средба или од само една негова постапка. Предрасуда е кога не веруваме дека некој може да се покае или дека, можеби, се покајал за нешто што сторил. Предрасуда е кога мислиме дека некој воопшто не се бори во себе со гревот што јавно го прави. Предрасуда е кога и покрај чуениот лош глас за некого, ние не му даваме соодветна можност (шанса) во личниот однос со нас (можеби некому згрешил, но досега не и нам лично). Предрасуда е кога воопшто судиме или, не дај Боже, осудиме некого – приграбувајќи ја улогата на Бог. Предрасуда е кога во Црквата се делиме на групи и кога заклучокот за одреден човек го донесуваме врз основа на неговата припадност на одредена група (дали е Павлов, или Петров, или...). Предрасуда е кога враќајќи му зло на оној кој ни направил зло, ние со нашата постапка на таквиот му ги одземаме можноста (шансата) и времето за покајание итн., итн. Сето ова погоре напишано е опис на противприродниот начин на живот – не на животот на оној што го чисти своето срце од страстите.

Предрасудите можат да нè урнисаат од височините на нашиот христијански призив до самото демонско дно и можат да го претворат целиот наш живот во своевидна шпанска серија – и по неговата

површност, и по неговата бесмисленост, и по неговата бесцелност. Длабочината, смислата и целта на нашето постоење ги прави љубовната заедница со Бог, како и со секој човек, во Богочовекот Исус Христос.

## Разграничување
## заради восогласување

Светите Отци дефинираат два начина на живот: *противприроден* и *природен*.

Противприродниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од душевното постоење. Согласно модерната психологија (барем до пред некое време така беа поделени), тоа се: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија) и ниво на психози.

Природниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* (со аскетска умно-срдечна молитва) и *обожение* или *боговподобување* (со благодатна или непрестајна умно-срдечна молитва).

Оној што е на ниво на очистување може да му помогне на оној што го вознемируваат неврози. Оној што е на ниво на просветлување, покрај на невротичните лица, може да им помогне и на социопатите. А оној што е на ниво на боговподобување може да им помогне, односно да ги исцели, покрај првите два вида, и психотичните лица.

Демонското делување над оние што водат природен начин на живот е многу ограничено и однадвор незабележливо, а нивните духовни состојби лесно се разликуваат. Демонското делување над оние што водат противприроден начин на живот најчесто е забележ-

ливо и е многу разновидно; оттаму и многуте прелевања и нејаснотии, а затоа и бескрајните поделби (или класификации), како и дефинирања на појавите од трите нивоа на противприродниот начин на живот.

# Подобро...

Се случува понекогаш да се колебаме или да се откажуваме од Причеста со Телото и Крвта Христови поради борбата што се случува во нас по претрпената повреда од некого.

Може, но не мора да значи. Зависи. Ако имаме лоши мисли и чувства за оној што со нешто нè повредил, а против кои не се бориме – напротив, ги прифаќаме, тогаш не може и да се причестуваме. За враќање на зло со зло преку збор или дело, и да не говориме. Ако против лошите мисли и чувства за оној што со нешто нè повредил се бориме и не ги прифаќаме во нашето срце, тогаш, иако сè уште имаме борба, треба да се причестиме. Уште подобро е ако на претрпеното зло собереме сили и вратиме со добро – преку збор или дело, уште пред да се причестиме.

Да не очекуваме секогаш некоја идеална, мирна состојба пред Причест, барем ние што сме на почетокот од православниот духовен живот. И затоа да запаметиме: подобро е да се причестиме бивајќи во борба, смирено и во познание – борејќи се свесно против страстите и злото во нас, отколку да се причестуваме наводно мирни и во прелест дека сè е во ред, а несвесни за постоењето на страстите во нас – од кои сме заробени.

Поголема духовна полза имаме од оние што повредувајќи нè, ни ги откриваат нечистотиите на нашето срце отколку од оние кои славејќи нè, ни ги заслепуваат духовните очи – своите нечистотии јасно да ги видиме.

## Кој е во малку неверен, и во многу ќе биде

Третата точка во правилното надминување на едно искушение беше: „Да се сметаме за заслужни за уште поголемо зло од она што веќе ни се случило". Овој момент не може да се сфати ако не го поврземе со подвигот на барање на Божјата правда – не на човечката.

Да се потсетиме: барањето Божја правда е исклучиво христијански подвиг, кога при трпењето на одредено искушение се присилуваме во сѐ да бидеме подобни на Христос. На пример, кога некој со некоја своја постапка нѐ повредува, ние не го судиме и осудуваме дали неговата постапка одговара на евентуалниот наш повод или дали воопшто сме му дале некаков повод, туку се провеpуваме себеси преку Христовиот евангелски пример, како и преку досегашното стекнато духовно искуство – дали ние во тој момент сме слични на Богочовекот Христос или не, односно дали нашите чувства, мисли, зборови и дела се во согласност со Божјите заповеди за љубов или не.

Единствено на овој начин, преку благодатта на Светиот Дух, нам ни се открива нашата оддалеченост, нашата несличност, нашата неподобност со Оној Чие Име Го носиме, со Оној пред Кого завети на Крштението сме дале, со Оној Кого треба да Го сведочиме во овој свет и со Оној со Кого се причестуваме на секое Свето Благодарење (Евхаристија), и единствено на овој начин секогаш ја наоѓаме вината внатре во нас,

а не надвор – не во другиот. Другиот не е критериум. Богочовекот Исус Христос е критериум на нашиот живот, а ние се покажуваме неподобни на Него. Тоа е нашата вина, секогаш. Особено што и во самите нас и во Црквата ги имаме и ни се дадени сите способности и сили да бидеме подобни на Христос, преподобни.

Значи, ако на една најобична претрпена повреда, од кого било, не сме покажале соодветно христијанско поведение, односно не сме се покажале слични на Христос, тогаш, сигурно, кога би претрпеле некоја поголема повреда, би се покажало дека сме соодветно уште понеслични со Христос. Знаејќи го ова, секогаш треба да се сметаме себеси заслужни за уште поголемо зло од она што ни се случило, свесни дека, според нашите сили, Бог педагошки допуштил само толку колку што можеме да поднесеме за едно не многу напорно вежбање. Но, со таквата мисла за самите себе стекнуваме уште една предност: демонот не може да нѐ повреди со помисла која би одела под нивото на она што му е допуштено, а на кое ние претходно своеволно и смирено сме се симнале.

# Тоа што си го приготвил, кому ќе остане?

*Рече Господ во приказна: „На некој богат човек нивата му беше родила многу; и мислеше во себе, велејќи: 'Што да направам? Немам во што да ги соберам плодовите свои'. Па рече: 'Вака ќе направам: ќе ги урнам амбарите свои и ќе соѕидам поголеми, и таму ќе го соберам сето свое жито и сите свои добра, и ќе ѝ речам на душата своја: душо, имаш многу добра, приготвени за многу години; почивај, јади, пиј и весели се!'*

*Но, Бог му рече: 'Безумниче, ноќеска ќе ти ја побарам душата твоја; тоа што си го приготвил, кому ќе остане?'*

*Така бива со оној што собира добра за себе, а не се богати во Бог".*

(Лука 12, 16–21)

Целиот наш живот е дар Божји. И сиромаштвото е дар Божји, кога сиромавиот со смирение и трпение Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. И богатството е дар Божји, кога богатиот со смирение и трпение им служи на сиромасите со своето богатство и на тој начин Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. Кога луѓето би ги препознавале даровите Божји и нивната цел, и кога со смирение и благодарност би се однесувале кон нив, даровите Божји би служеле како средство за надградување и остварување на нашата заедница во Богочовекот Христос – која е нашиот

најголем дар Божји – и би служеле како средство за наше спасение. Со други зборови, само на тој начин можеме да Му благодариме на Бог, кога Неговите дарови повторно Нему Му ги принесуваме: „Твои дарови од Твоите, Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сѐ“[1]. Делотворниот однос на благодарењето од севкупниот наш живот соборно се исполнува со нашето учество во Светата Евхаристија (Благодарење) на Црквата Божја.

Но, како богатиот конкретно „успева да собира“ добра само за себе, а не се богати во Бог, поинаку речено, како тој своето богатство како дар Божји не Му го принесува конкретно на Бог? За да го објасниме овој негативен пример, ќе се послужиме со друг негативен пример од случувањето на Страшниот суд:

*Тогаш ќе им каже и на оние коишто се од левата страна: „Одете од Мене, проклети, во вечен оган, приготвен за ѓаволот и неговите ангели. Зашто гладен бев и не Ми дадовте да јадам; жеден бев и не Ме напоивте; странец бев и не Ме прибравте; необлечен бев и не Ме облековте; болен и во затвор бев и не Ме посетивте“.*

*Тогаш и тие ќе Му одговорат и речат: „Господи, кога Те видовме гладен, или жеден, или странец, или необлечен, или болен, или во затвор и не Ти послуживме?“*

*Тогаш ќе им одговори и рече: „Доколку не сте го направиле тоа на еден од овие најмали браќа, и Мене не сте Ми го направиле“* (Матеј 25, 41–45).

Гледаме дека Господ се поистоветува (дури и најмногу) со секој еден страдалник. Затоа, секогаш кога

[1] Возглас од Евхаристискиот канон, Божествена Литургија на свети Јован Златоуст.

со своето богатство ќе му помогнеме на еден од овие најмали Христови браќа што страдаат, ние не собираме за себе, туку се богатиме во Бог.

Сето ова погоре напишано начелно важи, најнапред и најмногу, за луѓето коишто живеат и работат во светот. За монахот – како оној што е мртов за овој свет – начелно важи друго правило. Монахот е должен да Го нахрани, напои, прибере, облече, посети и да Му послужи на Христос во своето срце. Секако, за да го оствари ова, најнапред треба да го очисти своето срце од страстите, да го осознае местото на срцето, да го открие Царството Небесно внатре во себе и да застане пред Царот на славата, распнат заради нас и нашето спасение.

Ова богатење во Бог се случува на трите степени од духовниот развој на монахот: на степенот на чистење на срцето од страстите, на степенот на просветлување и на степенот на обожение.

На првиот степен, во Бог се богати оној што го чисти своето срце од страстите или оној што ги преобразува своите страсти во добродетели и ги умножува вторите. Секако, овој процес мора да се случува во рамките на конкретно и апсолутно послушание, поточно, кога со слободното потчинување на нашиот ум на умот на духовниот отец престануваме да ја храниме страста на словесниот дел од душата (умот) – гордоста, суетата, високото мислење за самите себе.

На вториот степен, *просветлување*, во Бог се богати оној што страда во подвигот за исполнување на Христовите зборови: *љубете ги непријателите свои*, и кој својот ум повеќе часови од денот го држи молитвено закопан во своето срце – дури и за време на Светата

Литургија – барајќи Го само Него, а не Неговите дарови.

На третиот степен, *обожение*, на децата Божји им се открива тајната на зборовите на нивниот Небесен Отец: сѐ Мое е ваше (види: Лука 15, 31), и им се открива соборната димензија на повикот на Духот Божји внатре од нивните срца: *Ава, Оче!* (Рим. 8, 15) – им се открива она што светиот Старец Софрониј го нарекува „плач за целиот Адам“.

Господи, помилуј...

## Сомнеж

*Во една од синагогите поучуваше Господ во сабота. И ете, една жена имаше слаб дух осумнаесет години; беше згрчена и не можеше да се исправи. Штом ја виде Исус, ја повика и ѝ рече: „Жено, се ослободуваш од болеста своја“. И ги стави рацете Свои врз неа; и таа веднаш стана и Го славеше Бог.*

(Лука 13, 10–13)

Демонските помисли на сомнеж и колебливост, што произлегуваат од самољубието и маловерието, како и стравот, несигурноста и безволноста што ги следат таквите помисли – го ослабуваат и изнемоштуваат духот во човекот, и го држат, врзан преку страстите, за овоземното и свиен, односно насочен кон него – како кон веќе „посигурна“ потпора.

Нема понедостоен начин за човекот како икона Божја, повикан кон боговподобување, да ја изгуби својата боголикост (во секој поглед) и да ја промаши целта за која е предназначен, од насоченоста и сигурноста во минливото и пропадливото. Од оваа и ваква состојба само Богочовекот Исус Христос може да нè исцели.

Главната разлика помеѓу крвоточивата жена и жената од денешното евангелско четиво е во нивниот однос кон Богочовекот. Првата има активен однос кон Христос, со сите сили се труди да се допре на вистински начин до Него, и покрај сите внатрешни[1] и надворешни пречки; додека втората е пасивна во однос на Христос,

иако нема надворешна пречка да дојде и да побара помош од Него, кога би имала вера.

Значи, едно е да одиме во Црква редовно и само пасивно или формално и бесплодно да учествуваме во нејзиниот преобразителен живот – иако познати на сите; а друго е да одиме во Црква и активно, ама незабележливо за другите, да се обидеме вистински да се допреме до Богочовекот Христос, така што Он да почувствува како сила, што исцелува и преобразува, излегува од Него.

Едно е активно, со сила да го добиеме Царството Небесно и Господ да нѐ прослави пред сите – иако тоа не сме го барале, а друго е Господ, поради крајно бедната состојба во која сме западнале, да се смилува, да нѐ повика и на очиглед на сите да нѐ исцели, и да ја покаже Својата сила и чудотворна моќ.

---

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, „Ни Јас не ви кажувам...“, Библиотека Воведение, Велјуса, 2008, стр. 130-132.

# Ние не сме посебни, ние сме последни

Да не си помисли некој, бидејќи сме се собрале оваа ноќ на бдение на Црквата Божја – наместо заедно со сите други луѓе да го прославуваме административниот почеток на новата година, дека сме нешто посебни, подобри. Не, ние не сме посебни, ние сме само последни. Последни, непотребни и бескорисни. Слуги Божји, не се ни осмелувам да помислам.

Зошто? Па нели ние требаше да сме квасец на овој свет, нели требаше да сме сведоци на Богочовекот Христос во овој свет, нели требаше преку нас да влезе Божјата благодат што го преобразува овој свет и нели требаше да бидеме слуги на луѓето од овој свет – за нивно спасение? Нели истото ова го вели и Светото Евангелие Божјо и житијата на сите Свети?

Е, па, токму тоа – што ние сме овде собрани, а светот во моментот го прави тоа што го прави, е еден неспорен доказ дека ние комплетно сме потфрлиле во нашата мисија. Знам дека истиот овој свет на големите празници ќе го видиме и во црква, но токму оваа ноќ и посебно оваа ноќ – во предвечерието на подготовките за учество во Христовото Раѓање, е показателот дека овој свет нема суштинска врска со Црквата, а за тоа ние сме виновни.

Ете зошто ние сме непотребни и бескорисни и треба самите себеси да се сметаме за последни од сите луѓе, а не да негуваме демонска помисла во нас дека сме нешто посебни и подобри. Наместо високото мислење

за самите себе, ајде да се смириме, да ја привлечеме Божјата благодат на нас и оваа ноќ нека нè потсетува дека вистинското покајание е плач за целиот Адам.

Господи Исусе Христе, заради Богородица и Секогашдева Марија, прости.

## Нема причест – нема христијанство

Секоја година околу Божикните празници на површина излегуваат одредени недоумици околу нивното правилно прославување. За да нема многу забуни околу оваа проблематика, решив да ви посочам еден ориентир според кој и најнеинформираните верници можат да се управуваат. Ориентирот е причестувањето со Светите Тајни на Телото и Крвта Христови во Светата Литургија на Црквата. Секој празник во Црквата има една и единствена цел – причестување со Светите Тајни Христови. Без остварување на оваа цел, може да стане збор за сѐ, само не и за верско и побожно славење на Бог. За употреба на овој ориентир, нема потреба од не знам какво познавање на догмите, каноните или црковните правила, ниту од итна консултација со духовен отец.

На пример: имаме недоумица во однос на подготовката на таканаречената бадникова семејна вечера. Сега, ако знаеме дека главната цел при дочекот на Рождеството Христово ни е причестувањето со Светите Тајни Христови, тогаш од трпезата веднаш отпаѓа рибата и сѐ што е подготвено на масло (зејтин). За други мрсни работи и да не спомнувам – секој знае дека пред Причест се пости. Исто, на пример, и за палењето на огновите. Се случува ли таму пиење алкохол и слушање и играње на музика – за храната веќе говоревме, се знае дека тоа е спротивно на постот, а со самото тоа недозволиво пред Причест. Така, ако главен ориентир при секој дочек на некој црковен празник ни

е причестувањето со Христос, тогаш никогаш нема да згрешиме при решавањето на пројавените недоумици.

Друго прашање е, на пример, дали одредени обичаи при црковните празнувања се пагански остатоци или се туѓи, или се и едното и другото. На пример, палењето огнови и собирањето и делењето бадникови гранчиња. За палењето огнови, сите имаме доволно памет да знаеме каков обичај се тие, иако може да им се даде и христијанска симболика. Но, ако на огнот ги додадеме алкохолот, музиката и световните песни и игри, тогаш колку и да сакаме, нема да успееме да му додадеме и христијанска симболика – нема Причест, нема христијанство. Собирањето и делењето бадникови гранчиња е само српски народно-црковен обичај и ниту на една друга помесна Православна Црква или народ; исто како и кршењето на лебот со паричката на бадниковата вечера. Оттука па натаму, ништо нема да кажам – секој сам нека се определи.

Толкувањето дека Божик е семеен празник, како и таквото празнување, е исто така туѓо учење и туѓ обичај – неправославен. Каква врска има непорочното и бессемено зачнување и безболното и девствено раѓање со засновањето на овоземното човечко семејство? Ама баш никаква! Значи, имаме туѓо учење – неправославно, кое се надополнува со неправославна иконографија: каде што Јосиф и Марија стојат заедно наведнати пред колевката на Исус, за разлика од православната иконографија каде што Пресвета Богородица и Секогашдева Марија заедно со Богомладенецот Христос го заземаат централниот простор на иконата, а праведниот Јосиф, ако некој не знае, не ни може да го забележи на иконата – насликан негде настрана. Ако на ова го додадеме

и нарочното организирање на семејна вечера токму на Бадник, заедно со нарушувањето на определениот црковен пост, а со тоа и неможноста за Причест – се комплетира целата слика колку е сето тоа погрешно.

Исто така, се наметнува и едно друго прашање: дали со собирањето околу огновите, ние навистина Бог сакаме да Го прославиме со нашите постапки или сакаме своите овоземни или партиски страсти да си ги задоволиме? За секој жив и активен член на Црквата, па дури и за секој добронамерен и разумен човек, одговорот на ова прашање е сосем јасен: штом се нарушува постот и штом за цел се нема Светата Причест, односно штом се пали оган и штом на тоа ќе се придодадат алкохолот, световните песни, игри и шеги, како и мрсното јадење, сè е јасно. Но, за да ги освестиме тие што ова го прават, треба да ги прашаме – кога во исто време со палењето на огновите по градските маала би се организирал настап на позната турбо-фолк пејачка на градскиот плоштад и бесплатно би се делело храна и пиење, дали би останале околу огновите или би заминале на „поголемата и поубавата забава“ на плоштадот. Од одговорот на ова прашање ќе зависи и заклучокот – дали тие луѓе се собираат околу огнот од верски причини, од некакво суеверие или за задоволување на своите страсти. А одговорот знаеме каков ќе биде – масовен.

Со што, во ваков случај, се соочува секој пастир на Црквата Божја? Како мудро и со расудување да го искористи секој повод и да ги придобие луѓето за Бог и да ги спаси? Со други зборови, добро е ако атеистот го донесеме барем до бадниковиот оган – за што и не треба голем труд. На оној што веќе доаѓа на огнот, треба да му објасниме дека е добро барем да не го нарушува постот,

а на собирањето околу огнот да гледа како на собирањето на пастирите на кои им било јавено доаѓањето Христово (и така зборот *бадник* доаѓа од зборот *будник* – молитвено бдение). На оние што така се собираат околу огнот треба да им објасни дека вистинското славење на Бог, сепак, се заокружува со одење во црква и причестување со Светите Христови Тајни. Исто така, треба да се објасни дека бесмислена е семејната бадникова трпеза ако на неа мрсиме и затоа останеме без Причест на Рождеството Христово итн., итн. Само, да не послужи ова последново како оправдување за учество во световни забави и за заработка на пари. Пастирската работа со луѓето нема за цел финансиска корист, туку духовно растење на доверените ни духовни чеда. Значи, накратко: луѓето треба духовно да ги водиме и духовно да растат, а не истите луѓе секоја година да берат гранки и дрва по шумите, да палат огнови и да скокаат пијани околу нив и да останат за потсмев и на иноверните и на демоните – времен и вечен, а на голема жал на нашата Мајка, Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија.

## Огнот што требаше да се распали...

Како што „најлудата ноќ“ беше знак дека ние – луѓето од Црквата, во голема мера ја имаме промашено нашата мисија, исто таков знак, само позитивен, е самото постоење на монашкиот подвиг. Малкумина беа собрани на бдение таа ноќ за разлика од целиот свет кој во истото време го правеше тоа што го правеше, како што е малобројна монашката заедница во однос на оние што редовно учествуваат во светотаинскиот живот на Црквата. А да не говорам во однос на христијаните само по име.

Монаштвото, како посебен подвиг во Црквата, се појавува и процветува токму со престанокот на прогонот на христијанството, како продолжение на маченичкиот подвиг и етос на првите христијани. Монаштвото секогаш се појавува како своевидна реакција, како израз на незадоволство од комформизмот, од компромисот на луѓето од Црквата со овој свет. Затоа и се случува монаштвото, како харизматичен дел на Црквата, да е во одредено недоразбирање, а понекогаш и во конфликт со некои од претставниците на институционалниот дел од Црквата.

Монаштвото, но само како носител на исихастичкото предание на светите Отци на Црквата, може да се смета за плод на покајанието на една помесна Црковна заедница, на православниот народ кој во неа се црквува. Затоа, за почетокот на монашкиот подвиг велиме дека е само семе на светоста, што треба да се одгледа согласно правилата за да донесе соодветен

плод во свое време. За духовно раководство на монаси и на монашки заедници, потребен е посебен дар Божји и личен опит, кој е исто така реткост.

Ви говорам за огнот духовен што Богочовекот Христос дојде да го распали (види: Лука 12, 49), односно за содржината на делото на свети Наум, Охридскиот Чудотворец – чиј спомен го славиме денес, и на сите свети Отци – од почеток па до крај, по чии молитви, Бог барем нека нè освести смирено да размислуваме кога веќе немаме покајание на дело. Ви говорам дека не требаше да има разлика меѓу монаси и обични верници во Црквата, а ја има; како и за видливиот прогон на Црквата, заради Христос, како Нејзин заштитен знак.

# Будник

Во што се состои неискажливата убавина и големина на христијанскиот призив и подвиг? Во тоа што секој христијанин е повикан повторно да го живее Христовиот живот како свој, и тоа на свој личен начин, и во тоа што Христос повторно го живее Својот живот во секој христијанин, во секој еден од нас. Нормално, ако Црквата е Христос, продолжен низ сите векови, чиј и каков живот тогаш треба да живее Телото Христово ако не Христовиот. Истото важи и за секој поединечен член на Црквата.

Секој христијанин го живее животот на Богочовекот Христос како една целина низ сите степени од својот духовен развој, но и на секој од степените посебно. На пример, на првиот степен – *очистување на срцето од страстите*, Рождеството Христово го живееме како посета на првата благодат. На вториот степен – *просветлување на умот*, Рождеството Христово треба да го доживееме како отворање на срцето и можност за аскетска умно-срдечна молитва. Сѐ зависи од нашата вера, усрдност и опит.

Нашиот однос кон Богочовекот Христос е личносен, зависи само и единствено од нас самите. Ничиј друг однос кон Него, колку и масовно да се случува, не смее да биде пречка за нашиот точен личен однос кон Него, ниту оправдание за евентуалните наши промашувања во односот со Него. Словото изречено од еден Епископ, особено ако е точно, го одредува животот на

сите што ќе го чујат – во зависност од нивниот однос кон словото. Јас кажав што кажав – и не ми е првпат, а сите што ќе прочитаат нека видат што понатаму. Мирот Божји нека е со вас!

## Својствата на лагата

Лагата е најголемо сведоштво за отсуство на благодатта Божја. Затоа, лагата е причина за сите наши несреќи. Лагата е и знак за безизлезност и безнадежност. Лагата е безверие. Лагата е бессилност. За разлика од лагата, вистината и благодатта Божја се неразделни. Благодатта е причина за сите наши победи. Благодатта е знак дека ќе го најдеме патот и излезот од која било ситуација. Благодатта е дејствителна вера, и непобедлива сила. Вистината и благодатта ќе останат, а лагата ќе биде поразена.

Зошто луѓето лажат? Ако не се психички болни, лажат за да го скријат својот погрешен начин на живот и својот неуспех. Високата позиција во светот, без внатрешно духовно покритие, е само по себе состојба на лага. Лагата е додворување и компромис со овој свет. Лагата е самооправдување. Правилниот начин на живот нема потреба од многу зборување и покажување, тој е сам по себе нем сведок на вистината. Вистината не се плаши од овој свет, ниту од неговата лага. Вистината е слобода и слободно се изразува, во свое време. Вистината е незапирлива. Вистината не се менува, вечно е иста.

Кога еден човек ја прифаќа лагата наместо вистината, тој го прифаќа почетокот на својата смрт – духовна и физичка. Исто и еден народ. Таму каде што настапува лагата, полека отстапува благодатта Божја, отстапува вистината и вистинската вера, отстапуваат љубовта и надежта, отстапува храброста. Тогаш луѓето

го губат своето семејство, својот пород, ја губат својата земја и своите територии, и на крајот ја губат и својата татковина. И зошто? Поради една ситна лага, која ја прифатиле како вистина, а која преку соодветна суета и завист прераснала во голема лага.

Деца, монахот не смее да лаже: ниту со начинот на својот живот ниту со збор. Затоа, вистинскиот монах е голема надеж за својата Црква и за својот народ – Новиот Израил. Денес, насекаде околу нас слушаме дека Христос се роди! Но колку би сакале веќе да се беше родил и во нашите срца. Да, Христе Боже, заради Богородица, роди се и во нашите срца, Те молиме. Затоа што без Тебе сме лажни, а лагата има таква сила што ако не се покаеме, го губиме токму она што преку неа сакаме да го добиеме.

## Расудување

Некои луѓе деновиве се најдоа збунети од привидно различните изјави и различните пракси на свештенството за време на деновите на славењето на Рождеството Христово. И нормално, збунетиот речиси секогаш сака да се самооправда, речиси редовно има потреба вината за својата збунетост и за своето незнаење да ги префрли на друг, во овој случај на свештенството. Не велам дека ние како свештенство сме идеални – далеку од тоа, но збунетоста на збунетиот повеќе говори за него отколку за другите, отколку за свештенството. И затоа, на збунетиот, наместо да се занимава со другите, подобро би му било да се позанимава со самиот себе и со причината на својата збунетост, која секако е незнаењето, односно немањето духовен опит. Збунети се обично оние што се задоволни со својата моментална духовна состојба. Православниот духовен живот не признава таква себедоволност.

Со ова не велам дека знаењето, односно духовниот опит е нешто што може да се стекне одеднаш, па макар човек и да го погоди директниот пат – говорам за пронаоѓање на свој духовен отец, кој понатаму точно духовно ќе го води. Градењето на личносниот однос е долготраен процес. Но подобро е да го најдеме директниот пат отколку да губиме време по некои споредни патишта. Во една моја претходна беседа, покрај тоа што го посочив директниот пат – бидејќи имаме души што копнеат да го дознаат тоа, ги советував своите презвитери како да постапат и со луѓето кои се одлу-

чиле да се движат по споредните патишта – тоа не е негација на споредниот пат, тоа е пастирски пристап:

„Добро е ако атеистот го донесеме барем до бадниковиот оган – за што и не треба голем труд. На оној што веќе доаѓа на огнот треба да му објасниме дека е добро барем да не го нарушува постот, а на собирањето околу огнот да гледа како на собирањето на пастирите на кои им било јавено доаѓањето Христово. На оние што така се собираат околу огнот, треба да им објасни дека вистинското славење на Бог, сепак, се заокружува со одење во црква и причестување со Светите Христови Тајни. Исто така, треба да се објасни дека бесмислена е семејната бадникова трпеза ако на неа мрсиме и затоа останеме без Причест на Рождеството Христово итн., итн. Значи, накратко: луѓето треба духовно да ги водиме и духовно да растат, а не едни те исти луѓе секоја година да берат гранки и дрва по шумите, да палат и скокаат пијани околу огнови и да останат за потсмев и на иноверните и на демоните – времен и вечен, а на голема жал на нашата Мајка, Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија“[1].

Од една страна, за оние што се подготвени, го покажав директниот пат, а за оние што веќе го фатиле страничниот, им покажав како најбрзо да се вклучат во директниот пат. А оние кои, и покрај сè, се противат, би ги прашал: Кој од вас што коментираат *против* има духовен отец со кого се советува? Кој од вас е исповедан и причестен? Или, кој од вас ги знае „Симболот на верата“ или „Оче наш“ напамет, а да не

---

[1] Види: *Нема причест – нема христијанство*, стр. 98.

прашувам кој од вас држи пост или молитвено правило? Никој. Оние што имаат духовен отец и редовно одат во црква и се причестуваат, точно знаат и прават како што велам. А на тоа што го организираат некои свештеници во некои цркви, и надвор од нив, треба да се гледа како на обид духовно необразованите да се привлечат кон Црквата. Можеби свештеникот не го прави тоа секогаш свесно, но Бог Кој преку него делува или допушта, секако – да. Не е свештенството во расчекор, само Бог работите ги организира и ги допушта согласно сечие духовно образование, па да може секој да се најде негде и секој некако да се спаси.

# Последното место

Кога говориме за умно-срдечната молитва, едно од најпоставуваните прашања е каде треба да се насочи нашиот ум за да може да влезе во срцето и таму да ја твори молитвата, односно каде е тоа *место на срцето*. Оние што веќе го имаат опитот, немаат потреба од учител – нив самата молитва, самиот молитвен подвиг ги учи на сѐ што е потребно да знаат. За оние кои немаат таков молитвен опит, а сакаат да знаат каде е тоа *место*, одговорот е многу едноставен – тоа е *последното место*. Местото на срцето и последното место се една и иста духовна состојба.

Последното место е вовед во местото на срцето и почеток на аскетската умно-срдечна молитва, а самата аскетска умно-срдечна молитва е вовед и почеток на повозвишен молитвен опит. Не може да имаме опит од местото на срцето без да имаме опит од последното место. Последното место не е толку место колку што е начин – на пројава на благодатта од срцето. Последното место е клуч за разбирање на целото Евангелие и целиот православен духовен живот.

## Игра на среќа или благослов?

Лепчето со паричка, согласно светото Предание на Црквата Божја и согласно теолошката основа за тоа, се дели или крши на свети Василиј Велики (Василица) во чест и спомен на чудото што светиот Отец го направил со делењето на лебовите, накитот и златниците во нив. На овој ден си спомнуваме и за Обрезанието Господово. Ние во црквите делиме повеќе мали лепчиња – соодветно на бројот на верниците, со паричка во едното од нив, а во помалите заедници, како манастирите и домовите, едно лепче со паричка кое се прекршува согласно бројот на членовите и уште за кого друг сакаме. А денот во кој се причестуваме е посебно светол и радосен.

Сè во Црквата е соборно-лично (љубовно и слободно) и може да се организира само во заедница. Како што лепчето со паричката нема смисла да го дели или крши само еден човек, така и благословот на свети Василиј не може да биде само за еден човек – тој кому му паднала паричката, туку е за сите што учествуваат во она што се организира во негова чест и во негов спомен. Секој благослов и секоја благодат во Црквата ги добиваме поради покајанието, а тој кому му паднала паричката може да чувствува само поголема внатрешна обврска – да биде пример за покајание. Нема поголема среќа, или срешта, или средба во Црквата од покајанието на еден грешник (види: Лука 15, 7; 10).

Сега, лепче со паричка на Бадник или на свети Василиј Велики (Василица)? Лото (игра на среќа) или благослов? Световна (празна) среќа или благодат? Ин-

дивидуа или личност? Маса или заедница? Суеверие или вера? Самораководење или духовно раководство? Своеволие или послушност кон Црквата? Дали номиналниот верник (верникот само по име) воопшто знае дека е поставен пред ваква дилема, кога сам од себе прави нешто што мисли дека е побожно и што мисли дека му носи среќа, или просто со него се случува она што нашите православни браќа, Србите, многу духовито го дефинирале кога сакале да го опишат однесувањето на безличната маса: У току сам, носи ме струја?[1]

И нешто поопшто – што важи за сите црковни празници, како и за случувањата што ги придружуваат. Ако Богочовекот Христос можеше да се обреже само и само за да го исполни Законот (Заветот), иако Неговото обрезание нема така директна врска со нашето спасение – како што, на пример, има Неговото Крштение, тогаш кои сме ние да го превидуваме светото Предание на Црквата – што е совршен Закон, Нов Завет, како и Типикот за богослужби, и да измислуваме свои човечки преданија и да организираме паралелни празнувања? Сигурни сте дека Бог сака така да биде прославуван? Не сте ли помислиле, ако не Нему, кому се посветени тие? Невозможно е на двајца господари да им служиме.

---

[1] мак. Во текот сум, ме носи струјата (матицата).

# Маскирање

Маскирањето е начин на живот.

Маскирањето отсекогаш било човеков предизвик, но и соблазна.

Постои надворешно и внатрешно маскирање. Поединечно и групно.

Некој се маскира цела година, а некој се маскира два-три пати во годината.

Некој се маскира за на сите да им стане сè, а некој се маскира за од сите да добие сè.

Некој се маскира за да избрка духови, а некој се маскира за да привлече духови. Тоа видете си сами.

Некој се маскира заради потиснување на страстите или заради нивно задоволување, а некој се маскира заради исцеление на страстите.

Некој се маскира за да се заштити од секојдневните маски, а некој е зависник од своите маски. А постои и маскирање како исмевање на Божјиот лик. Си немал ѓаволот работа...

Маскирање како поука, критика, слобода на изразување, забава, целно маскирање и што ти не... Дали е навистина можно? Маски, маски, маски... Повеќе заморно отколку интересно.

Маски секако носиме.

Прашањето е: преку маска до личност или преку маска до безличност?

Не бидете сигурни дека правилно сте го сфатиле текстот, и тој е маска – не знам сè чија.

# Секој суди според себе

Отворив по празниците да ѕирнам што се случувало на Фејсбук, и што да видам... Да, секој суди според себе. За блудниот, сиот свет блудничи. За крадецот, сиот свет краде. За слугата Божји, сиот свет на Творецот Му угодува. *„За чисӣиӣе, сè е чисӣо“* (Тит 1, 15). А како да го наречеме оној што целиот свет околу себе го гледа во раскол? Секако, постои и своевиден раскол како реалност – да не навлегуваме сега каков, но постои и раскол како внатрешна состојба, како свест. Вторава состојба е побитна за размислување, во случајов – посебно затоа што токму луѓе со ваква свест се причинители на расколи, а истовремено имаат некој внатрешен порив да се занимаваат со некаков раскол, не гледајќи дека тој постои, пред сè, во нив. Што подразбирам под внатрешен раскол? Прва карактеристика, како што знаете, на внатрешниот раскол е невосогласеност на начинот на живот со степенот од духовниот развој на кој човек се наоѓа (а последица од тоа е раскол или неможност на умот и срцето да се соединат при молитвата), а втората е невосогласеноста на неговите постапки со хиерархиската позиција (без оглед дали е таа висока или ниска) што таквиот ја има во Црквата. Зборот ми е дека треба да сме способни прво својата душа да ја средиме, а потоа состојбите во Црквата. Пишувам, од душа за душа.

Да видиме што е со оние што имаат ниска хиерархиска позиција во Црквата и кои, патем речено, сами си ја одбрале. Текстот, главно, за нив и го пишувам.

Интересно прашање е: колку луѓето со таква внатрешна свест како што спомнавме погоре и ваква слаба надворешна позиција, стварно можат да направат нешто во реалноста, а посебно на социјалните мрежи – каде што најчесто ги гледаме? Очигледно ништо, но еве за нив најнапред некој совет за на социјалните мрежи. Прво, во случај да го превидат својот учинок во реалниот живот, барем нека проверат колку се читани и лајкувани или следени на профилите преку кои сакаат да постигнат нешто, и тогаш сè ќе им стане јасно. Второ, пред што било да напишат, на едно прашање треба да си дадат одговор во себе: пишуваат за да привлечат на „своја страна“ или пишуваат за да ги исцелат поделбите? Или, можеби, пишуваат од што не можат да се исконтролираат? Зашто, ако пишуваат од првите две причини – што значи со цел, тоа е повисоко ниво на пишување отколку, на пример, во нервоза и немоќ да одговараат на нешто што мислат дека ги провоцира. За да привлечат на своја страна, пак, е многу пониско ниво отколку за да ги исцелат поделбите. Духот и јазикот на тие што пишуваат за исцеление на поделби е сосем друг – нивното слово во сила и со љубов допира до срцата на луѓето. И трето интересно прашање е: ако пишуваат за да привлечат на своја страна или неконтролирано, а не со цел за исцеление на расколот, дали за тоа имаат благослов или не? Верувам дека немаат.

Време е сите да сфатиме дека поделбите ниту почнале од нас долу ниту ние можеме со погрешен начин на делување да помогнеме во решавањето. Поделбата секогаш ја почнуваат оние што начинот на својот живот не го восогласиле со степенот од духовниот раз-

вој на кој се наоѓаат, ниту пак со високата хиерархиска позиција што ја имаат во Црквата, но сепак таквата висока позиција им овозможува нивниот збор и дело многу да влијаат врз самата поделба. Клучот е кај нив. Но, и покрај тоа, прашањето е: како ние од наша ниска хиерархиска позиција да придонесеме во решавањето на поделбата? Поделбата, наједноставно кажано, се решава на евангелски начин, и нема друго решение: да не враќаме зло за зло, туку на злото да враќаме со добро. Едната страна мора да го запре кругот на враќање зло за зло. Баш ме интересира да видам која страна тоа ќе биде или која групација на една од страните? Јасно е дека, при една поделба, сите се на некој начин повредени, ама тоа никако не е оправдување за творење зло, како што досега се случуваше. Зар е тешко да се сфати дека нашата поделба долу, ја храни поделбата во разумот на оние горе – што ја направиле и што одлучуваат за неа?

Имам уште неколку прашања што сакам да ги поставам. Како да го наречеме оној кој на сите што во својата глава и срце мисловно ги одделил од себе по некоја своја субјективна основа, гледа како на безлична маса и се однесува кон нив како кон безлична маса, не разликувајќи притоа кој тука се бори за да биде подобро, кој е незаинтересиран, кој несвесно прави нештата да станат полоши, кој свесно итн.? Личноста не постапува безлично. Ако сакаме да постапиме личносно, тогаш нечие добро дело треба да го пофалиме (не мора личноста), а лошото да го искритикуваме (не личноста) – согласно видот на делата. А што да си помислиме, пак, за оној што постојано ги напаѓа токму оние чие дело би требало да го пофали и поттикне?

Се запрашал ли таквиот, кому му служи? Или, зошто некому, тие што нешто работат во Црквата би му пречеле повеќе отколку другите? Или, зошто би му пречело, некому, ако се каже нешто за умно-срдечната молитва, а не му пречи тоа што на друго место воопшто и не се спомнува? Итн.

Запаметете го следново – клучно е: не треба да постапуваме како да е нашиов црковен проблем решена ситуација. Тоа е сосем погрешен пристап. Оваа ситуација не е конечно решена, таа е во процес на решавање и за оние што се наоѓаат во неа важат сосем други правила, отколку кога би била конечно решена. Господ сака да се реши оваа и секоја поделба во Црквата, и не сака никој од нас да пропадне. Ако е така, знајте дека во ваков раскол (како нашиот) не само што постои благодатта туку Господ на оние што работат на надминување на поделбата им дава вонредна благодат. Колку покомплицирана ситуација, толку поголема благодат. Како да го наречеме сега оној што не може да ја види оваа благодат? И уште нешто. Што мислите, кога веќе Бог сака да му даде некому посебна благодат за решавање на еден раскол, ќе му ја даде ли на некој што никој не го знае и што нема висока хиерархиска позиција во Црквата или ќе ја даде на некој што ја бара и има висока хиерархиска позиција во Црквата, и кој затоа може многу да помогне? Значи, ако некој не може или не знае како да помогне, тогаш барем нека не отежнува, ситуацијата е и така доволно комплицирана. А да не зборуваме за тоа дека постојат сили, надвор и внатре, кои не сакаат овој случај да се реши. Или, и тоа уште не е јасно?

И да се вратиме на почетокот. Нели требаше

прво да видиме како да го очистиме своето срце од страстите – процес кој се заокружува со аскетската умно-срдечна молитва и соодветно просветлување на умот, па потоа да видиме како да ѝ помогнеме на Црквата. Не велам со ова дека не треба јавно да си го кажеме своето мислење и претходно, но во послушание, смирено, со љубов, и целисходно – да допре до другиот. Да гради, а не да руши. Во вакви комплицирани ситуации, мора да имаме барем основен страв Божји и една задршка: дека нешто можеби не знаеме, дека нешто можеби не ни е јасно, дека нешто можеби грешиме? Барем малку... нешто. Од каде тој толку самоуверен и самобендисан настап? Од каде таа сигурност при судење и осудување на другите? Од каде, ги прашувам, посебно оние што ниту висока позиција имаат во Црквата ниту зборот нешто им тежи? Дали нашиот личен живот ни е доказ дека сме безгрешни? Сигурно не е. Тогаш, зошто...? Ако на оној што сака и е во позиција да помогне да се реши една црковна поделба Бог му дава дури и посебна благодат, тогаш што ли ќе се случи со оној што свесно или несвесно одмага? Светото Евангелие сите нè опоменува: внимавајте да не станете и богоборци (види: Дела 5, 39). Вистина, мили мои во Христос, што ако и целиот свет го придобиеме, а на душата своја ѝ напакостиме?

# „И во темнина оди, а не знае ни каде оди“

Убаво е човек да знае да чита и да разбере што чита, а уште подобро е да знае да чита и меѓу редови, и да сфати. А многу лошо е кога ем знае да чита ем не разбира, а камоли да сфати. Убаво е кога човек може да гледа – за да види и да разбере, а уште подобро е ако може да види и зад сликата пред неговите очи, и да сфати; односно, да ги види нештата како што Бог ги гледа – да ја види големата слика, а не како што нашите очи ни ги прикажуваат нештата – парцијално, распарчено и површно. А многу е лошо кога човек ем гледа ем не видува, што би рекла народната мудрост – слеп е при очи. А што вели Богочовекот Христос? *„Ако светлината што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?“* (Матеј 6, 23).

Во денешното евангелие, на службата од Водокрст (Марко 1, 9–11), читаме дека свети Јован Го крштева Христос. Истото го гледаме и на иконата на Богојавление. И сè е тоа точно и побожно. Но што уште можеме да видиме и сфатиме покрај или зад тоа што го гледаме и читаме? Прво, да си одговориме на ова прашање: Како Богочовекот Христос со Своето крштевање би ги осветил водите, ако Он не е Истиот и што осветува; а ако Он осветува, што ќе Му е крштевање? Да, Тој е Оној што осветува и Нему не Му треба никакво осветување, а сè прави за наше спасение – Тој е Оној што прв нè возљуби. Затоа, Он се крсти од свети Јован во водите на реката Јордан, а на самиот Јован Крстител

и на сите нас ни овозможи да се крстиме со вода и со Светиот Дух, Кој само и единствено заради нас слезе. Он се крсти во водата, а водата и сѐ создадено, сета твар се освети и се возобнови – повторно стана погоден материјал за совршување на Светите Тајни. Нему Му се отворија небесата, а на нашето срце му се овозможи да стане влез и седиште на Царството Небесно. Гласот на Отецот од небесата за Него сведочи: *„Тој е Мојот возљубен Син и на Него е Мојата милост“* (Матеј 3, 17), а на сите нас восиновување ни благовести. Да, Бог се јави како Света Троица, а вистински Човек ни се покажа – како Црква.

Видовте ли, деца, како од првобитната слика што ја имавте добивте друга слика – многу поширока и поцелосна. Што мислите, дали е тоа и последната слика? Не би рекол. Сигурно и од неа има посовршена. Но, ако сакате да ја видите совршената, потрудете се прво сами да ја видите оваа што јас ви ја опишав, преку светлината што веќе ја имате во себе. Нема сега за време на празник да ви говорам за очистување на срцето од страстите, умно-срдечната молитва и за просветлувањето на умот како светлина. Празникот си бара поетски крај на беседата и такво видување на светлината и темнината: *„Кој вели дека е во светлина, а го мрази братот свој, тој е сѐ уште во темнина. Кој го сака брата си, тој е во светлината и во него нема соблазна“* (1. Јован 2, 9–10). Зошто нема соблазна? Затоа што секое зло од братот го доживува како Христос да го прашува: „Ме љубиш ли?“ *„А кој го мрази братот свој, тој се наоѓа во темнина, и во темнина оди, а не знае ни каде оди, бидејќи темнината му ги ослепила очите негови“* (1. Јован 2, 11).

## Вистинско сведоштво

*На другиот ден, Го виде Јован Исус како доаѓа при него и рече: „Еве го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе“.* (Да, паднат човек не може да спаси паднат човек, туку Богочовекот Христос го спасува паднатиот човек.)

*Овој е, за Кого што реков: „По мене иде Човек, Кој пред мене беше, оти постоеше порано од мене“.* (За Кого што ви реков дека кон Него ве водам – не кон себе, затоа што од Него на дар ве примив, бидејќи Е вистински Бог.)

*„Јас не Го познавав, но дојдов да крштевам со вода, за да биде Он објавен на Израилот.“* (Вие не Го познавате, но секој што во послушание ќе го очисти своето срце од страстите, ќе Го познае и ќе Го сведочи во Новиот Израил.)

*И сведочеше Јован, велејќи: „Го видов Духот да слегува од небото како гулаб и застана над Него. Јас не Го познавав, но Оној што ме прати да крштевам со вода* (Оној што прв ме возљуби и позна, и Којшто ми даде вонредна благодат на преобразување), *ми рече: ’Врз Кого видиш да слегува Духот и да застанува над Него, Тој е Кој ќе крштева со Дух Свети‘“.* (Јас ве водам по патот што го поминав: лично ваш е подвигот на очистување, но лично Негов е двоедниот дар на отворање на срцето и на аскетската умно-срдечна молитва; лично ваш е подвигот во оваа молитва, а лично Негов е двоедниот дар на просветлу-

вање на умот и духовно воспитание и образование на другите.)

*„И јас видов и засведочив дека е Овој Син Божји“* (Јован 1, 29–34).

## Исцелително свештенство

Зошто е така далеку од нас тајната на исцелителното свештенство? Затоа што не се исцеливме самите себе, а мислиме и пробуваме другите да ги исцелиме – и тоа согласно делот од целото што нам ни изгледа дека е цело. А сѐ е толку едноставно, цело. Толку, што човек само треба да влезе во целото и прво да се види, па потоа и да се пронајде самиот себе, исцелен.

Почеток на вистинското свештенство е исцелението на расколот меѓу умот и срцето. Секоја лична и соборна болка и страдање произлегува од оваа внатрешна поделба и се исцелува со нејзиното исцеление. Севкупното исцеление е содржината на умно-срдечниот живот на еден свештеник Божји, *веќе и уште не*, остварено во Светата Евхаристија.

Тајната на свештенството е дар Божји за секој човек. Целта на православниот свештенички живот не е подели преку страстите, па остави му на демонот да владее во и преку тебе, туку соедини во слобода и љубов, исцелувајќи ги страстите, па овозможи Му на Богочовекот Христос да им служи на сите во и преку тебе. О Боже, погледни на мојата немоќ...

## Избор на учинковен дострел

Православниот духовен живот се заснова единствено на *сакам* или *не сакам*, а не на *можам* или *не можам*. На слободниот избор, а не на човечките можности. Сакам да Го послушам и да Му учинам на Бог или не сакам, и толку. *Сакам* исклучиво зависи од нас, а *можам* е Божја и човечка синергија која, на крајот, исклучиво зависи од Бог. Изборот и силата да сакаме, или не, нѐ прави и личности и одговорни, лично одговорни. *Можам* или *не можам* е обично самооправдување, и гордост. Самооправдувањето нѐ обезличува, а не нѐ ослободува од одговорноста.

На оној што сака во Бог, Бог ќе му даде сила и да може. Наше е да сакаме и да ги вложиме сите наши сили, а Бог (ако сака) ќе ни содејствува. Опитот покажал дека Бог секогаш ни содејствува, прашање е само на време и проверка – како запознавање на самите себе и на Божјата љубов. Ако сакам, во Бог, можам. Крајот на секое *сакам* во исполнувањето на Божјата волја е едно Божјо чудо. Нема мали и големи Божји чуда. Секое Божјо чудо просто безмерно го надминува нашето човечко *можам*, а нашата вера ја претвора во духовен опит и знаење.

Слободниот избор во Бог, вообичаено (со исклучоци) го определува и нашето место и учинковниот дострел, како и видот на делување во Него. На пример: во манастир или во брак, ќе се молам пет минути или пет часа? Силата Божја ја немаме однапред, го имаме само слободниот избор – *сакаме* или *не сакаме*, и

малку вера. Силата доаѓа потоа, ако покажеме дека сакаме. Изборот нè определува нас, а не Бог. Подвигот трае долго. Затоа да внимаваме. Говорев за слободен избор во Бог. Има и слободен избор надвор од Него, надвор од Неговата љубов за секој еден човек.

## Антиномичноста на заедницата

Да подзастанеме малку и да подразмислиме, браќа и сестри, постои и некој ред во нештата. Особено во Божествените нешта. Хармонија и редослед на постапките.

Постои личносен пристап кон нештата, својство на изградена, зрела личност, и постои безличие. Безличието е хаос, безредие. За што се работи овој пат?

Заедницата е антиномична – света е, ама составена од грешници. Не се збунувајте. Тоа е и единствениот амбиент за растење и созревање на личноста. И знаете што? И нема друг.

Ама, и зрелоста на заедницата зависи од личностите што ја сочинуваат. Затоа, на заедницата, како и на самите себе, најмногу можеме да ѝ помогнеме однатре, како нејзини живи членови. И не толку со проповед колку со личен пример.

Личниот пример е жив прекор и предизвик – за нејзината совест. Заедницата, пак, најпрво на своето му се противи, но истовремено и го трпи, а дури потоа го следи. Несвесно или свесно.

А своето ја трпи заедницата колку таа и да му враќа со нељубов, на почетокот. Оти во неа се родило, и е благодарно. И расте како личност, во „нељубовната“ љубов на заедницата. Заедно со заедницата.

На заедницата може да ѝ помогне и оној што ја напуштил или се приклучил на друга. Ако тоа му била целта при напуштањето. Ако сака и е во позиција да помогне. Некогаш дури неопходна. Помош дејствителна.

Заедницата не прифаќа безлична критика однадвор, особено не од оној што ја осудил и напуштил. Но затоа прифаќа индиректна критика – со расудување, како пофалба на она што е добро. Затоа што доброто го препознава доброто, дарот го препознава дарот. Тоа е личносен пристап, и веќе љубовно општење.

Ставањето на сите од една заедница во ист негативен контекст и критика, без расудување, нели сведочи за острастеност, како и за од неа заслепеност? Да не видиш ништо добро кај другиот... Нели тоа покажува самооправдување, но и самодокажување, во безличност? Нели покажува желба за привлекување на своја страна, а не за исцелување на поделбата. И што сме направиле?

Кога навистина сакаме за некого да направиме нешто од љубов, нели претходно се грижиме и размислуваме дали и колку е подготвен другиот да го разбере и прифати нашиот акт како љубов? И ако сфатиме дека нашето дејствување нема да биде прифатено на тој начин, или не го правиме или го прилагодуваме, или правиме нешто друго што ќе допре како љубов.

Секоја порака само преку љубов се прима. Најдобро преку личен пристап. Единствено кога сакаме да вратиме зло за зло, да навредиме, отсуствува оваа грижа и личносниот пристап. А заедно со нив и молитвата.

Добар почеток е ако почнеме да ги почитуваме духовните правила на однесување, кон себе и кон другиот – како што е погоре опишано. А крајот е саможртва до Распетие. Воскресение, се подразбира. Уште сега и овде.

Гледате, и заедницата треба да се грижи за тие што се оделиле од неа, инаку не се случува заедница на љубов.

## Дали навистина искушенијата не ги надминуваат нашите сили?

Општ, прв дел

Често слушаме дека Бог не допушта искушение што ги надминува нашите сили. Дали е тоа баш така? Ако е така, тогаш зошто паѓаме? Дали затоа што изгледа дека го сакаме гревот повеќе од Бог, или нешто друго е во прашање? Се чувствува потребата и ова тврдење, што често го слушаме, правилно да се објасни.

Падот во искушение, на оние што мислат дека се наоѓаат на првиот степен од духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*, кои инаку се трудат во подвигот, најчесто се случува од две заемно поврзани причини: прво, не се наоѓаат под духовно раководство, односно пробуваат да се самораководат во духовниот живот, или пак криjат нешто од духовниот отец; и второ, немаат духовен опит, односно пребиваат во незнаење. Накратко, паѓаат поради неправилен духовен подвиг.

Запаметете убаво: оној што не е под духовно раководство, тој не се наоѓа на првиот степен од духовниот развој, или во природен начин на живот, туку во противприроден и затоа, просто, таквиот, и покрај трудот што го вложува, нема благодат да го надмине своето конкретно искушение или да се ослободи од своите страсти. Тоа е тајната на неуспехот, а не дека го сака конкретниот грев повеќе од Бог.

Што точно се случува? Еве што: Бог навистина допушта искушенија што ги надминуваат нашите,

само човечки, сили (инаку како духовно ќе растеме и созреваме?), но истовремено преку послушанието, благословот и молитвата на духовниот отец, Бог ни ја дава Својата благодат тие искушенија, со Негова помош, и да ги надминеме. Не ни постои друг начин на кој би можеле правилно духовно да растеме, освен, како во случајов – да ја согледаме нашата немоќ, а истовремено и Божјата сила.

Значи, наше е само малку да се смириме, да се потрудиме да бидеме во послушание, и со вера и мал напор, своеволно да им се спротивставиме на страста, демонот и гревот – уште додека не чувствуваме сила, а потребната Божја благодат за победа над искушенијата сигурно набрзо ќе дојде. Бог ни е верен – не е неверен, така што на гордите им се противи, а на смирените им дава благодат (види: 1. Петар 5, 5).

## Дали навистина искушенијата не ги надминуваат нашите сили?

### Посебен, втор дел

Во првиот, општ дел, видовме дека искушенијата што Бог ги допушта навистина ги надминуваат нашите, само човечки, сили. И уште, ја видовме клучната улога на духовниот отец за оние што се наоѓаат на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, преку чиј благослов се добива Божјата благодат или сила со која тие ги надминуваат искушенијата. Зошто е тоа така поставено?

Поопширно сме го објаснувале односот *духовен отец – духовно чедо* повеќепати досега, а сега само ќе се потсетиме дека започнувањето на процесот на исцеление на умот преку послушанието кон духовниот отец е единствениот влез во целокупното Предание на Православната Црква, односно наше отворање кон Божјата благодат, која нè исцелува, преобразува и боговподобува. Со други зборови, благодатта на Светите Тајни, во кои веќе учествуваме, не ни содејствува ако не влеземе во послушание кај духовен отец.

Но, како конкретно духовникот ни помага во часот на искушението? Прво, да видиме како настанува искушението. Нели (како што знаете), демонот преку предлог-помисла, па преку разговор на нашиот ум со неа и будење на нашите страсти, па преку согласност со предлогот и негово симнување и појавување во срцето како желба, го заробува нашето срце и го инструира нашиот ум како да ја спроведе гревовната желба во

дело. Значи, тенденција на секоја гревовна предлог-помисла е да биде прифатена во срцето, зашто дури од тој момент таа станува вистинско искушение.

Единствен начин – за оние што се наоѓаат на нивото на очистување на срцето од страстите, преку кој можат да се ослободат од веќе прифатената гревовна помисла и од демонската борба за нејзино спроведување во дело – се покајанието и исповедта пред духовниот отец, на пројавената гревовна желба и на помислите што ја следат. И нема друг. Значи, сè додека нашиот ум е во разговор со гревовната предлог-помисла, во наша власт е да ја отфрлиме, но ако се согласиме со неа и таа влезе во срцето, и се поврзе со неговата желбена сила, тогаш само исповедта пред свештеник може да нè ослободи од нејзиното погубно дејство. Во тоа најчесто се состои главната помош што ја имаме од нашиот духовен отец. Превенцијата е друга тема, но таа повторно е поврзана со послушанието.

Дури и да нема моментални услови гревовната желба да се спроведе во дело, опасноста е во тоа што по повеќе такви прифаќања нашето срце станува заробеник на страстите и се затвора за делувањето на Божјата благодат во него, а самото негово исцеление подоцна станува сè посложено и посложено. А Господ не рекол дека само оној што направи грев тоа ќе му се земе за грев, туку ако некој само и помисли во своето срце на грев (што значи да прифати гревовна помисла), тоа веќе ќе му се смета за грев (види: Матеј 5, 28). Тоа е и новоста на Новиот Завет – чистотата и на срцето.

А кај оние што го имаат двоедниот дар на умно-срдечната молитва и просветленоста на умот, за

разлика од оние кои сè уште го чистат своето срце од страстите: прво, гревовната желба тешко може да пробие до нивното срце (преку енергијата на умот да се симне во неговата суштина во срцето); и второ, дури и тоа да се случи при некое големо директно искушение, таквите лесно можат преку молитвата во срцето да се ослободат и од самата гревовна желба и од нејзиното погубно влијание. Но, ова е сосем друга тема.

# Дали навистина искушенијата не ги надминуваат нашите сили?

## (Да си простиме себеси)

### Посебен, трет дел

Рековме дека умот, на оние што се наоѓаат на вториот степен од духовниот раст, самиот свештенодејствува пред олтарот на своето срце и самиот се ослободува од страстите во содејство (или синергија) на Божјата благодат, додека кај оние што се наоѓаат на првиот степен од духовниот раст, тоа свештено дело го совршува самата Божја благодат, но само преку нивната исповед пред духовниот отец, како сведок на нивното покајание. Со други зборови, оние што се на првиот степен, не можат да го поминат процесот на очистување на срцето од страстите без духовно раководство од духовен отец. Еве и зошто.

Срцето, како духовен центар на човекот, има три сили: една словесна – умот, и две бесловесни – волјата и желбата. Волевата сила уште се нарекува и раздразнителна. Овие три сили, пред своето очистување боледуваат од три страсти – по една за секоја од нив посебно: умот боледува од славољубие, волјата од среброљубие и желбата од сластољубие. Теоретски, заразеноста на која било од силите (и на само едната од нив) со соодветната страст, го валка самото срце, како нивни центар и извор, а пак, срцето ги валка и ослабува другите две сили – во случај да не се толку изразено извалкани и заболени, заради соодветен подвиг

на воздржание и обид за нивно преобразување.

Што се случува во пракса? Најчесто христијаните се воздржуваат од грубите страсти, како што се: блудот, прејадувањето, претераното украсување и нега на телото (што е знак за сластољубие) или криминалното богатење, зависта и гневот кон богатите, безмилосноста кон сиромашните, како и бесчувственост кон страдалниците воопшто (што е знак на среброљубие), но многу слабо внимаваат на суптилната страст на умот – славољубието, која се пројавува како борба за човечка власт и слава, високо мислење за самите себе, суета и општа гордост – што значи доверба единствено во својот разум и во она како тој ќе си ги разбере работите, како и постапувањето според тоа.

Дури воздржанието, или потиснувањето – во случајов, на грубите страсти може да биде само храна за суптилната страст на умот – демонското славољубие и гордост. Затоа, наједноставен и единствен начин да ги исконтролираме бесловесните сили на душата е да ја ставиме нејзината словесна сила – умот, под контрола. А нема друг начин освен нашиот ум преку послушание кон духовниот отец да го ставиме во процес на исцеление. Потоа, словесното во нас само по себе ќе го контролира и бесловесното, со помош на Божјата благодат, и соодветно на својата исцеленост. На пример, во процесот на исцеление, најчесто умот преку волјата може да ја контролира и желбата, но поретко и обратно – преку силната желба да ја мотивира волјата. Сега веќе може да се разликува со која сила на душата, која страст ќе се контролира и преобразува.

Додека, пак, на ниво на заробеност на срцето од страстите – кај оние што живеат противприроден

начин на живот, страснитеројави се толку поврзани и испреплетени што тешко може да се разликува која страст со која душевна сила е поврзана – секоја од нив може да ѝ се припише на која било бесловесна душевна сила – тоа се гледа и кај толкувањата на светите Отци. Но, најчесто во овој случај желбата ја покренува волјата кон грев, а умот е немоќен или не сака тоа да го спречи.

Задоволувањето на страста на славољубието (гордоста) е главниот грев и главната пречка за дејствување на Божјата благодат во нас. Затоа и рековме, благодатта на Светите Тајни, во кои веќе учествуваме во Црквата, не ни содејствува ако не влеземе во послушание кај духовен отец и дека процесот на исцеление на умот преку послушанието кон духовниот отец е единствениот влез во целокупното Предание на Православната Црква. И Светото Писмо го потврдува истото – дека Бог на гордите им се противи, а на смирените им дава благодат (види: 1. Петар 5, 5). (Заробеноста од славољубието или гордоста и делувањето на помислите при таква состојба е една посебна тема на која другпат посебно ќе се задржиме.)

Штом е така, ајде прво да си простиме себеси, да го искористиме почетокот на Великиот пост, да пронајдеме духовен отец пред кого ќе се исповедаме, од кого ќе добиеме правило за духовен подвиг и од кого ќе добиеме благослов за Причест со Светите Христови Тајни – без ова ќе останеме христијани само по име.

(Крај, ако има)

# Страдав, без Него, и не ми помогнавте

Се сеќавате, сите, на евангелското четиво од минатата недела што се однесуваше на Страшниот суд[1]. Кога Господ ги оддели оние што ја исполнуваа Неговата волја од оние што не ја исполнуваа, односно оние што Му послужија од оние што не Му послужија, и на двете групи им го предочи истиот критериум за Својата постапка: дали Му помогнале кога Он бил гладен, жеден, странец, необлечен, болен и во затвор.

И двете групи Му одговорија со истото прашање: *„Господи, кога Те видовме?“* Само што праведниците со тој одговор, како и во текот на својот живот, и тогаш се самоосудуваат, додека другите со истиот одговор, како и во текот на својот живот, и тогаш се самооправдуваат. Праведните со тој одговор побараа прошка од Богочовекот Христос затоа што не Го препознале докрај, во обичниот страдалник, инаку и повеќе би сториле за Него; додека другите со тој одговор Го обвинија Господ како измамник и ја пропуштија последната шанса што Он, влегувајќи во дијалог со нив, им ја пружи – слободно да побараат прошка и да се спасат. Но, ајде да видиме кои се всушност најголемите страдалници со кои Христос се поистоветува?

Кога денес ги гледаме оние што јавно нè напаѓаат, со желба да нè повредат, ние треба секој напад врз нас да го примаме во себе како барање одговор на прашањето: „Ме љубиш ли?“ – што всушност и ни го

---

[1] Види: Матеј 25, 31–46.

поставува тој што сака да нè повреди; и секогаш да се молиме за нив – никако не враќајќи им зло за зло. Дури и секогаш кога ќе ни се пружи можност, треба да им направиме добро. Што им овозможуваме со тоа? Прво, Го сведочиме Богочовекот Христос и Неговата љубов за секој еден човек (која свесно или несвесно, сите ние ја бараме); и второ, му овозможуваме на оној што сака да нè повреди и атмосфера (внатрешна и надворешна), како и време за покајание. Оној што е отворен за доброто и за вистината, со време ќе ја препознае љубовта Христова.

Притоа, нашата најискрена желба и молитва за таквиот човек треба да биде тој навистина да се покае, а не да не се покае и стореното зло да му биде причина за отпаѓање од Бог, и сето тоа што потоа следува. Најподмолен непријател на нашиот аскетски подвиг за љубов кон непријателите, иако не им враќаме зло за зло, е недоволно освестената желба тие сепак да не се покајат и да им се случи зло поради злото што го направиле – маскирана во вид на исполнување на некаков праведен Божји суд. Како да победиме во оваа суптилна борба што се одвива во нашите срца?

Нема друг начин освен, покрај тоа што нападот на оној што сака да нè повреди, ќе го доживееме како лично прашање од него до нас: „Ме љубиш ли?“ и како предизвик да ја посведочиме Христовата љубов во овој свет – за што сме и повикани, ние тој напад треба да го доживееме и како прашање: „Ме љубиш ли?“, поставено лично од Самиот Богочовек Христос до нас, преку (или во ликот на) оној што во тој момент сака да нè повреди. Ако во ликот на непријателот Го препознаеме Самиот Христос, тогаш ќе го пресечеме во корен секое нега-

тивно чувство кон него и многу полесно ќе се молиме и ќе му вратиме со добро, иако тој нè повредува.

Христовата љубов и кон непријателите е единствената сила со која само Црквата на Светиот Дух располага и која единствено може да го освести и преобрази овој свет. Најголеми страдалници во овој свет не се оние што навистина страдаат, а кои притоа соодветно ги теши благодатта Божја поради нивната вера и благодарност кон Бог, туку оние што зависни и опиени од овој свет, можеби не телесно – иако и тоа на крај доаѓа, но душевно сигурно страдаат, а всушност се гладни за Христос, жедни за Христос, необлечени во Христос, странци за Христос, затворени за Христос и болни без Христос, а тоа не го ни знаат.

Свет Духу, Господи, по молитвите на Пресвета Богородица, откриј ни ја Христовата љубов – не само теоретски, туку и опитно.

## ...Ни смртта, ни животот...

Кога Филип му кажа на Натанаил дека Го нашле Исус, за Кого пишувал Мојсеј во Законот, и Пророците, овој го прашува: *„Може ли нешто добро да излезе од Назарет?“* Под претпоставка дека Натанаил не би тргнал по Филип, кога овој го повикува да дојде и да види, прашањето на Натанаил би било уште само едно од мноштвото сведоштва на една обична предрасуда – донесување заклучок за некого (или нешто) со кого немаме заедница и познание од опит. Но Натанаил, како и секој вистински боготрагател, оди да види и во опит од заедница да ја препознае Вистината – ако таа навистина се случува. Истото го сведочи и Богочовекот велејќи: *„Еве вистински Израилец, во кого нема лукавство“*.

Натанаил Му поставува едно многу нормално прашање: *„Од каде ме познаваш?“* – кога првпат се гледаат. Тогаш Христос му открива дека Тој е Оној Кого Натанаил молитвено Го барал во своето срце *(„Уште пред да те повика Филип, кога беше под смоквата, Јас те видов“)*, а Натанаил во Богочовекот Го препознава Синот Божји Кого тој единствено и Го барал. А кој друг би можел да знае што се случува во срцето и умот на Натанаил – освен Самиот Бог и самиот Натанаил.

Деца, и другпат поопширно го имам толкувано ова евангелско четиво (види: Јован 1, 43–50)[1], но сега

---

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, „Ни Јас не ви кажувам...“, Библиотека Воведение, Велјуса, 2008, стр. 206-209.

само накратко сакам да се задржам на една заедничка нишка што е карактеристична и за личниот подвиг на Натанаил од денешново евангелие и за православната вера воопшто, која (нишка) заедно денес ја славиме во Неделата на Православието. Таа заедничка нишка, која единствено може да ја одржи чистотата на нашата вера, е нашиот севкупен подвиг во барање (како себедавање) на Бог, само и единствено на Бог, и на ништо друго – дури и на никакво друго барање и од Самиот Него.

Видете, деца, секое друго барање при доаѓање во Црква, како што се: здравје, среќа, благосостојба, па дури и некакво спасение, а не барање на само Него и единствено Него – пројавено како себедавање Нему, е валкање на чистотата на нашата православна вера; а нас самите нѐ деградира – од деца Божји во наемници (кои работат за награда) или робови (кои нешто чинат или не чинат од страв). Зашто оној што нема да го добие тоа што го бара, многу лесно може да ја изгуби и својата вера, додека оној што Го бара само и единствено Бог, тој брзо и Го наоѓа, а таквиот што ќе го одвои од љубовта Христова: *„Тага ли, неволја ли, или гонење, глад ли, или голотија, опасност ли или меч? Како што е напишано: 'Заради Тебе секогаш нѐ убиваат; нѐ сметаат како овци за клање'. Но во сето ова победуваме преку Оној, Кој нѐ возљуби. Оти сигурно знам дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни силите, ни сегашнината, ни иднината, ни височината, ни длабочината, ниту, пак, некоја друга твар ќе може да нѐ одdели од љубовта Божја во Христос Исус, нашиот Господ"* (Рим. 8, 35–39).

## Патот кон совршенството

Не сме совршени, далеку од тоа. Затоа, првиот наш внатрешен двиг, првиот момент по претрпената повреда од некого ќе ни биде погрешен – поради острастеноста, односно заробеноста од гордоста (суетата). Затоа и не сме ни толку одговорни во тој момент. Во првиот момент и со првиот наш двиг, битно ни е да не одговориме со лош збор (или, не дај Боже, дело) на кој било напад и со тоа да го умножиме злото; битно е да ги исконтролираме нашите зборови и дела. Реален проблем ни е вториот момент и вториот наш двиг, односно да подзастанеме и да се потсетиме што сѐ сме должни да направиме како христијани, и тоа да го направиме. Овде лежи целата наша одговорност како православни христијани. Притоа не се битни падовите и неуспесите – и тие се дел од животот, битно е да стануваме и да продолжиме со подвигот – со доверба во Божјата љубов, а Божјата благодат, во свое време, ќе нѐ исправи и ќе направи цврсто да застанеме на свои нозе.

Што точно ние, како Христови ученици, треба да направиме при една повреда, од кого било – во вториот момент? Прво, да се сетиме дека која било повреда што ни се случува е всушност прашање лично поставено од Христос до нас – дали Го љубиме? Оваа мисла многу ја релаксира целата ситуација. Ќе видиме од опит кога на тој начин ќе постапиме. А треба така да постапиме затоа што, по својот призив, ние сме сведоци на Христовата љубов како единствена сила што може да го преобрази и спаси овој отпаднат свет, а

истовремено поради тоа што Христос се поистоветува со секој еден човек – посебно со отпаднатиот. Второ, веднаш треба да се потсетиме на петте точки за надминување на едно искушение и да почнеме да ги спроведуваме во дело. И трето, важно е да се вратиме на третата точка (од процесот на надминување на искушението), односно да го побараме и да се потсетиме на одговорот на прашањето зошто заслужуваме полошо и од тоа што ни се случува.

За оние што досега се обучени во она што го напишав погоре, не мора веќе да читаат. А оние што првпат се среќаваат со материјава, ако сакаат да научат нешто повеќе, нека продолжат да читаат – не е долг текстот.

Да се потсетиме уште еднаш на петте точки во надминувањето на едно искушение. Секое искушение, од големо до најмало и од внатрешно до надворешно, правилно го надминуваме секогаш на истиов начин: прво, го прифаќаме како дар Божји (без оглед што може да ни се случи) и како допуштение Божјо; второ, Му благодариме на Бог за тоа; трето, се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од она што веќе ни се случува; четврто, ја продолжуваме молитвата, ама не како борба против искушението (тоа би значело дека не сме го прифатиле како Божји дар и дека не Му благодариме), туку како градење заедница со Бог, со тоа што истовремено се молиме и за тој што нè повредил – и ја возобновуваме, пред сè, внатрешната заедница со него; и петто, не му покажуваме (надворешно) на демонот, ни на лице, ни со збор, ниту со некоја постапка дека се наоѓаме во искушение.

Сега, за да се вратиме на третата точка (од

процесот на надминување на искушението) – односно да го побараме и да се потсетиме на одговорот на прашањето зошто сме ние самите секогаш виновни за сè и зошто заслужуваме полошо од тоа што ни се случува – добро е уште еднаш да се потсетиме што е барање на Божја, а што на човечка правда.

Барање на човечка правда е кога критериум на нашиот живот станува човекот – неговиот живот, неговите морални вредности, неговите закони и неговата правда. На пример, ја бараме човечката правда кога во моментот на некое искушение, кога некој со нешто нè повредува, не постапуваме како што Христос би постапил, туку ги мериме постапките на другиот според човечките критериуми за правда: дали некој ни прави зло без ние претходно да сме му направиле зло, дали на тој што ни направил зло ние претходно сме му направиле дури и добро или дали постои несразмерност меѓу малото зло, кое ние волно или неволно сме го направиле, со големото зло, кое потоа го трпиме од другата страна. На тој начин секогаш вината ја лоцираме во другиот – во неговото непостапување според нашето само човечко, острастено очекување и нашиот човечки критериум за добро и праведно.

Барање на Божја правда е кога во секој момент од нашиот живот се трудиме да живееме како што Богочовекот Христос живеел и како што Он ни заповедал да живееме. На пример, ја бараме Божјата правда кога во моментот на некое искушение, кога некој со нешто нè повредува, после нашата прва реакција, застануваме, се погледнуваме себеси и си велиме: „Дали сум јас сега сличен со Христос, дали постапувам како Него? Дали Христос во мојата ситуација би ги имал тие чувства,

тие мисли, дали би ги кажал тие зборови, дали би го направил тоа што јас сега го правам...?“ И ако сме само малку искрени со самите себе, ќе сфатиме дека сме многу далеку од тој идеал, затоа што секако ќе забележиме во себе тенденција на враќање зло за зло – било во помислите, било во чувствата, било со зборови или со дела. На тој начин секогаш ја наоѓаме вината во нас – во нашата несличност со Христос.

Значи, што е поентата на сознанието и на освестувањето дека заслужуваме уште полошо од она што ни се случило, низ призма на барањето на Божјата правда, а не на човечката? Поентата е што, ако освестиме дека и при мала повреда не сме слични со Христос и постои тенденција во нас на некој начин да вратиме зло за зло, тогаш логички можеме да заклучиме дека, при поголема повреда, не е чудо и злосторници да станеме – кога би имало услови за тоа. А ова е согласно и забележливо и преку помислите што нè напаѓаат во тие моменти. Затоа и заслужуваме и полошо од тоа што ни се случило. Секако, Бог, како добар Отец, допушта само толку колку што е доволно за наше духовно растење и созревање, но само (како што веќе сме објасниле) ако сме во послушание на духовен отец, односно ако умот ни се наоѓа во процес на исцеление. И на крај, ова освестено самосмирување, кога се осудуваме себеси на полошо од она што веќе ни се случило (затоа што знаеме и дека сме го заслужиле), ја смирува нашата мисла подолу од она ниво на кое демонот има допуштение да нè нападне и сите негови напади ги прави бесплодни.

Денес, кога го славиме светогорскиот монах и Солунскиот Архиепископ, светиот наш отец Григориј

Палама, во втората недела од Великиот пост, пригодно е да се потсетиме и дека тој не се родил како созерцател на божествената несоздадена Светлина, туку дека тој тоа станал, следејќи ги макотрпно патот и Преданието на светите Отци на Црквата, кои погоре ви ги опишав, под будното око на Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија – пред Која постојано се молел.

По молитвите на свети Григориј Палама, Боже, просветли ја мојата темнина.

P.S. Текстот е посветен на нашиот во Христос брат Петар Милошевски.

## Крст со смисла или бесмислен крст

Видете, деца, сите имаме свој крст – прашањето е: сакаме да носиме крст со смисла, со утеха и надеж, како разбојникот распнат од десната Христова страна, или сакаме да се мачиме со бесмислен крст, како разбојникот распнат лево од Христос? Мислам дека изборот не е тежок. Затоа, ајде да не губиме време и вистински да го почитуваме Крстот Христов, црпејќи ја од него силата на преобразувањето и воскресението. Вистинско почитување или поклонување на Крстот значи вистинско живеење според Крстот.

Што значи тоа вистинско живеење според Крстот?

Па, на степенот на очистување на срцето од страстите, тоа е ставање на умот во процес на исцеление преку послушание кон духовен отец. Без ставање на словесната сила во процес на исцеление, нема очистување на срцето од страстите. Бидејќи целата борба произлегува однатре – од заробеноста од страстите и демонот поврзан со нив, на тој степен секој може да го носи само својот крст. Со Крстот Христов во своите раце, односно со смирение, со послушание, со трпение и надеж се бориме и ги одбиваме нападите на нашите непријатели – демоните (не луѓето).

На степенот на просветлување на умот, преку умно-срдечната молитва, вистинско живеење според Крстот е подвигот на аскетска љубов кон непријателите и задржувањето на умот – колку што е можно повеќе во текот на денот – во аскетски молитвен подвиг внатре во срцето; таму каде што благодатта на Крштението му

покажува. Демонот е оневозможен да напаѓа однатре преку страстите; тој напаѓа однадвор преку луѓето под негово влијание, со цел да го спречи тој внатрешен подвиг. Оној што е на овој степен, повеќе го носи крстот на другите, односно тој крст и неговиот се слеваат во еден и ист крст – се поистоветуваат. Се поистоветуваат, значи, и неговиот крст со крстот на сите оние за коишто се моли, што е лесно сфатливо, нудејќи ги пред Бог дури и своето здравје и својот живот заради исцеление и спасение на другите, но и неговиот крст со крстот на оние што неправедно го напаѓаат.

Зошто неговиот крст се поистоветува и со крстот на неговите непријатели? Токму затоа што, како што ви објаснив и во претходната беседа, на злото од непријателот треба да одговори со Христова љубов. Љубов што на непријателот му овозможува време и услови за покајание. Љубов што внимава да отстрани од своето срце секаква скриена желба духовниот закон да подејствува, та оној што направил зло да го сретне истото на патот – умножено, од една страна, поради љубовта со која му било вратено, а од друга страна, поради упорноста во злото и непокајанието (види: Изрек. 25, 21–22). Љубов што прави двата крста да се проземаат, а долго време да ги носи само еден човек. Таквиот го носи крстот во своето срце и таинствено го привлекува и штити народот околу себе.

Оние што се на степенот на боговподобување (обожение), таквите, велам, учествуваат во самиот Христов Крст. А крст свој – немаат. Инаку, преку Неговото Воскресение веќе преминале од смрт во живот – уште во овој век, и на суд нема да излезат (види: Јован 5, 24). Што тоа точно значи, ќе видат оние што ќе дојдат

до просветлување на умот. Сѐ друго е бесплодна фантазија.

Божјиот дар, обично, на самиот почеток не го препознаваме веднаш како дар – во сите негови димензии, зашто секогаш ни се дава прво како крст. Крстот, пак, треба најпрвин аскетски да го прифатиме како дар, за потоа – кога ќе го усвоиме благодатно и лично, да можеме да ги согледаме сите негови димензии – што се неговата ширина и должина, и што се неговата длабочина и височина; и на тој начин да ја узнаеме Христовата љубов што го надминува секое знаење (види: Ефес. 3, 14–19).

## Пост на умот

На првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, пост на умот би било ставањето на разумот во процес на исцеление преку целосрдечно послушание кон духовниот отец, односно и надворешно и внатрешно послушание. Истото, кажано со други зборови, би гласело вака: пост на умот е восогласување на начинот на живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме.

Ова восогласување е најбитно за почетниот степен од духовниот развој, зашто на почетниците тоа им е голема непозната, а се остварува веднаш штом ќе го стават умот во процес на исцеление преку послушанието, што е истовремено и премин од противприроден во природен начин на живот. Repetitio est mater studiorum[1].

Зошто на почетокот поконкретно го спомнав разумот и можеби првпат за ова ви говорам? Затоа што разумот, кој би требало да биде алатка на умот за снаоѓање во овој свет, од алатка се претворил во господар на нашиот ум и речиси крајно ја попречува основната функција на умот – комуникацијата со Бог. Преку острастениот и хипертрофиран разум, демонот ја попречува чистата молитва, како и заедницата на нашиот ум со Бог.

Телесниот пост е чисто послушание. Тоа е неговото најголемо значење за нас. Прекршувањето на те-

---

[1] лат. Повторувањето е мајка на знаењето.

лесниот пост е отпаѓање од послушанието кон Црквата Христова и од благодатта на Светиот Дух. Дури потоа доаѓа и неговото телесно значење, затоа што телото е дар Божји и храм на нашата душа, за кој исто така треба да се грижиме. Но, и во двете значења тоа е всушност само пост на умот. Затоа што ништо што влегува во устата не го валка човекот, туку само тоа што од неа излегува (види: Матеј 15, 18).

По молитвите на свети Јован Лествичник, Господи Исусе Христе, помилуј ме мене грешниот и непотребен слуга Твој!

# Епископот

Зошто истите луѓе што Го внесуваат и дочекуваат во слава Богочовекот Христос во Ерусалим (види: Матеј 21, 1–11), по само неколку дена на најразлични начини се одрекуваат од Него? (види: Лука 23, 1–25). Од истата причина како и ние денес – со таа разлика што за нив има некакво оправдување, а за нас нема никакво. Причината е заробеноста, па дури и опиеноста со овој свет и неговите минливи убавини. Причината е, најјасно кажано, нашата желба за „Царство овоземно“, наместо Царство Небесно. Нели го забележуваме тоа суптилно тежнеење внатре во нас, почнувајќи од себе и од нашето најтесно семејство, па сѐ до најшироката заедница, да создадеме некакво „Земно царство“ на сладости – и тоа по наша мерка, и нели забележуваме дека колку повеќе се трудиме, толку повеќе тоа „Земно царство“ е сѐ подалеку и подалеку од нас?

Црквата Христова и нејзините верни служители не проповедаат и не нѐ подготвуваат за „Царство земно“, туку за Царство Небесно. До тоа Царство Небесно, кое е, пред сѐ, внатре во нас (види: Лука 17, 21), се влегува на два начина: или преку волев подвиг на очистување на срцето од страстите – кога Божјата благодат на Крштението ни го покажува местото на срцето каде што нашиот ум треба аскетски, а потоа и благодатно да се соедини со својата суштина и преку неа со Бог; или преку трпение – со благодарност за неволните страдања што Божјата промисла ги допушта во нашиот живот заради наше спасение. Главно, на тој начин, иако има

и комбинации во зависност од степенот на духовниот раст. Оние што преку доброволен подвиг ќе го пронајдат Царството Небесно внатре во себе, рековме, преминале од смрт во живот – уште сега, и на Суд нема да излезат.

Вие денес Го немате Христос како Личност, присутен меѓу вас, па да се откажете или, пак, да Го посведочите со мисла, збор или на дело, но затоа го имате вашиот Епископ, како икона Христова, на место и во обличје Христово. Преку вашиот однос кон Епископот, сѐ се разјаснува. Само ако го сфатите целиот ваш живот како Божествена Литургија, само тогаш ќе ја сфатите и улогата на Епископот во вашиот живот, без кого ниту денот се почнува ниту ноќта се завршува – молитвено. Ниту целиот ваш живот има смисла.

## Посебни денови

Во овие празнични денови благодатта е толку голема што сите служби што се случуваат во Црквата ја имаат силата на Светата Литургија. Но, за да ја сочуваме таа благодат, треба да продолжиме и со учество во Светата Литургија секоја недела потоа, бидејќи секоја Литургија е учество во севкупниот Христов живот, во сите празници заедно. Во овие денови, поради таа исклучителна благодат и срцата ни се отворени, па затоа треба посебно да се потрудиме да го приковаме умот молитвено за местото на срцето и да го пронајдеме влезот во него.

А во врска со чудата во нашиот живот: чудо е и секоја наша молитвена воздишка што ја привлекува Божјата благодат, но најголемо чудо е тоа што Бог го создаде овој свет ни од што претходно постоечко. Но бидејќи отпаднавме, следно најголемо чудо – кое повторно е заради нас и нашето спасение, е Христовото Воскресение.

## Сакаме или не сакаме?

Знаеме дека Богочовекот Христос Самиот ѝ допушта на Својата човечка природа да страда: да трпи болка, тага, жед, глад и сите други безгрешни страсти што ѝ се својствени. Значи, Богочовекот не страда принудно, туку доброволно.

Он тоа го допушта Самиот, иако поради неслиеното и неразделно единство на Неговата човечка и божествена природа во Неговата Божествена Ипостас (Личност), Он како Бог може да си дозволи и да не трпи страдања. Но Христос доброволно учествува во страдањата, само и само за да ни даде сила и нам, кога и ние заради Него и заради исполнувањето на Неговите заповеди ќе страдаме, да можеме тоа истото да го претрпиме.

По Неговото воплотување и целиот Домострој на нашето спасение, сите ние, во Црквата, станавме учесници во Неговата обожена човечка природа – ние сме Тело Христово и располагаме со Неговата благодатна сила.

И така, по сите страдања што ги претрпе Христос за да ни даде сила и ние да можеме да го поминеме истото – немаме оправдување од типот: дали можеме или не можеме нешто од Него заповедано да направиме, туку прашањето е само дали сакаме или не сакаме! Немаме многу избор: или ќе Му благодариме и ќе Го славиме Господ Исус Христос, исполнувајќи ги во сила Неговите заповеди на љубовта, или ќе хулиме со нашето безљубовно *не можам*, а всушност – *не сакам*.

## Кратко потсетување и вреднување

Ноќва имаме убава можност да направиме едно кратко потсетување и вреднување на настаните од седмицата на Христовите страдања.

Главното прашање беше: „Зошто истите луѓе што Го внесуваат и дочекуваат во слава Богочовекот Христос во Ерусалим, по само неколку дена на најразлични начини се одрекуваат од Него, дури повеќето од нив бараат и да биде распнат?“ (види: Матеј 21, 1–11; Лука 23, 1–25). Причината е предрасудата, односно погрешното очекување од Него. Причината е, најјасно кажано, човековата желба за „Царство овоземно“ наместо Царство Небесно. Нели го забележуваме тоа суптилно тежнеење внатре во нас, почнувајќи од себе и од нашето најтесно семејство, па сè до најшироката заедница, да создадеме некакво „Земно царство“ на убавини и сладости – и тоа по наша мерка (според нашите страсти), и нели забележуваме дека колку повеќе се трудиме, толку повеќе тоа „Земно царство“ е сè подалеку и подалеку од нас?

Со ова што го кажувам, не ги прогласувам желбата и трудот – светот околу нас да го направиме поубаво место за живеење, сами по себе грешни, туку ја разграничувам намерата тоа да го правиме од самољубие, од намерата истото да го направиме во слава Божја и заради доброто на нашиот ближен. И да ја разобличам намерата создавањето на „Царство земно“ да ни биде крајна цел.

Како и да е, токму поради фактот дека сепак не можеме да создадеме идеални услови за живот овде

на земјата, секој од нас си носи свој крст – што не мора секогаш да значи и само лично страдање, туку и страдање на некој ближен, што всушност е и уште пострашен крст. Затоа, сите ние, поради нашите гревови, можеме да се видиме и да се препознаеме во еден од двајцата разбојници распнати заедно со Богочовекот Христос. Сите ние го носиме својот крст, само што некои од нас Му благодарат на Бог за својот крст и го носат истиот со трпение и смирение, свесни за својата грешност и несовршенство; а други, пак, хулат на Бог поради својот крст. На оние што Му благодарат на Бог, крстот им помага да го очистат сопственото срце од страстите, да го просветлат сопствениот ум и да се обожат. На оние што хулат на Бог, крстот им останува само како еден неподнослив товар и како една бесмислена и неподнослива казна, која психички и физички ги уништува.

Навистина убав евангелски пример за правилно носење на својот крст е разбојникот распнат заедно со Христос, на кого, во моментот кога ја исповеда својата грешност, смирено и без хулење, поднесувајќи ги страдањата: *„Ние сме праведно осудени, зашто примивме заслужена казна според нашите дела; но Он ништо лошо не направил“*, му се отвораат очите да Го види и препознае распнатиот Богочовек; *и Му рече на Исус: „Сети се на мене, Господи, кога ќе дојдеш во Царството Свое!“* А Исус му рече: *„Вистина ти велам: денес ќе бидеш со Мене во рајот!“*[1] Очигледно е дека на разбојникот не само што му се отвораат очите да Го препознае Христос, односно не

---

[1] Лука 23, 41–43.

само што го добива дарот на просветлување туку нему му се открива и тајната на целиот Домострој на спасението, тајната на Царството Небесно.

Господ да нè благослови сите во подвигот нашиот крст да биде учество во Крстот Христов – и како залог за учество во Неговото Воскресение на крајот, и како учество во Неговото Воскресение, сега и овде.

## Јас сум, Кој зборувам со тебе

Деца, и другпат ви го имам толкувано ова евангелско четиво, сега сакам да ви обрнам внимание на уште два момента:

*Кога разбра Исус дека фарисеите чуле, оти Он придобива повеќе ученици отколку Јован, и крштава, макар што Сам Исус не крштаваше, а учениците Негови, ја напушти Јудеја и отиде пак во Галилеја. Требаше да мине преку Самарија. И така, дојде во самарјанскиот град, наречен Сихар, близу до земјиштето што му го даде Јаков на својот син Јосиф. Таму беше изворот на Јаков. И Исус, изморен од патот, седна покрај изворот; а беше околу шестиот час. Дојде една жена од Самарија, за да полни вода* (Јован 4, 1–7).

Според Отците на Црквата, Богочовекот Христос ги презема и непропадливите (безгрешните) страсти на човечката природа, последици од Адамовиот грев и пад, како што се: гладот, жедта, заморот, трудот, солзите, стравот, смртта и сите други кои по природа им припаѓаат на сите луѓе. Во една реченица: презема сè човечко освен гревот. И велиме дека своеволно го страда сето тоа, зашто како Бог можел и да не страда, но затоа преку страдањата што ги претрпел ни оставил и нам, во Црквата, божествена сила да го претрпиме секое страдање.

Затоа, деца, едно е да ја прочитаме реченицата: *И Исус, изморен од патот, седна покрај изворот,* и без никакво чувство да ја одминеме, а друго е во

истиот момент покаен плач што извира од дното на душата да прекине сѐ – и читање, и Литургија, и мисли... и повторно да нѐ преобрази. Наше е да се трудиме да го живееме Неговиот живот, а сѐ друго ќе ни се додаде.

*Жената Му рече: „Господи, дај ми таква вода за да не ожеднувам, ниту да идам овде за полнење!" Исус ѝ рече: „Оди, повикај го својот маж и дојди тука!" Жената одговори и Му рече: „Немам маж". Исус ѝ рече: „Право кажа дека немаш маж; зашто петмина мажи си имала и овој, што го имаш сега, не ти е маж; право рече". Жената Му одговори: „Господи, гледам дека си Ти пророк. Нашите татковци се клањаа во оваа планина, а вие велите дека во Ерусалим е местото каде што треба да се клањаме". Исус ѝ рече: „Жено, верувај Ми дека иде часот, кога ни во оваа планина, ниту во Ерусалим ќе се поклонувате на Отецот. Вие му се клањате на она што не го знаете; а ние се клањаме на она што го знаеме; зашто спасението е од Јудејците. Но иде време и дошло веќе, кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот со дух и вистина, зашто Отецот сака такви да бидат оние кои Му се клањаат. Бог е Дух и оние што Му се клањаат, треба да се поклонуваат со дух и со вистина"* (Јован 4, 15–24).

Гледате, деца, едно е да си отворен и жеден за вистината и заради тоа сѐ да сметаш за прав во однос на превосходното познание на Бог (види: Филип. 3, 8) и заради тоа да превидиш секоја лична навреда – како што во случајот тоа го прави жената Самарјанка, а друго би било однесувањето на човек заробен од гордоста. Замислете жената да ги доживееше зборо-

вите на Богочовекот Исус Христос како навреда и да Му се спротивставеше бранејќи ја својата наводна чест – како што ние обично во таков случај правиме. Ништо немаше да има од подоцнежното Откровение.

*Жената Му рече: „Знам оти ќе дојде Месија, наречен Христос; кога ќе дојде Он, сè ќе ни каже“. А Исус ѝ рече: „Јас сум, Кој зборувам со тебе“* (Јован 4, 25–26).

# Прифаќање

Секое искушение (пред сè, она што доаѓа преку човек), од големо до мало, правилно го надминуваме секогаш на истиов начин: прво, го прифаќаме како дар Божји; второ, Му благодариме на Бог за тоа; трето, се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од она што веќе ни се случува; четврто, ја продолжуваме молитвата, ама не како борба против искушението, туку како градење на заедница со Бог и по потреба и со тој што нè повредил; петто, не му покажуваме (надворешно) на демонот ни на лице, ни со збор, ниту со некоја постапка дека се наоѓаме во искушение.

Деца, предуслов за погорната поука да се спроведе во дело е да се знае напамет. Знак дека некој не се подвизува освестено и во познание, е кога начинот не се знае напамет. Исто така, тоа е и знак дека најчесто подвигот е неправилен.

Претходното е само потсетување. Она што денес сакам да го дообјаснам е подвигот на прифаќање на искушението како дар Божји. Забележав дека многумина не го сфатиле овој дел од процесот. Запаметете: прифаќање значи апсолутно прифаќање. Знак дека искушението е прифатено како дар Божји е кога без тоа самото воопшто да се промени – освен нашиот став кон него, тоа нам ни станува извор на радост, утеха и Божја благодат. Во секое искушение треба да ги препознаеме Божјата грижа и љубов кон нас.

Искушението, покрај тоа што е страдање или

крст, ако не стане извор на секоја Божја благодат за нас, тогаш да бидеме сигурни дека не сме го прифатиле како дар Божји. Оттука па натаму сè се пореметува – потајно се трудиме или само посакуваме надворешно да го промениме искушението (не сфаќајќи дека ние треба да се промениме – нашиот однос кон него); не Му благодариме вистински на Бог; не се сметаме вистински заслужни за уште полошо (непознание на самите себеси – на нашата несличност со Богочовекот Христос); не се молиме правилно; и сигурно и надворешно му покажуваме на демонот знаци дека нападот му успева.

Секако дека има разлика меѓу аскетско и благодатно прифаќање на искушението, но кој успеал, знае и дека само аскетски прифатеното искушение е доволен извор на секоја благодат Божја и сигурна основа за наше духовно растење. Зашто ако не знаеме како правилно да го надминеме искушението, целиот живот ќе ни помине во падни-стани на првиот степен од духовниот живот – *очистување на срцето од страстите*, и нема да ни се открие духовниот хоризонт зад завесата, односно од другата страна на покривалото на умот и срцето.

Запаметете: клучот е во прифаќањето. Кој правилно го прифати искушението, уште не тргнал, а веќе стигнал до Целта.

Со ова не е сè речено. Ама направете го ова, и веќе нема да има потреба никој ништо да ви кажува.

# Потпис

*„...Зашто незнабошциtе, немајќи Закон, сами од себе вршаt сè по законоt; тогаш тие, иако немааt Закон, сами во себеси се закон; поради тоа што делото на Законоt е напишано во нивните срца, та затоа се управуваат според Законоt, бидејќи нивната совест им сведочи за тоа.“*

(Рим. 2, 14–15)

Деца, едно нешто е делување на нашата совест; друго нешто е делувањето на нашите страсти; трето нешто е делувањето на нашиот ангел-чувар; четврто нешто е делувањето на демоните; а сосем петто нешто е делувањето на Божјата благодат. Ако овие делувања не ги распознаваме внатре во нас, односно ако немаме просветлен ум или духовен поткрепител по патот, тешко дека со наши сопствени сили ќе се избавиме од демонските стапици.

Нашата совест е оној свесен дел од нашиот ум или попрецизно – разум, преку кој можеме да го разликуваме доброто од злото. Нашата совест – колку и да е образот Божји деформиран во нас поради нашите гревови, никогаш нема да биде дотолку оневозможена, та ние да немаме патоказ при слободниот избор меѓу доброто и злото. И ако и незнабошците ја имаат и се управуваат според неа, тогаш што да се каже за нас, кои и Законот Божји го знаеме. Човековата совест е потпис на нашиот Творец во нашите срца – дека Он е и наш Небесен Отец.

Нашите огревовени страсти, пак, произведуваат помисли во нас што се противат на Законот Божји, додека делувањето на демоните е да го засилат делувањето на тие помисли и постојано да ги повторуваат. Така и настануваат тие, од модерната психологија т.н. „автоматски помисли“ (на кои таа сè уште не им го познава или признава демонското потекло), а кои привремено се смируваат само доколку бидат спроведени во дело. За исцелувањето од нив, сме говореле.

За разлика од демоните, ангелот-чувар повеќе комуницира со нас преку знаци, а помалку преку мислите. Демоните преку помислите сакаат да го присилат нашиот разум на одредено делување, додека ангелот е многу внимателен и не сака да ја наруши нашата слободна волја, така што ретко комуницира директно со нас – ум со ум. За делувањето на Божјата благодат исто така сме говореле.

## Освестеност или неприсвесност

Освестениот православен духовен живот или живот во познание се одвива на три степени од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение*.

Како да препознаеме на кој степен од духовниот развој се наоѓаме? Според квалитетот на молитвата.

Ако се молиме само наглас или во себе, со собирање на умот во зборовите на молитвата, ние сме на првиот степен од духовниот раст, а главно ја чистиме енергијата на умот – од делувањата на страстите, гревот и демоните.

Ако благодатта на Крштението ни се открие во доволно очистеното срце (од страстите) и ако умот привлечен од таа благодат ги следи зборовите на молитвата внатре во срцето, тогаш ние сме на вториот степен од духовниот развој, и главно ја чистиме суштината на умот од недопреобразените страсти и демонското влијание поврзано со нив. На овој степен нашата молитва се нарекува *аскетска умно-срдечна молитва*.

На првиот степен, демонскиот напад ни се случува однатре, преку страстите што го држат заробено и затворено нашето срце за умно-срдечната молитва. Демонот, во мисловна борба со нашиот ум, ги поттикнува помислите и чувствата што ги произведуваат нашите страсти и нè наведува на пад. На вториот степен, демонот нè напаѓа однадвор, преку одредени луѓе (кои свесно или најчесто несвесно му служат), преку кои се обидува да ги разбуди недопреобразените страсти во нас и да предизвика наш пад. Итн.

Зошто е важно сето ова да го знаеме? Заради восогласување на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓаме. Доколку не го освестиме и достигнеме ова восогласување, нашиот духовен живот може секако да го наречеме освен православен; а последиците од таквиот начин на живот се: неосновано високо мислење за самите себе, самоуништувачка суета и демонска гордост, како и падовите што потоа следат.

На пример: ако чистењето на енергијата на нашиот ум што се случува на првиот степен – што Отците го нарекуваат уште и *прво гледање на светлината*, го злоупотребиме за судење и осудување на другите (дури и јавно) наместо да го искористиме за согледување и исправање на сопствените недостатоци, нормално дека ќе паднеме. Просветлувањето на умот делува во сосем друга насока. Оној што го има дарот на просветлувањето не ги суди и осудува другите, туку се грижи за нивното спасение. Истанченото чувство за присуство на благодатната светлина во него, природно, не му дозволува да суди и осудува.

Уште еден пример: ако видиме дека постои беспричинска омраза од некои луѓе против нас или отворен прогон, а истовремено го немаме дарот на отвореното срце и умно-срдечната молитва, тогаш подобро да размислиме каде сме им згрешиле на конкретните луѓе или каде нешто сме згрешиле отколку да сметаме дека тоа е поради нашата побожност. Има уште, ама ова е доволно. Итн.

Затоа Отците и бараат духовниот живот да се случува во познание – освестено. Само тогаш и најоправдано може да го носи епитетот *православен* духовен живот.

## Табела на хармонијата на аскетско-исихастичкиот подвиг

(според која секој може да си го пронајде местото на кое се наоѓа на скалата од духовниот развој, и да го освести и восогласи начинот на личниот подвиг согласно својот духовен развој, како и своето место во Црквата)

| Степени на развој | Каква е молитвата | Во што е акцентот на подвигот | Што се очистува |
|---|---|---|---|
| I. ОЧИСТУВАЊЕ | Усна или умствена | Ставање на умот во процес на исцеление (аскетско смирение) | Енергијата на умот |
| II. ПРОСВЕТЛУВАЊЕ | Аскетска умно-срдечна | Молитвено задржување на умот во срцето; и љубов кон непријателите | Суштината на умот (која се наоѓа во срцето) |
| III. ОБОЖЕНИЕ | Непрестајна или благодатна умно-срдечна | Молитвата и плачот за целиот свет | Обожение на целиот човек, и на душата и на телото |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Искушенијата се главно | Начин на уредување на монашки живот | Степени на свештенство | Послушание | Љубов |
| Однатре (заради заробеноста од страстите) | Општожитие | Ѓакон | Апсолутно или слепо послушание | Ерос |
| Однадвор (преку луѓе) | Скит | Презвитер | Во зависност на кој степен се наоѓа духовниот отец | Пријателство |
| Однадвор (преку луѓе и од самиот демон) | Пустина | Епископ | Не кон човек | Љубов |

## Послушни сме или не, и толку

*Па како слезе заедно со нив, Он се задржа на едно рамно место; беа таму и мнозина Негови ученици и многу луѓе од цела Јудеја и Ерусалим, и од приморјето Тирско и Сидонско, кои беа дошле да Го чујат и да се исцелат од болестите свои, како и оние што страдаа од нечисти духови; и се излекуваа.*

(Лука 6, 17–18)

Гледате, деца, не напразно во Светото Евангелие се поврзани тие две дејства – да Го слушнат и да се исцелат; и не напразно се поставени по тој редослед.

Богочовекот Исус Христос не е обичен мудрец, или филисоф, или харизматичен интелектуалец, или некаков духовен или народен, само човечки (овоземен) водач. Богочовекот Исус Христос е и вистински Бог (Син Божји) и вистински Човек, преку Кого сè е создадено и Кој возглавува сè создадено. Затоа, Неговите зборови не можеме (и да сакаме) да ги слушаме како зборови на обичен човек, кои сега се изречени и потоа можеме да бираме дали нешто ќе ни значат или не.

Не, Неговите зборови за нас го имаат значењето на вечен живот или вечна смрт. Ние не можеме само тукутака да ги слушаме тие зборови. Ги чувме ли еднаш, нашиот избор се состои во тоа: ќе Му бидеме послушни или нема да Го послушаме, и толку.

Кој ќе Го послуша Воскреснатиот Богочовек, што значи, кој ќе ги исполни Неговите заповеди, ќе се исцели од своите болести (телесни и душевни) и од демон-

ското ропство, и ќе се радува на новата заедница со својот Бог и со своите ближни, пред сè, во своето срце, како и на новото Небо и на новата Земја (види: Откр. 21, 1–4) – и сега и секогаш. А кој нема да Го послуша, односно нема да ги исполни Неговите заповеди – нема да се исцели од своите болести и од демонското ропство и ќе умре, и толку.

После, немој некој да рече дека не знаел, зашто незнаењето не нè оправдува (поради совеста), туку трудот во исполнувањето на заповедите до самиот крај, без оглед колку и да се големи падовите, како и барањето прошка од Бог.

## „Кажи само збор“

*А кога влезе Исус во Капернаум, се приближи до Него еден стотник и Го молеше говорејќи: „Господи, слугата мој лежи дома фатен и многу страда“. Исус му рече: „Ќе дојдам и ќе го излекувам“. А стотникот одговори и рече: „Господи, не сум достоен да влезеш под мојот покрив; но кажи само збор и слугата мој ќе оздрави“.*

(Матеј 8, 5–8)

Римскиот стотник е извонреден пример како треба да го заштитиме нашиот духовен отец. Човекот треба да си го каже својот проблем, но, исто така, ако веќе верува во Бог, во силата на благословот на духовниот отец – кој е на место Христово за нас, треба и да го заштити својот духовен отец. Гледате сите, овие елементи се препознаваат кај римскиот стотник. Ем има проблем што треба да си го каже ем не го малтретира својот духовен отец. Иако Богочовекот Христос го знае одговорот однапред, сепак му вели на стотникот: *„Ќе дојдам“*, а стотникот вели: [Не треба,] *„кажи само збор“*. Нам ова ни е за пример, и за поука.

Римскиот стотник вели и: *„недостоен сум“*. Ние го препознаваме неговото смирение во овие зборови, но не му е тоа главната поента – да не Го повика во својот дом; поентата му е да не Го заморува, да Го заштити. Поентата е во љубовта. Знае дека Он оди, проповеда, зафатен е и затоа просто стотникот вели: *„кажи само збор“*. Гледате колку едноставна благовест!?

Ќе си рече човек којзнае што сè има тука да се зборува, објаснува и толкува, а сè е едноставно и просто. На пример, ја гледаме љубовта на духовното чедо кон духовниот отец и неговата грижа за него – да го заштити и поштеди, и покрај тоа што си ги кажува маките што ги има.

Секој што на овој начин го заштитува својот духовен отец, ќе биде исцелен и прославен од Самиот Христос: *„Вистина ви велам: ни во Израилот не најдов толку голема вера“* (Матеј 8, 10).

## „Со слабоста своја ќе се пофалам“

Деновиве, во очи ми паднаа две, само навидум спротивставени, изјави на светиот апостол Павле. Првата е: *„Ако треба да се фалам, со слабоста своја ќе се пофалам“* (2. Кор. 11, 30); и втората е: *„Кој се фали, во Господ нека се фали“* (1. Кор. 1, 31).

Штом апостол Павле, човекот во кого имаме безрезервна доверба, е автор и на двете изјави, не ни останува ништо друго освен да се обидеме да проникнеме во нив, да ја откриеме нивната тајна врска и да ја објасниме накратко, според учењето на светите Отци на Црквата.

Значи, само човек што ја спознал својата слабост, а кој истовремено (внимавајте, без овој услов ништо не вреди) зад себе остава големи дела за Црквата Божја (како што е светиот апостол Павле), може јасно да го види дејството на божествената благодат во својот живот и да рече: *„Кој се фали, во Господ нека се фали“*.

Кој може да ја спознае својата слабост? Само човек кој се подвизува. И тоа не како било, туку човек кој се подвизува правилно. Нашиот подвиг е правилен секогаш кога начинот на нашиот живот ќе го восогласиме со степенот од духовниот развој на кој се наоѓаме, и нема друг начин.

Правилниот подвиг, и единствено тој, го има токму тоа својство, да ни ги покаже сите наши слабости – докрај, а истовремено и да ни го покаже неодменливото содејство на Божјата благодат (внимавајте!) во нивното надминување. Единствено во оваа смисла

се сфатливи зборовите на апостолот: *„Ако треба да се фалам, со слабоста своја ќе се пофалам“*.

Без правилен подвиг, човек не може да се спознае самиот себе, и сите напори би му биле бесплодни. Без правилен подвиг, нема вистинско смирение, ниту пак вистинско фалење и благодарење принесено на Бог. Без богоугодни дела, пак, зад себе немаме основа дури ни за лажно смирение и фалење во Бог, а камоли за вистински.

Без правилен подвиг, во Црквата, сѐ е лага.

# Поука

Послушанието е единствениот услов за Причест во Црквата, затоа може да се каже – и единствената Причест.

Има два вида послушание: активно и пасивно. Активно е кога смирено ги исполнуваме заповедите (Христовите, црковните, на духовниот отец итн.). Пасивно е кога со смирение трпиме казна – на пример, забрана за Причест.

Духовни отци, слободно казнувајте ги духовните чеда со непричестување – за да не мислат дека секогаш кога отвориле уста да примат Причест, и се причестиле. Подобро е смирено да претрпат казна и преку послушание да се причестат со Богочовекот Христос – иако не се причестиле, отколку да мислат дека ги исполниле заповедите и преку непослушание да останат без Причест со Богочовекот Христос – иако се причестиле.

# Жива вера

*„И така, вертата, ако нема дела, сама по себе е мртва. Може некој да рече: ’Ти имаш вера, а јас имам дела‘. Покажи ми ја верата своја без дела, а јас ќе ти ја покажам верата своја од моите дела. Ти веруваш дека Бог е еден: добро правиш; но и бесовите веруваат, а трепераат. Не сакаш ли да разбереш, о суетни човеку, дека верата без дела е мртва? Нели со дела се оправда Авраам, нашиот татко, откако врз жртвеникот го положи синот свој Исак? Гледаш ли дека верата им помогна на делата негови, и дека преку делата верата стана совршена? И се изврши Писмото, кое вели: ’Му поверува Авраам на Бог, и тоа му се прими како оправдание‘, и тој се нарече – пријател Божји. Гледате ли дека човекот се оправдува со дела, а не само со вера? (...) Оти, како што е телото без дух мртво, така и верата без дела е мртва.“*

(Јак. 2, 17–26)

Деца, нашата црковна, православна вера треба да биде реална, односно стварна, остварена, дури – материјализирана. Нашата вера треба да е видлива од нашиот подвиг, од нашите дела, од севкупниот начин на нашиот живот. Нашата вера треба да биде плодоносна, таа треба да се восовршува преку делата што произлегуваат од неа и да се претвори во знаење, во познание на Бог. Според зборовите на светиот апостол Јаков, нашата вера треба да биде жива, зашто

*верата без дела е мртва*. Значи, секогаш кога го во-согласуваме начинот на нашиот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓаме, нашата вера од мртва станува жива.

Нашето црковно живеење треба да ја одразува нашата жива вера, треба да е сведоштво на воплотувањето на Синот Божји – Богочовекот Исус Христос, Кој рекол: *„Гладен бев и Ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте, странец бев и Ме примивте; необлечен бев и Ме облековте; болен бев и Ме посетивте; во затвор бев и дојдовте при Мене. (...) Вистина ви велам: доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле“* (види: Матеј 25, 35–40). Ако видите дека поминале неколку дена без да се случи да исполните некоја од овие заповеди, почнете сами да ги барате луѓето што на еден од овие начини страдаат, и помогнете им.

Затоа што има уште полошо од мртва вера, а тоа е разовоплотена вера. А знаете што се случува кога демонот се враќа и го наоѓа домот празен, изметен и уреден (види: Матеј 12, 44).

# Созерцание

## „Во Твојата Светлина ќе видиме Светлина“[1]

Битно за нас, како православни христијани, е како Бог гледа на човекот и на светот (на сè создадено), а не какво е човековото гледиште. Доколку нашиот поглед на човекот и на светот не се совпаѓа со Божјиот, тогаш сме должни да ги восогласиме, оти што општо има меѓу светлината и темнината?

Бог го гледа секој човек личносно и органски поврзан со целото човештво, како и со сè создадено, и не прави разлика меѓу луѓето по никој друг основ освен личносниот (кој во каква заедница е со Него). А ние, најчесто, ги делиме луѓето по разни субјективни основи – повеќе според непостоечки отколку според постоечки, и го гледаме човештвото распарчено во секоја една индивидуа, а човекот како нешто наполно „откачено“ од целината на универзумот.

Како да ги восогласиме Божјиот и нашиот поглед? Се подразбира дека само со учество во Светите Тајни и Светите Добродетели на Црквата, но најлесно нашата лично-соборна свест се образува преку молитвата. Секогаш кога се молиме, всушност, треба да се молиме за сите луѓе и за целиот свет, и за нивно спасение, зашто Му се молиме на Оној Кој го создал и Кој промислува за секој човек и за целиот свет; нашата молитва, во тие мигови, се восогласува со Неговата

---

[1] Пс. 35, 9.

промисла и со Неговиот Домострој за спасение на секој човек и на целиот свет.

Кога цел на молитвата (се мисли на молитвата во која постојано го повикуваме името на Богочовекот Исус Христос) е Бог, односно заедницата на човекот и на сè создадено во Бог, тогаш молитвата, проземена од Духот, се кажува во покајание, и го чисти и духовно проширува нашето срце. И обратно, ако цел на молитвата сме самите ние и нашите потреби, тогаш молитвата на почетокот се кажува со распалена крв, потоа механички и на крај престанува – откако ќе остане без одговор.

Ако нашиот поглед и животен подвиг не ги восогласиме со Божјиот поглед и Домострој, никогаш нема да влеземе во Духот – на молитвата „Оче наш“, во просторите на Царството, внатре во нас. А ако ги восогласиме, ќе ги придодадеме и восогласиме со погледот и подвигот на сите Свети, и на преподобната Сара Мисирска, односно со подвигот на Црквата – со подвигот на Богочовекот Христос, продолжен во сите векови, до свршетокот на светот. Амин!

# „Ниеден војник не се вплеткува во световни работи...“

*„Ниеден војник не се вплеткува во световни работи, за да му угоди на својот началник.“*
(2. Тим. 2, 4)

Кога малку ќе размисли човек, нема „посветовна работа“ од нас самите – од нашиот внатрешен свет: од нашите мисли и чувства и од нашата заокупираност со нив, како и од нашата слободна волја – погрешно насочена. Нашите пак зборови и дела се посебна приказна, која, секако, е во голема зависност од нашиот внатрешен свет. Така, „световна работа“ не е толку она што се случува однадвор, колку што е она што се случува внатре во нас – во нашите мисли и чувства, како и нашата реакција (со збор и со дело) предизвикана од нив. Тоа е најбитно, иако има уште многу што да се пишува на оваа тема.

Да не должам, на пример: сме застанале да се помолиме, и мислите се насекаде освен собрани во зборовите на молитвата. Секако, одвреме-навреме ги враќаме (за кратко) кон молитвата, за повторно нешто да ги расее. Исто така, одвреме-навреме го насочуваме нашето внимание и кон тоа како се чувствуваме – што конечно испаѓа најважно за нас за време на молитвата. И како да се чувствуваме при расеана молитва? Нормално: празно и глупаво. И што ќе се случи на крај? Ќе го напуштиме молитвениот подвиг и во најдобар случај

ќе се тешиме со некој вид површен христијански живот. Такви ли војници Христови сакаме да бидеме и на тој начин ли мислиме да Му угодиме на нашиот Началник?

Значи, во подвигот на исполнување на заповедите Божји, во подвигот да Му угодиме на нашиот Началник, не можеме да им служиме на двајца господари – на нашиот стар човек (кој му служи на Мамон) и на Бог. Од едниот мора да се тргнеме, едниот мора да го заборавиме, едниот мора дури да го намразиме! Практично: за време на молитвата не смееме да се занимаваме со нашите желби, фантазии, планови итн., итн. Исто така, за време на молитвата не смееме да се занимаваме со нашите чувства – дали се чувствуваме добро или лошо (ни доброто не е битно – затоа што повторно го свртуваме вниманието кон себе, а камоли лошото). Значи, за време на молитва не смееме да се занимаваме со самите себе – со нашиот внатрешен свет; тоа апсолутно не е важно, значајно, битно. Не постои вистинска молитва без комплетен самозаборав. И што зборувам само за молитвата – така треба да постапуваме во текот на целиот наш освестен христијански живот и подвиг.

Ако размислиме добро, ќе видиме дека само и само поради занимавањето со самите себе и со тоа како се чувствуваме, страдаме во овој живот. Страдаме поради занимавањето со ситници, а не поради она што е битно. А што ни е важно, значајно, битно? Единствено Бог (Света Троица) и Неговото прославување, односно исполнувањето на Неговите заповеди. Колку тоа треба да ни е битно? Апсолутно, фанатично, и толку. Но како што предвестив, почетокот на таквиот

подвиг се случува и го учиме преку правилниот однос кон Богочовекот Христос во покајната молитва. Пример, ги изговараме зборовите на молитвата: „Господи Исусе Христе (Сине Божји), помилуј ме грешниот“ (или „помилуј нѐ“ – што е исто), и ниту нѐ интересира како притоа се чувствуваме ниту што и како било, е и ќе биде; важно ни е само да се прославува името Господово и да се исповеда, во Светиот Дух, дека Богочовекот Исус Христос е нашиот Господ (види: 1. Кор. 12, 3). Тоа е идеална посветеност на вистински војник кон која треба, и покрај падовите, да се стремиме.

*„А ако, пак, некој војува, сепак венец не добива, бидејќи не се борел според правилата“* (2. Тим. 2, 5). Што значи тоа *не се борел според правилата*? Не го восогласил начинот на својот живот и подвиг (иако ги има) со степенот од духовниот раст на кој се наоѓа, односно којзнае дали воопшто стапнал на патот на очиствувањето преку целосрдечно послушание, а се однесува и говори како да е безмалку просветлен или обожен. Исто така, значи дека не го восогласил своето делување во Црквата согласно позицијата што ја има во неа, односно обичен лаик е, а говори, коментира и суди како безмалку да е вселенски патријарх и судија на вселената. Е, па, не бива така... ниту ќе биде.

Секако дека православниот духовен живот и подвиг носи и соодветни страдања – тешко е стариот човек да го извлечеме од живиот песок на самољубието, да го очистиме, просветлиме и преобразиме одеднаш. Ќе поминеме подолг период со напади од демонот: однатре – преку страстите, како и со напади однадвор – преку луѓето, додека духовно созрееме;

и затоа апостолот Павле му вели на секој од нас: *„Па тaка, поднесувај страдања како добар војник на Исус Христос; оти ниеден војник не се вплеткува во световни работи, за да му угоди на својот началник“* (2. Тим. 2, 3–4).

# Светлина во темнината

Како да знаеме од кои причини се случува темнината што понекогаш ја доживуваме и низ која поминуваме внатре во нас?

Најпрвин, накратко, што е светлина, а што темнина, од православен духовен аспект? Светлината е присуство, а темнината е отсуство на Божјата благодат во нас.

Сега да се вратиме на првото прашање. Ако прво нè опфатат демонски помисли, а потоа ни се случи темнина, тоа е знак дека Божјата благодат на некој начин се повлекла од нас поради нашето прифаќање на демонските помисли, поради нашиот грев.

Ако, пак, прво дојде темнината, а потоа ни се случи напад од демонски помисли, тоа е знак дека Божјата благодат само се сокрила од нас заради наше духовно напредување и растење.

Познато ни е, и од учењето на светите Отци на Црквата, дека само во овој случај – кога Бог ја крие Својата енергија (благодат) од нас, нам ни се овозможуваат услови за духовно растење, доколку притоа се подвизуваме. Додека, пак, кога Неговата енергија е присутна во нас, тоа се случува заради наш одмор, утеха и освестување на поминатиот подвиг – знаење.

Трагично е ние, како православни христијани, да се одрекуваме од Божјата благодат, преку чинење грев, и со тоа да Ѝ го отежнуваме пристапот за помош

на Онаа Која најмногу се труди и жалости за нашето спасение – нашата вистинска Мајка, Пресвета Богородица и Секогашдева Марија.

Пресвета Богородице, прости ми.

# Светлина од светлината

Секој што има искуство од палење свеќи – една од друга, знае дека добро е пламенот од нашата свеќа, со кој сакаме да ја запалиме другата свеќа, да произлегува и од растопеното тело на свеќата – не само од нејзиниот фитил, затоа што постои опасност, палејќи ја другата свеќа, само со пламенот кој произлегува од фитилот на нашата свеќа, да ја изгаснеме и нашата. Свеќата ја палиме за да има светлина, а не за да останеме без неа.

Слично е и со светлината на богопознанието што произлегува од чистењето на енергијата на нашиот ум и со светлината на богопознанието што произлегува од чистењето на суштината на нашиот ум, во срцето. Ако се обидеме да ја запалиме таа светлина во нечие друго срце само со светлината што произлегува од чистењето на енергијата на нашиот ум, голема е опасноста дека и нашата светлина ќе се угасне (за деталите веќе сум говорел).

Доколку, пак, се обидеме светлината на богопознанието да ја запалиме во срцето на нашиот ближен, со светлината што произлегува од чистењето на суштината на нашиот ум, тогаш не постои опасност и нашата светлина да се угасне.

Вистинско чистење на суштината на нашиот ум се случува само при умно-срдечната молитва.

## Тајната на првата светлина

Зошто оној што ја има само првата светлина – светлината која произлегува од чистењето на енергијата на умот, не може да ја запали светлината во срцето на другиот?

Затоа што првата светлина, како дар Божји, ни е дадена за согледување на сопствените гревови и страсти, да се видиме себеси, а не другите. Таа светлина ни е доволна и ни се дава во онаа мера во која ни е потребна. Значи, таа светлина ни е дадена нам, и силна е само кога е насочена кон нас, а својата сила ја губи кога ја пренасочуваме кон другиот.

Првата светлина е дар Божји, кој често го пренасочуваме и злоупотребуваме, односно наместо да ја насочиме да го осветлува патот пред нас, ние ја насочуваме кон патот на другите, и поради тоа се сопнуваме, паѓаме. Всушност, не можеме да ја злоупотребиме самата светлина, туку го злоупотребуваме само интелектуалното знаење што зад неа останува. Го злоупотребуваме во две насоки: за судење и осудување, како и за подучување на другите. Тоа е последица од нашата гордост. Ваквото постапување е почеток и крај на нашиот духовен развој.

Како ќе допреме или како ќе ја запалиме светлината во срцето на ближниот кога ни самите ја немаме во срцето? Првата светлина нема таква сила. Оваа светлина не допира до другиот, бидејќи не допрела до нашето срце и не извира од него. Ние ништо јасно не можеме да согледаме кај другите – да ги

согледаме однатре, освен да им судиме и да ги осудуваме според нашите страсти.

Тајната на човековата личност е многу длабока и сокриена е во Бог, и не можеме да ја согледаме со првата светлина, дури и најдобронамерно да сакаме да ја употребиме во таа насока. Само таа светлина што произлегува од чистењето на суштината на умот (која се наоѓа во срцето) може да допре до срцето на ближниот и да го познае, да ја запали светлината во неговото срце, да го крепи и да му помага да чекори по патот на Вистината.

Тоа е патот на свети Климент Охридски, кој сака да го следи.

## Искушението на разумот

Кога говоревме за злоупотребата на првата светлина, рековме дека, всушност, не можеме да ја злоупотребиме самата светлина (зашто тоа е Божја благодат), туку го злоупотребуваме само соодветното знаење што зад нејзиното повлекување останува. Го злоупотребуваме во две насоки: за судење и осудување, како и за подучување на другите. Тоа е последица од нашата гордост. Ваквото постапување е почеток и крај на нашиот духовен развој.

Делот за судењето и осудувањето е разбирлив, мисловно, за нашиот разум иако, и покрај тоа, сите ние често паѓаме во таквиот грев. Но некој ќе праша: што има лошо во подучувањето на другите, особено на оние што не знаат? Ништо лошо за тие што се поучуваат, под услов пишаното или кажаното да е точно – зашто многупати и тука се греши (да не говориме за погрешно време, место, публика итн.).

Што е со оној што поучува? Неискуството не сфаќа дека само онаа светлина што произлегува од чистењето на суштината на умот (која се наоѓа во срцето), значи која допрела до нашето срце и извира од него, може да допре до срцето на ближниот и да го познае, да ја запали светлината во неговото срце, да го крепи и да му помага да чекори по патот на Вистината.

Што го спасува неопитниот, во светлината на просветлувањето, „проповедник"? Го спасува да проповеда само како свештеник Божји во послушание, и тоа

ако претходно смирено го одбил оној под чие послушание се наоѓа; да проповеда согласно потребите што ги одредува оној во чие послушание се наоѓа (според потребите на Црквата), притоа не истакнувајќи свое мислење, туку мислењето на светите Отци.

Најпросто кажано, не поучувај други сам од себе додека не го добиеш дарот на умно-срдечната молитва и просветленоста на умот. Не го активирај предвреме интелектуалниот дар, на кој многу си работел, додека не го преобразиш со дарот на просветленоста, на кој треба да поработиш. Направи смирението и воздржанието во интелектуалниот дар да ти станат притисокот под кој срцето многу побрзо ќе се очисти и отвори отколку кај оние што тој дар го немаат.

Деца, не ги расфрлајте напразно своите дарови; не се расфрлајте со празни зборови, зборови без сила, кои никому ништо не значат, ниту некој ги памти, заради малку лажна, само човечка слава. Социјалните мрежи се најголемата замка и алатка што демонот може да ја искористи на ваша штета и на штета на Црквата ако постапувате неразумно, надвор од послушание – надвор од богодадениот поредок на нештата. И обратно, социјалните мрежи можат да бидат многу силна алатка на Црквата – доколку се користат во послушание, во смирение.

## Преобразување на разумот

Минатиот пат, деца, допревме една тема која бара кратко дообјаснување. Отприлика рековме: Не го активирајте предвреме својот интелектуален капацитет, на кој многу сте работеле, додека не се преобрази со дарот на просветленоста, на кој треба да поработите. Направете смирението и воздржанието во пројавувањето на вашиот интелектуален капацитет да ви станат оган што срцето многу побрзо ќе го очисти и отвори отколку кај оние што тој капацитет го немаат, кај оние кои не работеле на себе – во тој поглед. Колку поголемо самопринесување на Бог, толку поголема благодат Божја.

Сме рекле, човековата душа има три сили: една словесна – ум, и две бесловесни – волја и желба. Често, покрај ум, спомнуваме и постоење на разум. Што е разум? Многу е битно, од духовен аспект, да се прави оваа разлика. Да не должам, умот е словесната сила преку која човекот лично и директно комуницира со Бог, додека, пак, разумот е дел од умот, функција или алатка на умот, преку која човекот се снаоѓа во овој свет. Во контекст на ова формално разликување, ќе се обидам накратко да ви ја разјаснам темата за интелектуалниот капацитет и дарот на просветленоста.

Различна е храната на умот од храната на разумот. И различно е знаењето на умот од она на разумот. Храна на умот е опитот и заедницата со Бог (светотаинската и молитвената), додека, пак, храна на разумот е овоземното теоретско образование (од која

било област на науката и културата, па дури и на теологијата, како и од разните вештини). Знаењето на умот е познанието на Бог (како просветленост или обоженост), додека, пак, знаењето на разумот – само по себе, е само познание на практичниот опит во овоземните науки и вештини, како и во културата.

Има многу за ова да се говори; што е битно за нас? Прво, треба паралелно со хранењето на разумот (преку сетилата) – што е просто неизбежно во овој свет, да го храниме и умот (преку соединување со несоздадената благодат), што е од суштинско значење за нашето спасение. Погрешно е разумот да го прехрануваме, а умот само да го потхрануваме. И второ, постои реална можност за просветлување и на нашиот разум, што се случува преку просветлувањето на самиот ум, преку светлината што произлегува од очистувањето на срцето, односно од опитот во умно-срдечната молитва, нешто што е многу битен и редок Божји дар за Црквата.

Поголема полза има Црквата од светител кој својот опит може да ни го запише и објасни отколку од светител со ист опит, но кој нема интелектуален капацитет својот опит да го запише и објасни, согласно и современата реалност.

Ќе завршам со цитат од Старец Софрониј[1], кој сето она што го рековме го заокружува со три реченици: „Некој може да биде многу учен, да има академски дипломи, а да остане крајно неук за патот на

---

[1] Архимандрит Софрониј Сахаров, „За духот и животот“, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 62.

спасението. Кога некој има свет и безгрешен живот, интелектуалното знаење може да даде чудесни плодови. Знаењето без љубов не може да го спаси човекот!“

## Зошто и најнеуките луѓе професионално напредуваат во својата должност, а ние, христијаните – не?

Минатиот пат ви кажав дека е многу битно, од духовен аспект, да се прави разлика меѓу делувањето на умот и делувањето на разумот. Рековме и дека умот е словесната сила преку која човекот, пред сѐ, лично и директно комуницира со Бог, додека, пак, разумот е енергија на умот, функција или алатка на умот, преку која човекот се снаоѓа во овој свет. И уште рековме дека реална е можноста за просветлување и на нашиот разум кое се случува преку просветлувањето на самиот ум, со светлината што произлегува од очистувањето на срцето, односно од опитот во умно-срдечната молитва.

Исто така, рековме дека погрешно е разумот да го прехрануваме, а умот само да го потхрануваме. Како се случува тоа? Ако знаеме дека главна храна на умот е молитвата во послушание, тогаш ние го храниме разумот на штета на умот секогаш кога надвор од послушание се напрегаме да ги задоволиме нашите световни страсти – колку и тоа да го оправдуваме со добра намера или со побожност. Ако ваквото делување ни стане секојдневна и целодневна пракса, а притоа молитвата или молитвеното правило ги запуштиме, тогаш очигледно е дека разумот го прехрануваме, а умот го потхрануваме. На тој начин, всушност, му овозможуваме на разумот да владее со умот – а не обратно; а умот, бидејќи нема вистинска храна, да остане раслабен и болен (паднат).

Истото може да се случи и во манастир. Кога доаѓаме во манастир, ако не влеземе во послушание, односно ако не го ставиме умот во процес на исцеление, продолжуваме да го храниме само нашиот разум – исто и како што сме правеле во светот, затоа што не се откажуваме од нашата логика и од нашиот световен поглед на работите. Попусто седиме во манастир и попусто го трошиме нашето време, затоа што начинот на кој ги гледаме и извршуваме работите – само преку прехранетиот разум, не е исправен, а дури и да е во нешто исправен, пак не се исцелуваме. Ете зошто дарот на умно-срдечната молитва е редок и во манастирите.

Уште полошо е кога дури и духовното се обидуваме да го гледаме и да го толкуваме преку нашиот прехранет разум – што е всушност голема прелест и смрт за нашиот духовен живот, а многу честа појава, во помала или поголема мера, кај сите христијани. Освен, нели, ако некој конечно се ослободил од прелеста уште во овој живот.

За разлика од нас, православните христијани, кои не напредуваме по патот на очистувањето, просветлувањето и обожението, луѓето од светот напредуваат во своите професии затоа што се здобиваат со световно знаење преку секојдневниот опит во она што го работат, во она што е, нели, храната на нивниот разум. И најнеукиот метлар или чистач напредуваат во знаењето на вештините за одржувањето на хигиената, затоа што секој ден ги практикуваат и се обучуваат во тие вештини. Да не говориме за луѓето од посложените професии. Што мислите, сега, како тие луѓе гледаат на нас, кои, за разлика од нив, не напредуваме во никакви специфични световни знаења или вештини, а истовре-

мено – држејќи го своето срце неисчистено, ја немаме силата на нашето духовно знаење? Односно, и да имаме некакво разумско знаење од теологијата и духовниот живот воопшто, ние сепак немаме мисла, слово и присуство во сила, која пак сила на Светиот Дух каква што, да се потсетиме, ја имаат и световно најнеуките светители, но чиј ум постојано срдечно-молитвено се соединува со Бог во очистеното срце. Затоа, да не се чудиме кога луѓето денес се потсмеваат на наша сметка.

Нашата беда е уште поголема зашто со начинот на нашиот живот ја изневеруваме нашата Владичица и Мајка – Пресветата Богородица и Секогашдева Марија, Која ни оставила многу конкретен пример што треба да го следиме: Таа уште во најраната младост го остави светот – со тоа и одвишната храна за разумот, се затвори во Светињата на светињите на старозаветниот храм, сè додека преку крајна посветеност на умот во Бог не го доби дарот на обожението. Јасно е после зошто Нејзиниот придонес во целиот Домострој на нашето спасение е, најблаго речено, незаменлив; а Нејзината смрт – Воскресение.

Пресвета Богородице, спаси нè – затоа што, просто, имаме загубено секаква надеж во самите себе!

## За двете функции на умот

Рековме дека различна е храната на умот од храната на разумот. И различно е знаењето на умот од она на разумот. Храна на умот е опитот и заедницата со Бог (светотаинската и молитвената), додека, пак, храна на разумот е овоземното теоретско образование (од која било област на науката и културата, па дури и на теологијата, како и од разните вештини). Знаењето на умот е познанието на Бог (како просветленост или обоженост), додека, пак, знаењето на разумот е опитноста во овоземните науки и вештини, како и во културата.

Просто речено, умот прво го храниме со опит на Бог од кој произлегува и знаењето или познанието на Бог, додека разумот прво го храниме со теоретско знаење од која било област, а од опитот во работењето во конкретната област произлегува и неговото соодветно знаење. Умот, преку молитвено собирање на својата енергија во Бог – во срцето, Го познава Бог и ја остварува својата основна функција, а кога умот преку сетилата ќе ја расее својата енергија низ светот, тогаш ја остварува својата секундарна функција како разум. И едната и другата функција, преку подвиг или острастување, можат да предизвикаат соодветна зависност на умот, но едно е зависност на умот како љубов, а друго е зависност на разумот како страст. Зависноста како љубов (кон Бог) е слобода за човековиот ум, додека зависноста како страст (кон што било) е ропство на човековиот разум, која станува како втора природа на

човековиот ум.

Сега, како што ние го забрзуваме ритамот и интензитетот на изговарање на Исусовата молитва за да ги прекинеме демонските помисли и да ја собереме молитвено енергијата на умот во Бог – во нашето срце, така и демонот го забрзува ритамот на нашиот живот и протокот на информации во него за да ја прекине Исусовата молитва, а енергијата на нашиот ум преку сетилата да ја расее и поврзе со световното. Ние се бориме умот да ни функционира, пред сè, во својата основна функција, а демонот се бори умот да ни функционира постојано низ неговата секундарна функција – како разум. Со просветлувањето на умот, а со тоа и на разумот (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата личност се исцелува.

Значи, очигледно е дека Бог и духовниот живот не можат да се достигнат, спознаат и правилно објаснат само преку функционирањето на разумот и телесните сетила, затоа што Он за нив е недостапен. За оној што на тој начин ќе се обиде да им пријде, *Бог*, *Богородица*, *Црква* и *духовен живот* засекогаш ќе останат само апстрактни поими. Следствено, не можеме само преку разумот и сетилното да ја пронајдеме и смислата на нашето постоење. Бесмисленоста на животот, пак, е основната причина за *ноогената невроза*[1] и депресијата од кои скоро целото човештво е опфа-

---

[1] *Ноогената невроза*, особено распространета кај младите луѓе, не потекнува од психолошка туку од ноолошка или духовна

*(продолжува на следната страница)*

тено. Оттука произлегуваат и разните бегства, од така доживеаната реалност, во разните зависности – од кои прва денес стана зависноста од интернетот и социјалните мрежи. Дури ни проповедта на Евангелското слово, заснована само на разумот, не може да го осмисли нашиот живот и не може да нѐ извлече од замката на депресијата и очајанието – туку само ќе ги храни и зајакнува.

Затоа, комуникацијата со светот само преку непреобразените разум и сетила (внимавајте!) го претвора светот околу нас во еден куп мртви идоли (нешто од коешто „зависиме“ и без коешто „не можеме“), без оглед дали ние тоа свесно го сакаме или не, и истовремено претставува и соодветно острастено поврзување и заедница со мртвите идоли на овој свет – без оглед на тоа каква форма и кое име тие го носат, како и ропско служење ним – наместо на Живиот Бог. Значи, уште еднаш: сѐ она (и нам најблиското), кое преку разумот и телесните сетила ќе го поставиме како приоритет во нашиот живот пред превосходната заедница и познание на Живиот Бог, е мртов идол и непремостлива пречка за единство со Живиот Бог. Нормално, кој нема заедница со Бог, нема ни вистинска заедница со своите ближни.

Сега мислам дека е јасно зошто покајанието, односно преумувањето (возобновувањето на основната функција на умот) – како суштински Евангелски повик,

---

(од грчкиот збор nous – дух) димензија на човековата егзистенција. Таа не се заснова на комплексите и конфликтите во вообичаената смисла на зборот, туку на конфликтите на совеста, судирите на вредности, егзистенцијалната празнина и егзистенцијалната фрустрација настанати исклучиво од егзогени причини.

е длабока егзистенцијална потреба за жив живот во Соборното Тело на Богочовекот Христос – Црквата, а не обичен гол морализам и пиетистички декор – како кај номиналните христијани на денешницата.

# Конкретно покајание

Деца, постои потреба уште еднаш да ви го објаснам подвигот на покајанието од гледна точка на досега напишаното за двете функции на умот.

Рековме дека ние во Црквата слободно и љубовно се бориме нашиот ум да дејствува, пред сè, во својата примарна функција – молитвено да нè соединува со Бог, што е всушност и основа на нашето покајание. За разлика од нас, нели, демонот се бори умот да ни функционира постојано во неговата секундарна функција – како разум, и острастено (ропски) да нè соединува и приврзува со световното. Целта на демонот е да го држи нашиот ум што повеќе може во оваа лажна состојба или прелест – неосвестено, без да знаеме што вистински ни се случува.

Очигледно е, значи, зошто изворното значење на зборот *покајание* е преумување или пренасочување на енергијата на нашиот ум однадвор кон неговата суштина во срцето и во Бог. Наместо да дозволиме демонот да ни ја расејува и залудно да ни ја троши енергијата на нашиот ум преку разумот и сетилата, наша христијанска должност е прво нашиот разум да го ослободуваме од острастената многугрижливост за световното и од демонското влијание. И второ, преку нашиот освестен подвиг да го пренасочуваме умот да дејствува, пред сè, во својата примарна функција – преку молитвено собирање на својата енергија во Бог (во срцето), и постојано да расте во познание на Бог. Без првото, не е возможно ни второто.

Која света добродетел (доблест) ни го овозможува овој подвиг? Послушанието или како што попрецизно велиме – ставањето на нашиот ум во процес на исцеление. Колку поапсолутно послушание, толку помалку храна за функционирањето на умот како разум, за страстите и за демонот поврзан со нив; и толку поголем простор за остварување на основната функција на умот. Еве зошто светите Отци нè учат и инсистираат на послушанието како основен подвиг во Црквата. Послушанието е, просто, преумување на дело – конкретно покајание. Сè друго е ветер и магла, па макар тоа било плачење, каење, исповедање итн.

Послушанието, како основен подвиг, трае сè до моментот на очистување и отворање на срцето и пројавувањето на дарот на умно-срдечната молитва. Со просветлувањето на нашиот ум, а со тоа и на нашиот разум (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно, како што рековме, се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата личност се исцелува, што е првичната цел на нашиот духовен развој. Со други зборови, се случува нов квалитет или ново ниво на православен духовен живот, кое може да се познае само од опит и што Отците на Црквата, покрај *просветлување на умот*, го нарекле и *природен начин на постоење*.

Гледате, деца, како што и реков минатиот пат, зошто покајанието, односно преумувањето или возобновувањето на основната функција на умот или пренасочувањето на енергијата на умот – од световното кон Бог, ама во срцето, е егзистенцијален, битиен или суштински Евангелски повик. Затоа, не дозволувајте

никој да ве прелестува и да ве учи на недефиниран, или неосвестен, или лажен, или компромисен христијански живот од типот – ни топло, ни ладно. Таквите Господ ги блуе (види: Откр. 3, 16).

# Надминување на дуализмот

Рековме дека со просветлувањето на умот, а со тоа и на разумот (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата личност се исцелува. Со други зборови, се случува нов квалитет или ново ниво на православен духовен живот, кое може да се познае само од опит, и кое Отците на Црквата, покрај *просветлување на умот*, го нарекле и *природен начин на постоење*.

Кои се последиците, за нас, од ваквиот начин на постоење?

Прва, сè она што го работиме, а што истовремено значи исполнување на Божјата волја, станува молитва пред Бог, зашто просветлениот разум ништо не работи без чувство за присуството Божјо и без да е тоа во Негова слава – без молитвен однос. И обратно, разумот правилно ги поима и артикулира откровенијата Божји на умот, како и ангелските знаци.

Втора, со каква работа и да е зафатен разумот (особено интелектуална), умот (природно) повторно на крајот се враќа на непосредната молитва; затоа што молитвата на овој степен од духовниот раст не е непрестајна, туку е аскетска умно-срдечна молитва, така што енергијата на умот природно тежнее непосредно молитвено да се врати во Бог, преку својата суштина во срцето.

Трета, внимаваме да не згрешиме со помисла, збор или дело пред Бог или кон некој човек, како и кон природата, зашто сме многу чувствителни на варијациите на благодатта и, природно, не сакаме да останеме без неа, односно без Него. Љубовта кон непријателите е неопходен и природен подвиг што се случува на степенот на просветлување.

Четврта, вината за сè секогаш ја пронаоѓаме во нас, зашто при секое искушение не ја бараме човечката правда (карактеристика на непросветлениот разум), туку Божјата, односно јасно и до болка ја воочуваме нашата, а не нечија друга, несличност со Богочовекот Исус Христос, Којшто е нашиот критериум на постоење и на однесување и кон Кој тежнееме да се вподобиме.

Петта, благи сме и поучуваме, пред сè, со пример. Не ги наметнуваме нашето знаење и нашата пракса – иако супериорни и поблиски до изворните, со наредба – и покрај позицијата што ја имаме во Црквата, туку, пред сè, со личен пример и молитвено долготрпение. Клучот за вистинското пренесување на светото Предание е личносниот однос – кој не се гради преку ноќ.

Шеста, кога енергијата на просветлениот ум или кога просветлениот разум ќе го насочиме кон одредена тема, однос, појава или состојба од областа на духовниот живот на Црквата, таа тема, или однос, или појава, или состојба ни стануваат јасни – без претходно да сме размислувале за нив; исто како кога светлината ќе засветли во темнина.

Седма, покајанието, смислата и силата на молитвата ги црпиме од самата молитва за оние што

страдаат. Не се ни молиме за самите себе – не дека сме се восовршиле, туку слуги сме на сите и веќе сме се самоосудиле. Антиномично, ама за тоа другпат. Итн.

Внимавајте, разните поделби во нашиот поглед на нештата како: *јас – ти, јас – свет, ние – вие, свето – несвето, храм – свет, чисто – нечисто, осветено – неосветено, заедница – раскол, Литургија – обична работа* итн., итн., да не случајно произлегуваат само од ненадминатиот внатрешен расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум.

Пресвета Богородице, просветли ја мојата темнина.

## Внатрешен критериум

Човек што нема внатрешен критериум за Вистината во исчекување е и во потрага е по надворешни знаци за потврда, но на некоја вистина што тој си ја замислил како таква. Нормално, ако некој критериумот го нема внатрешно, тој ни надворешните знаци не може правилно да ги разбере, а камоли – сфати. Со други зборови, тој и постоечките знаци сигурно ќе си ги толкува онака како што му одговара. Непостоењето на внатрешниот критериум за Вистината е незнаење кое не знае дека не знае; или полошо – незнаење кое мисли дека многу знае. Тука, само самата Вистина може да помогне, евентуално и да спаси, ако одговорот е покајание – преумување.

Минимален внатрешен критериум за Вистината е просветленоста на умот. Секако, и тоа со одредена задршка, оти има просветленост и просветленост. Остатокот од недопреобразените страсти е причина за задршка. Јасен критериум, без задршка, се стекнува дури откако ќе се надминат реалните, односно материјализираните искушенија, на степенот на обожение. Нема минимален внатрешен критериум без дарот на аскетската умно-срдечна молитва. Внатрешниот критериум ни овозможува секое Божјо допуштение да го видиме како допуштение за добро, како можност за добро која треба да се искористи, а не како зло од кое треба да се одбраниме.

Пример? Кога само си мислиме дека некој ни згрешил, ние веќе почнуваме да очекуваме да му се

случи некое зло за да се потврди нашата праведност, нашиот правилен избор, нашата замисла дека ние сме во право. Ете колку лесно човек може да се најде во душевно растројство, односно во растројство на личноста. Растројство за душата е и самото очекување – а камоли посакувањето некому да му се случи зло, па дури и навистина да ни згрешил. Но патот на Вистината е чинењето добро на оние што ни чинат зло – свесно или несвесно. Само на тој начин му оставаме, на оној што ни чини зло, време и избор за покајание – за победа на доброто во него.

Без внатрешен критериум за Вистината, ние ни своите не можеме да ги препознаеме и прифатиме, а камоли на туѓите да им помогнеме. Прифатиме? Па, ние ги отфрламе. Што правам? Еве, се потсетувам за Крстот Христов, можеби ќе се покајам.

# Љубов во слобода и слобода во љубов

Или сме слободни или постои некаква „судбина“. Двете не одат заедно.

Ако некаква „судбина“ претходно ни одредила што сè ќе ни се случи во животот, тогаш не постои слобода. Ни вистински живот.

Секако, судбина нема, а слобода има. Таа е личен печат на нашиот Праобраз во нас и затоа можеме да ја познаеме. И да бидеме живи.

Да, слобода – со неа сме како богови, без неа сме како програмирани машини.

Верување во некаква „судбина“, а не во слобода, наметнуваат тие што сакаат да управуваат со нашите животи, а „судбина“ прифаќаат само малодушните.

Ние, христијаните, сами и слободно управуваме со нашите животи – затоа си ја сакаме, си ја чуваме и се бориме за слободата.

Кога веќе имаме слобода сами да одлучуваме што ќе правиме во нашиот живот, тогаш и самите сме одговорни за истиот.

Но, слобода без љубов би била анархија, распад. Затоа е речено: „Љуби и прави што сакаш“. Но, ако вистински љубиш, нема да правиш зло, во својата слобода.

Слободата е, пред сè, внатрешна состојба – слобода од страстите, која негде внатре во нашето срце се поистоветува со љубовта. Тоа е слобода што никој (и ништо) не може да ни ја одземе.

Нема љубов без слобода, ниту слобода без љубов. Затоа љубовта е давање, а не барање. Оној што бара нешто од другиот, ја губи слободата. И љубовта.

Вистинската слобода и вистинската љубов немаат почеток и крај. А даруваната вистинска слобода и даруваната вистинска љубов, кои се слободно и љубовно прифатени, можат да имаат почеток, но никогаш нема да имаат крај – стануваат беспочетен бескрај.

Затоа е речено: вие сте богови (види: Јован 10, 34).

Бог е исто што и Личност – слобода и љубов во Заедница. И вистински Живот.

Љубовта и слободата се светлина за нас. И темнината нема да ги опфати...

## Вечен дијалог меѓу Несоздаденото и создаденото, во Богочовекот Исус Христос

Ние и Бог, ако сакаме, меѓу себе комуницираме како личности со нашите лични енергии. Звучи како да се ставаме на исто личносно рамниште со Него, ама не ние – туку Он така нѐ постави. Секако, Бог со Својата несоздадена енергија ја прозема и постојано ја преобразува нашата создадена енергија, како и суштина (природа) – во процесот на таа комуникација, а не ние Неговата.

Навидум едноставно, но не така како што на прв поглед изгледа. За да појасниме, ајде повторно да се вратиме на разликата што ја направивме меѓу умот и разумот. Зошто е битно, во аскетската пракса, да ја правиме оваа клучна разлика? И зошто е битно да внимаваме на кој начин ќе функционираме, односно кога и каде ќе ја насочуваме енергијата на умот? Со тоа често и нашите душевни и телесни дејствија.

Најбитно е енергијата на нашиот ум да ја насочиме кон Едниот Вистински Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух. Ако не ја насочиме кон Бог, тогаш речиси сигурно, без оглед на намерата, ја насочуваме кон демоните или кон останатата словесна и бесловесна твар. Така, секој нека се преиспита и нека си одлучи со кого ќе влезе во комуникација преку насочувањето на својата енергија – со создаденото или со Несоздаденото. Последиците се апсолутно различни. Истиот избор го имаат и атеистите. Со претходно опишаното дејствие може да се исполни првата Божја

заповед: *„Возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум“* (Матеј 22, 37).

Ништо помалку битно е истата енергија, и при секундарната функција на умот како разум, да биде правилно насочена. Сите сме поставени пред следниот избор: дали ќе ја насочиме кон исполнување на Божјите заповеди или ќе ја насочиме кон задоволување на нашите страсти. Навидум едноставен е и вториов избор, но суштински зависен од првиот. Со претходно опишаното дејствие може да се исполни втората Божја заповед: *„Возљуби го својот ближен како себеси“* (Матеј 22, 39), но истовремено и: *„бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец Небесен“* (Матеј 5, 48).

Во вториов случај треба да бидеме дополнително внимателни: не само дали тоа што го правиме е согласно Божјите заповеди, туку дали и кога ги извршуваме Божјите заповеди – тоа го правиме во Божја слава или во своја слава. Само извршеното во послушание на Црквата, за нас православните христијани, се смета за извршено во Божја слава. Исто така, колку повеќе преку исполнување на заповедите Го познаваме Бог, толку попрецизно и посилно ја насочуваме енергијата на нашиот ум кон Него. Просто едното без другото е невозможно.

Без восогласеното делување на примарната и секундарната функција на умот – што погоре го објаснивме, во што и се состои исцелението на умот, невозможна е и христијанската православна психотерапија, а камоли која било друга психотерапија; ниту остварување на личниот идентитет.

Нормално, не е сѐ вака црно-бело како што јас напишав, но најдобро вака се сфаќа, а на крај на тоа и се сведува. Но еве еден шарен пример: може да се случи некој да не верува или помалку или повеќе погрешно да верува, но сепак, во одредена мера, да ги извршува Божјите заповеди – свесно или несвесно. Лично, мислам дека пред Бог тоа е многу подобро и дека оној што така прави е поблиску да Го пронајде Бог отколку некој кој точно ја исповеда верата со устата, а неговите дела не се согласни со Божјиот пример.

Комуницираме со Бог и ги извршуваме Божјите заповеди со помош на Неговата благодат или енергија. Наше е само да сакаме и да се обидуваме, а Божјо е да исполни. Како што спомнавме на почетокот, во оваа Бого-човечка синергија – во Црквата, се содржи тајната на нашето обожение, односно тајната и полнотата на животот во Царството Небесно – и *веќе и уште не*.

За совршеното преобразување, односно за конечното обожение на нашата создадена природа – другпат, ако стигнеме...

Пресвета Богородице, покриј и спаси нѐ...

## Како Бог нè казнува

Луѓето најчесто си го поставуваат прашањето: Зошто Бог ги казнува?; а многу, многу ретко – согласно истата логика, се прашуваат: Како Бог ги казнува? Кога би го знаеле одговорот на прашањето што не си го поставуваат, би го знаеле и одговорот на првото прашање – што често си го поставуваат. Да се обидеме да одговориме, значи, прво на второто прашање.

Како Бог нè казнува? Никако – Бог никогаш не нè казнува! Ние сами се казнуваме своеволно отпаѓајќи од животворната личносна заедница со Него, отпаѓајќи од Неговата благодат. Значи, точно формулираното прашање треба да гласи: Како ние самите себе се казнуваме? Со ваквата формулација отпаѓа како неумесно првото прашање, но новопоставеното – сè уште чека одговор.

Како ние самите себе се казнуваме? Одговорот на ова прашање зависи од нашиот однос со Бог. Прво, да се потсетиме. Ние со Бог воспоставуваме три вида односи: робовски, наемнички и синовски. Секако, Он има само еден однос кон нас – како Отец кон Своите деца, така што Неговиот однос кон нас не зависи од нашиот однос кон Него. Бог, просто, нас нè љуби.

Оној што од страв кон Бог гради со Него робовски однос, кога ќе згреши нешто пред Бог, се самоказнува со страв од Бог (и од луѓето). Страв, главно, дека ќе биде казнет некако (дека ќе го изгуби тоа кон кое е најстрасно приврзан) уште во овој живот; и страв – нејасен, дека ќе биде казнет и во идниот век.

Таквиот, згрчен од стравот, не е способен веднаш да ја види љубовта со која Бог му одговара. Што точно значи ова, бесполезно е да се објаснува.

Оној што за награда од Бог гради со Него наемнички однос, кога ќе згреши нешто пред Бог, се самоказнува со недоверба кон Бог (и кон луѓето). Недоверба, главно, дека ќе ја изгуби овоземната награда заради која Му работи на Бог; и недоверба – нејасна, дека ќе ја изгуби и наградата на идниот век. Таквиот, згрчен од недовербата, исто, не е способен веднаш да ја види љубовта со која Бог му одговара. Што точно значи ова, бесполезно е да се објаснува, исто така.

Оној што од љубов кон Бог гради со Него синовски однос, кога ќе згреши нешто пред Бог, се самоказнува, главно, со тага по Бог (и внатрешен срам пред луѓето). Тага – дека Го изневерил Него, и тага дека соодветно ги губи љубовта Божја, односно благодатта Божја, односно Него. Неговата тага по Бог е сосем оправдана, но одговорот на љубовта Божја кон него на почетокот изгледа чуден, но потоа е многу засрамувачки.

Опитот покажува дека Бог *Своите деца* најчесто ги „казнува“ со љубов – со брзо, неочекувано или лесно исполнување на некои нивни желби, и со исто такво решавање на некои нивни проблеми. Во смисла: „Не можам да ти дадам благодат со сила – затоа што сам си се откажал од неа со својот грев, но ќе ти покажам љубов каква што на недозреаните деца им се пружа“. Тоа е љубов која секој може да ја препознае. Човек, просто, да си помисли дека е добро да греши.

Но ќе грешам ли намерно за да бидам вака наградуван? Да нè чува Господ од таква прелест –

Крстот Христов и Неговото Воскресение, односно таговната радост или радосната тага, односно личниот однос со Него да го замениме само со некакви си овоземни радости и успеси. Просто речено, таков е одговорот на Божествената љубов од која секој вистински воин и дете Божјо ќе се засрами и ќе се покае.

P.S. Пишувам на темава во општи црти. Со овој текст не можам и немам намера да навлегувам ниту во бесцелни и бесконечни лавиринти на некаква психоанализа, ниту да опишувам некакво конечно и неменливо духовно правило, превидувајќи ги притоа Божјата Промисла и неискажливите Божји судови – конкретно и лично, за секој од нас поединечно; особено кога се во прашање *Неговите деца*.

# Интересни верници

*Секој сака да е некој, никој не сака да расте.*

– Ј. В. Гете

Има две интересни врсти на верници. Едните наводно се држат до словото на светите канони, но Го промашуваат Духот, а другите наводно се држат до Духот, но го промашуваат словото. За едните е напишано: *„словото убива, а Духот оживотворува“* (2. Кор. 3, 6). А за другите е напишано: *„Возљубени, не верувајте му на секој дух, туку испитувајте ги духовите: дали се од Бог, бидејќи многу лажни пророци се јавија во светот“* (1. Јован 4, 1). Патот по кој тргнале и едните и другите не е вистинскиот – тие имаат соодветен недостаток во сведоштвото.

Еднаш веќе за ова пишував: „Внимавајте, разните поделби во нашиот поглед на нештата како: *(...) свето – несвето, храм – свет, чисто – нечисто, осветено – неосветено, заедница – раскол, Литургија – обична работа* итн., итн., да не случајно произлегуваат само и само од ненадминатиот внатрешен расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум“[1]. Токму на овој внатрешен расцеп се должи и острастениот однос во разликувањето меѓу: да си на власт и да не си, да си богат и да не си (џип – фиќо, замок – колиба итн.), да си здрав и да не си итн.,

---

[1] Види: *Надминување на дуализмот*, стр. 205-207.

итн. – состојби од кои многумина се непотребно и бесполезно измачувани; но тоа е друга тема.

Да се вратиме на нашата. Православниот пат е Бого-човечка синергија, односно благодатно и опитно надминување на внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и исцелување на човековата личност. Со други зборови, тоа е друг квалитет или друго ниво на духовен живот, што Отците на Црквата, покрај *просветлување на умот*, го нарекле и *природен начин на постоење*. Тоа е и стекнување на внатрешен критериум за вистината.

Како да пораснеме со цел да ја достигнеме оваа духовна состојба? Со восогласување на начинот на нашиот живот и степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, како и со восогласување на нашето делување во Црквата и местото кое во Неа од Бог ни е доделено. Значи, сè додека сме на првиот степен од духовниот живот – *очистување на срцето од страстите* (кој трае сè до добивањето на дарот на аскетската умно-срдечна молитва), ние треба да се трудиме единствено и единствено во подвигот на послушание. Дури и без оглед на тоа какво место или функција во Црквата заземаме.

*Просветлувањето на умот* или *природниот начин на постоење* е духовна состојба што се препознава по дарот на аскетската умно-срдечна молитва. Просто кажано, немаме ли умно-срдечна молитва, немаме ни просветлен ум; а ако веќе немаме просветлен ум, зошто тогаш, без реална свештеничка позиција или должност – која тоа барем формално ни го овозможува, се правиме непрелестни учители или апологети, или

водачи, или спасители на Црквата? Не велам дека не треба да си го кажеме слободно своето мислење, но од каде и на што ја засноваме нашата таква и толкава самоувереност во настапот – на тоа секогаш се чудам? Начинот на ваквиот живот (без смирение во послушание) не е восогласување со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, туку е паѓање од прелест во прелест. Особено ова ни го овозможува и на ова нѐ наведува неконтролираното, односно ненавременото и неумесното пишување по социјалните мрежи – за што и говорам.

Значи, словото на светите канони е сепак граница меѓу благочестието и другото, ама не од самото слово одредена, туку од Духот и само во Духот препознатлива – инаку ќе се претвори во идол. Но, ако некој веќе нема Дух, подобро е, за почеток, да се држи до словото, зашто ако одбере да се држи само до некаков дух, нека знае дека тој дух е од оние паднатите.

P.S. Свесен сум дека ретко кој од прозваните ќе ме послуша, но пишувам за оние што сакаат низ истраен и правилен подвиг да го достигнат блаженството на чистите по срце – зашто тие Бог ќе Го видат, односно за оние што сакаат да го достигнат блаженството на миротворците – зашто тие ќе се наречат синови Божји. А таквите сѐ уште постојат. Да Му благодариме на Господ.

## Содржина


Предисловие: „Престолот на умот е во срцето“ проф. д-р Венко Андоновски I-XXII

Наместо вовед 27

Монашки синаксис 33

За оние што уште не знаат и за оние што не би се осмелиле да порекнат 35

Како да го одредиме степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме 38

Духовни водачи или духовно водени 41

Слепи при очи 44

Христијанската душа треба да биде како Богородица 46

И никако поинаку... 47

Опустениот пат 48

А друг пат – нема 50

Нема послушание на вториот степен 51

Тој просто си тера... 52

Да внимаваме, да не станеме и богоборци 54

Наместо топла кашичка 57

Крај, ама недостижен 61

Противприроден или
кон природен начин на живот 63

По зборовите свои... 66

Прелест 67

Греда и раска 69

Отец, сакам да застанам на сопствени нозе 71

Зошто пишувам? 73

Среќа 75

Покајание 78

Да се биде, и да се има 80

Предрасуда 82

Разграничување заради восогласување 85

Подобро... 87

Кој е во малку неверен, и во многу ќе биде 88

Тоа што си го приготвил, кому ќе остане? 90

| | |
|---|---|
| Сомнеж | 94 |
| Ние не сме посебни, ние сме последни | 96 |
| Нема причест – нема христијанство | 98 |
| Огнот што требаше да се распали... | 102 |
| Будник | 104 |
| Својствата на лагата | 106 |
| Расудување | 108 |
| Последното место | 111 |
| Игра на среќа или благослов? | 112 |
| Маскирање | 114 |
| Секој суди според себе | 115 |
| „И во темнина оди,<br>а не знае ни каде оди“ | 120 |
| Вистинско сведоштво | 122 |
| Исцелително свештенство | 124 |
| Избор на учинковен достшрел | 125 |
| Антиномичноста на заедницата | 127 |

| | |
|---|---|
| Дали навистина искушенијата не ги надминуваат нашите сили? (општ, прв дел) | 129 |
| Дали навистина искушенијата не ги надминуваат нашите сили? (посебен, втор дел) | 131 |
| Дали навистина искушенијата не ги надминуваат нашите сили? (посебен, трет дел) | 134 |
| Страдав, без Него, и не ми помогнавте | 137 |
| ...Ни смртта, ни животот... | 140 |
| Патот кон совршенството | 142 |
| Крст со смисла или бесмислен крст | 147 |
| Пост на умот | 150 |
| Епископот | 152 |
| Посебни денови | 154 |
| Сакаме или не сакаме? | 155 |
| Кратко потсетување и вреднување | 156 |
| Јас сум, Кој зборувам со тебе | 159 |
| Прифаќање | 162 |
| Потпис | 164 |
| Освестеност или неприсвесност | 166 |

Послушни сме или не, и толку 170

„Кажи само збор“ 172

„Со слабоста своја ќе се пофалам“ 174

Поука 176

Жива вера 177

Созерцание 179

„Ниеден војник не се вплеткува
во световни работи...“ 181

Светлина во темнината 185

Светлина од светлината 187

Тајната на првата светлина 188

Искушението на разумот 190

Преобразување на разумот 192

Зошто и најнеуките луѓе професионално
напредуваат во својата должност,
а ние, христијаните – не? 195

За двете функции на умот 198

Конкретно покајание 202

Надминување на дуализмот 205

| | |
|---|---|
| Внатрешен критериум | 208 |
| Љубов во слобода и слобода во љубов | 210 |
| Вечен дијалог меѓу Несоздаденото и создаденото, во Богочовекот Исус Христос | 212 |
| Како Бог нè казнува | 215 |
| Интересни верници | 218 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

27:1
133.9

НАУМ, митрополит струмички
Надминување на дуализмот /
Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2014.
- XXII, 220 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

Фусноти кон предговорот.
- Престолот на умот е во срцето / Венко Андоновски:
стр. I-XXII

ISBN 978 - 9989 - 893 - 21 - 6

а) Христијанска етика - Спиритуалност
б) Духовен развој - Спиритуалност

COBISS.MK-ID 97737738

**Печати:**
„Европа 92“ - Кочани

На корицата: контури од мозаик од манастирот
на Христос Спасителот во Хора, 14 век, Константинопол

Орнаментот користен во воведот на книгата е ѕвездата на
Пресвета Богородица од иконата Благовештение, 14 век,
Охридска галерија на икони